УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

# МОНЕТИТЕ И НИВНАТА УПОТРЕБА ВО ГОРНА МАКЕДОНИЈА ОД 6 ДО 3 ВЕК ПРЕД ХРИСТА

докторска дисертација

кандидат:
м-р Ефтимија Павловска

ментор:
акад. Вера Битракова Грозданова

Скопје 2016

**СОДРЖИНА**


УВОД ........................................................................................ 4

I ГОРНА МАКЕДОНИЈА ОД 6 ДО 3 ВЕК ПРЕД ХРИСТА ........................ 13

1. Граници и географска поделба ............................................ 13

2. Историско-политички збиднувања ......................................... 16

2.1. Пајонија и пајонските племиња пред персиската доминација на Балканот (513 – 480/479) ......................... 16

2.2. Пајонското Кралство ...................................................... 18

2.3. Македонското Кралство на Аргеадите од крајот на 6 до почетокот на 3 век пред Христа ..................................... 23

II МОНЕТОКОВАЊЕТО ВО ГОРНА МАКЕДОНИЈА И ВО НЕПОСРЕДНОТО СОСЕДСТВО ................................................... 31

1. Племенско монетоковање ................................................... 31

2. Монетоковањето во Кралството Пајонија ............................... 36

3. Монетоковањето на ковницата во Дамастиј ........................... 46

4. Монетоковањето на Аргеадите ............................................. 49

4.1. Кралското монетоковање во раниот период: 498 - 359 година пред Христа ...................................................... 49

Александар I Филхелен (498-454) ................................... 49

Пердика II (454-413) ...................................................... 51

Архелај (413-399) .......................................................... 53

Аероп II (396-393) .......................................................... 55

Павсанија (393 - 392) и Аминта II Малиот (393) .............. 55

Аминта III (392-370) ....................................................... 57

Александар II (369-368) .................................................. 57

Пердика III (365-359) ..................................................... 58

4.2. Кралското монетоковање во периодот од 359 - 297 година пред Христа ................................................................ 59

Филип II (359-336) ......................................................... 59

Александар Велики (336-323) ......................................... 62

Филип III Аридај (323-317) ............................................. 66

Касандар (319-297) ........................................................ 67

III МОНЕТИТЕ И НИВНАТА УПОТРЕБА ВО ГОРНА МАКЕДОНИЈА ОД 6

ДО 3 ВЕК ПРЕД ХРИСТА ........................................................... 68
1. Наоди на пари во Горна Македонија ..................................... 68
1.1. Остави ........................................................................... 69
1.2. Поединечни наоди ......................................................... 92
1.2.1. Пајонски племиња ..................................................... 92
1.2.2. Пајонско Кралство ..................................................... 94
1.2.3. Пајонско соседство ..................................................... 99
1.2.4. Кралството на Аргеадите ............................................ 101
2. Обрасци на парична циркулација во Горна Македонија .......... 116
IV ЗАВРШНИ РАЗГЛЕДУВАЊА ......................................................... 123
V КАТАЛОГ ........................................................................................ 130
АНТИЧКИ ИЗВОРИ ........................................................................... 308
БИБЛИОГРАФИЈА ........................................................................... 310
ТАБЛИ .............................................................................................. 319

# УВОД

Античка Македонија, географски поделена на Долна и на Горна, во минатото претставувала територија на која се развивале различни културни, етнички, но и државни целини. Во научната литература тие биле третирани од повеќе аспекти, постојано предизвикувајќи интерес и истражувачка возбуда кај проучувачите од соодветните дисциплини.

Ова, по својата природа нумизматичко истражување, е фокусирано на географската територија Горна Македонија, во периодот помеѓу 6 и 3 век пред Христа, која во себе инкорпорира неколку различни области – Тимфаја, Параваја, Дасаретида, Орестида, Линкестида, Парорберлија, Синтика, Одомантика, како и Пелагонија и Дериоп, кои пак, политички, биле составен дел од Пајонија. Всушност, истражувањето коешто ќе биде проследено во рамките на денешна Р Македонија, ги опфаќа територијата на Пајонското Кралство (Пајонија, Пелагонија, Девриоп), како и областите Дасаретида и Линкестида.

Ќе биде направен осврт на паричната продукција која го вклучува монетоковањето на пајонските племиња, пајонското кралско монетоковање, како и монетоковањето на градовите од пајонското соседство (Дамастиј и Пелагија). Сепак акцентот ќе биде ставен на македонското кралско монетоковање во времето на династијата на Аргеадите (Александар I Филхелен - Филип III Аридај), со историски осврт и со детално третирање на паричните изданија на овие кралеви. Ќе биде направен и осврт на изданијата на Касандар (319-297), иако тој не бил припадник на оваа династија, но бил оженет со една од ќерките на Филип II, Тесалоника. Главната цел на тезата е да се утврдат нивото и целите на употребата на пари на географска Горна Македонија, преку согледување на обрасците на циркулација и на паралелна употреба на спомenатите парични изданија на оваа територија.

Ќе се анализираат соодветните монети откриени на територијата на Горна Македонија, секако со главен фокус врз наодите на пари во рамките на денешна Р Македонија. Преку разгледувањата на прашањата за циркулација на овие пари и на нивната концентрација во одделни региони, ќе бидат утврдени и границите на географската дистрибуција со цел да се има увид во феноменот на паралелна употреба на пари на неколку одделни политички ентитети. Тоа,

истовремено ќе претставува увод во проучувањето на функцијата на парите, односно нивната употреба во економски, даночни и ритуални цели. Покрај тоа, ќе бидат анализирани и иконографските претстави на монетите, во очекување дека тоа ќе ги прошири постоечките знаења за религиозните уверувања и практикуваните култови во тогашното општество, но воедно и ќе ги расветли аспектите на тогашната политичка пропаганда.

По однос, пак, на временските граници, станува збор за еден широк период кој во себе ги инкорпорира крајот на архајскиот, раноантичкиот, класичниот, а делумно и на хеленистичкиот период од античката историја. *Долна* граница е 6 век пред Христа кога се одиграле важни општествено-политички настани кај локалните пајонски племиња, кои предизвикале промени во нивната материјална и духовна култура и рано започнување на монетовничка активност кај нив. За *горна* временска граница е назначен 3 век пред Христа, периодот во кој се заокружува владеењето на првата македонска кралска династија Аргеади.

Корпусот на анализирани монети го сочинуваат достапните примероци (поединечни наоди и остави) од јавните збирки во Република Македонија, пред сè, оние коишто се веќе објавени, иако постои и мал дел на необјавени примероци. Главнината ја сочинуваат изданијата од Збирката на Музејот на НБРМ, коишто вообичаено се без податоци за местото на нивното откривање, за жал. Според бројност следуваат примероците од Збирката на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп, како и од Збирката на Филозофскиот факултет во Скопје. Вклучени се и примероци од: НУ Завод и Музеј - Охрид, откриени при археолошките ископувања на Самуиловата тврдина; ЛУ Народен музеј – Велес; НУ Стоби; НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип. Публикуваните изданија на пари од археолошкиот локалитет Голем Град во Преспа; НУ Археолошки музеј на Македонија; од Збирката на Охридска банка и дел од некогашната Колекција Шелдаров, се исто така дел од анализираниот корпус на монети.

* * *

Интересот за античката нумизматика кај истражувачите се појавил уште при крајот на 19 век, но посериозните дела од оваа област започале во почетокот и во првата половина на 20 век, со поголем интензитет во втората

половина на векот. Монетоковањето на македонските кралеви, пак, е веројатно едно од најпроучуваните од областа на античката нумизматика и сè уште предизвикува голем интерес и истражувачка возбуда.

Од референтните каталози на монети, за периодот од крајот на 19 и од почетокот на 20 век, значајно е да се спомене пионерското дело на Баркли Хед, којшто прво го објавил каталогот на грчката збирка монети во Британскиот Музеј - B. V. Head, *British Museum Catalogue of Greek Coins: Macedonia, etc.* (1879), каде што се застапени монетите на македонските и на пајонските кралеви, како и изданијата на т. н. трако-македонски (пајонски) племиња, а потоа и делото *Historia Nummorum - A Manual of Greek Numismatics* (1911). Потоа следи трудот на Николај Мушмов, *Античните монети на Балканския полуостровъ и монетите на българските царе* (1912), каде што се каталогизирани и монети на македонските и на пајонските кралеви. Монетоковањето во пајонското соседство пак, е презентирано во значајното дело на Џон Меј од 1939 година - J. M. F. May, The Coinage of Damastion and the Lesser Coinages of the Illyro-Paeonian Region. Од областа на племенското монетоковање, пак, од големо значење е делото на Јоанис Своронос (J. N. Svoronos, *L'hellénisme primitif de la Macédoine prouvé par la Numismatique et l'or du Pangée* (1919)). Сепак, најголем придонес во овој период има Хуго Геблер - H. Gaebler, *Die Antiken Münzen Nord-Griechenlands,* Band III: *Makedonia und Paionia,* прв дел (1906), и особено вториот дел (1935).

Со востановувањето на истражувачкиот проект *Sylloge Nummorum Graecorum* (Збирка на грчки пари) на Британската Академија во 1931 година, чија примарна цела била што поголемо количество материјал да стане достапен за проучување, започнало објавувањето на илустрирани каталози на т.н. грчки монети од јавните и од приватните збирки во Британија. Подоцна проектот бил широко прифатен и од други држави, вклучувајќи ги Данска, Франција, Германија, Грција, Израел, Шведска, Швајцарија, САД. Така, во рамки на проектот *Sylloge Nummorum Graecorum (SNG),* се облеоденети и повеќе значајни светски колекции кои поседуваат кралски македонски и пајонски монети, како и племенски изданија на пари:

- <u>SNG UK:</u>

  III. SNG Lockett. The Lockett Collection:
  Part 3: Macedonia - Aegina (злато и сребро). 1942.

IV. SNG Fitzwilliam. Cambridge. Fitzwilliam Museum. Leake and General Collections: Part 3: Macedonia - Acarnania (Anactorium). 1951.

V. SNG Ashmolean. Oxford. The Ashmolean Museum:

Part 3: Macedonia. 1976 (без бронза).

Part 4: Paeonia - Thessaly. 1981.

- <u>SNG Denmark</u>

  - SNG Cop. Copenhagen. The Royal Collection of Coins and Medals. Danish National Museum:

  Part 6: Thrace 1: The Tauric Chersonese-Thrace (Mesembria). 1942.

  Part 7: Thrace 2: Odessus - Sestos. Islands. Kings and Dynasts. 1943.

  Part 8: Macedonia 1: Acanthus - Uranopolis. Dynasts. 1943

  Part 9: Macedonia 2: Alexander I - Alexander III. 1943.

  Part 10: Macedonia 3: Philip III - Philip VI. Macedonia under the Romans. Kings of Paeonia. 1943.

- <u>SNG Deutschland</u>

  - SNG München. Munich. Staatliche Münzsammlung:

  Part 10/11: Makedonien – Könige. 2001.

- <u>SNG USA</u>

  - SNG Berry. The Burton Y. Berry Collection:

  Part 1: Macedonia to Attica. 1961. (злато и сребро).

  - SNG ANS. New York. The Collection of the American Numismatic Society:

  Part 7: Macedonia 1 (Cities, Thraco-Macedonian Tribes, Paeonian kings). 1987.

  Part 8: Macedonia 2 (Alexander I-Philip II). 1994.

- <u>SNG Österreich</u>

  - SNG Dreer. Klagenfurt. Landesmuseum für Kärnten. Sammlung Dreer:

  Part 3: Thracien - Macedonien - Päonien. 1990.

- <u>SNG Greece</u>

  1. SNG Evelpidis. Athens. Collection Réna H. Evelpidis. Athène:

  Part 2: Macédoine - Thessalie - Illyrie - Épire – Corcyre. 1975.

  2. SNG Alpha Bank I. The Alpha Bank Collection, Athens:

  Macedonia I. Alexander I – Perseus. 2000. A4.

  4. SNG Saroglos. Numismatic Museum, Athens. The Petros Z. Saroglos Collection:

  Volume I: Macedonia [Kings of Macedonia]. 2005.

- SNG Italia

  VI.Macedonia – Thracia:

  Part 1: Macedonia greca, Paeonia, Emisssioni di area celtica. 1999.

Покрај референтните каталози, постојат и голем број монографски трудови кои се однесуваат на одредена проблематика. Така, за раното македонското кралско монетоковање, на Александар I и на Пердика II, сè уште е актуелна студијата на д-р Дорис Рејмонд издадена во 1953 година (D. Raymond, *Macedonian Regal Coinage to 413 B.C.*). За наредниот период во кралското монетоковање 413 -359 г. пр. н. е., значјни се статиите на д-р Ула Вестермарк, едната од 1989 година (U. Westermark, 'Remarks on the Regal Macedonian coinage ca. 413-359 B.C.' во *Kraay - Mørkholm Essays*. Numismatic Studies in Memory of C. M. Kraay and O. Mørkholm), а другата од 1993 година (U. Westermark, 'The staters of Archelaus. A die study', во *Essays in Honour of Robert Carson and Kenneth Jenkins*). За сребреното и за златното монетоковање на Филип II, значајна е фундаменталната студија на д-р Жорж ле Ридер (G. Le Rider, *Le monnayage d'argent et d'or de Philippe II frappe en Macédoine de 359 à 294*, (1977)). Обемното монетоковање на Александар Велики, пак, претставува едно од најпроучуваните во светската нумизматика и бројни книги и одделни статии се напишани, кои третираат специфична проблематика. Сепак појавата на монументалното дело на д-р Мартин Прајс во 1991 година (M. J. Price*, The Coinage in the Name of Alexander the Great and Philip Arrhidaeus*), овозможи да се добие појасна слика за неговото монетоковање. Студјата опфаќа повеќе од 4000 примероци (златни, сребрени, бронзени), ковани не само од Александар Велики, туку и од неговиот полубрат Филип Аридај, а мал дел и од Лисимах. Значајна е и студијата на д-р Хила Троксел – H. A. Troxell, *Studies in the Macedonian Coinage of Alexander the Great*. Numismatic Studies 21. ANS (1997), која нуди нова датација на изданијата на Александар Велики произлезени од македонските ковници.

Во Македонија, пак, поактивни истражувања од областа на античката нумизматика започнале дури во втората половина на 20 век. Откривањето на оставата од с. Прилепец кај Прилеп, а потоа и нејзиното објавување во 1958 година од страна на д-р Душанка Вучковиќ-Тодоровиќ (D. Vučković-Todorović, „Ostava grčkog novca iz s. Prilepec kod Prilepa", *Glasnik na Muzejsko-konzervatorsko društvo na NR Makedonija* 12), било особено значајно за македонската нумизматика. Вучковиќ-Тодоровиќ дала свој придонес и во областа на

пајонската нумизматика (Д. Вучковиħ-Тодоровиħ, „Прилог познавању новаца пеонских владара", *Старинар*, бр. 24-25 (1975)), исто така, каталогизирајќи неколку примероци на пајонски пари од музејските збирки на Македонија. Сепак, меѓу првите македонски проучувачи на античката нумизматика била д-р Викторија Соколовска („Од нумизматичката збирка на Археолошкиот музеј во Скопје", *Зборник на Археолошкиот музеј*), објавувајќи ги во 1966 година примероците на монети (македонски и пајонски) коишто ги поседувала Нумизматичката збирка на Археолошкиот музеј во Скопје. Секако треба да се споменат и истражувањата на проф. д-р Иван Микулчиќ, којшто во својот труд „Една нова остава на тетрадрахми и преглед на монетните наоди од 5-2 в. на ст. е. во Македонија", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, бр. 24-25 (1973), за прв пат прави обид да се лоцираат наодите на монети по региони, но и хронолошки. Од големо значење е и објавувањето на докторската дисертација (одбранета 1984 година) на акад. Вера Битракова – Грозданова, монографијата *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија* (1987), каде што во посебно поглавје се анализирани изданијата на пари откриени на почвата на Македонија во предримскиот период, меѓу кои секако и примероци на монети, кои се предмет на интерес на овој докторски труд. Акад. Вера Битракова – Грозданова, воедно е и една од првите македонски истражувачи кои се занимавале со античка нумизматика и во нејзиниот труд „Монетите од античкиот период во збирката на Народниот музеј Охрид", Лихнид V, Охрид (1983), дава преглед на состојбата во Охридскиот музеј до 1970 година. Состојбата, пак во Прилепскиот музеј, во врска со изданијата на античките македонски кралски монети, ја отсликува Костадин Кепески во трудот „Монети на македонските кралеви во Збирката на Прилепскиот музеј", МАА 7-8 (1987), каде што прецизно се каталогизирани сите примероци, заедно со нивното место на откривање. Опфаќајќи широк временски период, Даница Размовска Бачевска направила обид каталошки да ги претстави наодите на пари од Југозападна Македонија, во публикацијата *Нумизматички наоди од Југозападнот дел на Република Македонија од 5 век пр.н.е. до 14 век* (2002), воглавно од музеите во Битола и во Охрид.

Во последните речиси две децении, во Република Македонија се публикувни и каталози на неколку приватни и јавни збирки коишто содржат примероци на пајонски и на македонски антички монети. Пред сѐ, треба да се спомене богатата колекција на Музејот на НБРМ, почнувајќи од првата

публикација на оваа институција, *Нумизматичка збирка на НБРМ*, Јован Кондијанов (уредник) (1999), за камерната поставка во Кабинетот на гувернерот на НБРМ, а потоа и каталогот на првобитната постојана музејска поставка *Македонија: парите и историјата*, Катерина Христовска (уредник) (2002). Следува каталогот на Никола Шелдаров, *Македонија и Пајонија* (2003), на, сега веќе, поранешната Колекција Шелдаров, бидејќи речиси сите примероци од оваа збирка се отуѓени и во најголем број се дел од Збирката на Музејот на НБРМ, додека помал број се дел од Збирката на Охридска банка. Колекцијата на Охридска банка од Охрид е публикувана во 2006 година (*Монети од Колекцијата на Охридска банка*, Цветан Грозданов *et al.* (уредници)). Музејот на НБРМ ја поседува и најголемата јавна збирка на пајонски пари, којашто беше објавена во посебно издание во 2008 година (Е. Павловска, *Монетите на Пајонија од Нумизматичката збирка на НБРМ*). Во составот на таа публикација се каталошки презентирани вкупно 238 примероци на пари, а постои и дел со историски осврт и со коментар за монетите. Филозофскиот факултет во Скопје поседува мала, но значајна збирка на монети (ca. 300 примероци), која беше презентирана во необјавената магистерска теза на Славчо Атанасовски, *Монетите на македонските кралеви од Збирката на Филозофскиот факултет во Скопје* (одбранета 2014 година). Во посебни изданија се публикувани и наоди на монети од археолошките ископувања, исто така (Б. Хусеновски, *Антички монети од Вардарски рид* (2004); В. Битраков-Грозданова, Голем град Преспа II (2015)).

Во однос на пајонското монетоковање, пак, посебно е значајна монографијата на д-р Елеонора Петрова, *Пајонија во II и I милениум пр. н. е.* (1999), бидејќи претставува обемен труд во кој, освен историските и други податоци, детално е претставено и обработено пајонското монетоковање, коешто подоцна, заедно со племенското монетоковање е повторно презентирано во статијата „Ковањето пари на пајонските племенски организации и пајонските кралеви (6 - 3 в. пр. н. е.)" во *Монетите и монетоковниците во Македонија* (2001), на истата авторка.

Различни аспекти на пајонската, но и на античката македонска нумизматика се третирани и во повеќе статии на македонските истражувачи, кои се појавија исто така во последните децении. Значајно е да се спомената трудовите на В. Соколовска, која се осврнува на монетковањето на Агријаните и проблематиката за Дамастион - „Пајонското племе Агријани и врските со

Дамастион", МАА 11 (1990) и 'The Coinage of Agrianes', MNJ 2 (1996). Авторката, исто така, се занимава и со сончевата символика на пајонските племенски монети („Сончеви символи на пајонските монети"), а за племенското монетоковање на Дероните пишувал и Перо Јосифовски („The Beginnings of Minting Among the Paeonians (Derrones)", *FAB* I (2006)). Пајонски и дамастионски примероци на пари се презентирани и од Даница Размовска Бачевска, „Парите на Пајонците и Дамастион (6-3 век пр. н.е.). Од Нумизматичката збирка на Охридска банка и приватни колекции", *FAB* I (2006). Презентирани и дискутирани се уникатни (Тевтај, Ликеј) и ретки монети (Тевтамад) во статиите на д-р Виктор Лилчиќ и Перо Јосифовски, „Сребрен диобол на пајонскиот владетел ΤΕΥΤΑΟ(Σ)", МНГ 1 (1994); Е. Петрова и В. Лилчиќ, „Непознат сребрен тетробол на пајонскиот крал Ликеј", *Македонско наследство* 5 (1997); Е. Павловска, „Тетрадрахма на Тевтамад - непознат пајонски (?) владетел", МАА 19 (2010). Дискутирано е и прашањето за монетите со натпис ΠΑΙΟΝΩΝ, за кои е прифатено мислењето дека се на последниот пајонски крал Дропион, почнувајќи со трудот на Никола Шелдаров и на Виктор Лилчиќ („Monete s natpisom ΠΑΙΟΝΩΝ". *Numizmatičke vijesti* 1 (45) (1992)); Перо Јосифовски ('Coins with ΠΑΙ◦ΝΩΝ Inscription from the Collection of the National Bank of the Republic of Macedonia', *MNJ* 4 (2000)); Елеонора Петрова, „Два претпоставени примероци на кралот Дропион од Музејот на Македонија", *МНГ* 1 (1994). Ванчо Милошевски, пак, презентира една интересна прекована монета од страна на Дропион ('The Coin of Antigonus Gonatas Reminted by King Dropion', Macedonian Heritage 26 (2005)), а Никола Шелдаров го дискутира монетоковњето на Леонт и поделбата во три деноминации ('New Information on Paeonian Numismatics', Macedonian Heritage 21 (2004)). Монетоковањето на последните пајонски кралеви, со соодветни метролошки и типолошки анализи, е детално проследено од страна на Ефтимија Павловска ('The Coinage of the Paeonian Kings Leon and Dropion' во Proceedings of the XIVth International Numismatic Congress, Glasgow 2009 (2011)).

Неколку трудови се посветени на збирните наоди на монети (пајонски и македонски) откриени во Р Македонија. Така, Ѓорѓи Петачки во 1994 година ја објавил оставата од с. Фурка („Хеленистички колективен наод со тетрадрахми од с. Фурка-Гевгелија); Ефтимија Павловска, во неколку статии презентира и детално аналаизира и дискутира остави коишто се дел од Збирката на Музејот на НБРМ ('A Part of a Hoard of Tetrobols from the Numismatic Collection of the NBRM', *FAB* I (2006); 'A Coin Hoard of the Paeonian King Lycceius', ΗΡΑΚΛΕΟΥΣ

ΣΩΤΗΡΟΣ ΘΑΣΙΩΝ. Collection of Essays in Honour of Ilya Prokopov (2013); 'Gold Staters Coin Hoard from Skopje Region' (во печат), 'A Part of a Rare 'Paeonian' Hoard from Macedonia' (во печат)).

Виктор Лилчиќ, пак, во 2001 година, направил осврт на наодите на монети на македонските кралеви (поединечни и остави) откриени во Р Македонија, со неколку хронолошки нумизматички карти („Наоди на монети на македонските владетели на територијата на Република Македонија", во *Монетите и монетоковниците во Македонија*).

# I ГОРНА МАКЕДОНИЈА ОД 6 ДО 3 ВЕК ПРЕД ХРИСТА

## 1. Граници и географска поделба

Античка Македонија, сместена во централниот дел на Балканскиот полуостров, опфаќала широка географска територија, а нејзините граници биле определени според етничката и јазичната специфичност. Така, на југ, брегот на Егејското море, северните падини на Олимп и р. Пенеј (Пенча), биле природната граница која ја одделувала од хеленската територија. Понатаму, на југозапад, границата доспевала до планината Пинд (тромеѓе помеѓу Македонија, Епир и Тесалија), од каде што почнувала нејзината западна граница; таа се движела по денешните планини од Шарпланинскиот масив - Јабланица, Кораб и Дешат, сè до Шар Планина (Скард) - тормеѓето помеѓу Македонија, Илирија и Дарданија. Потоа, границата на север се спуштала низ падините на Јакупица, поминувала помеѓу денешните градови Скопје и Велес, па преку долината на реката Пчиња, излегувала на Осоговските Планини, сè до планината Рила. Источната граница се движела од Пирин Планина, сè до вливот на реката Нест (денешна Места) во Егејското Море.[1]

Географската дистинкција на територијата на античка Македонија, на Долна и на Горна, била направена во делата на античките автори. Тие пишувајќи за неа, нејзиниот приморскиот дел го нарекувале Долна Македонија, додека, планинскиот, во нејзината внатрешност, Горна Македонија.

Областите во Долна Македонија се јасно утврдени од излагањето на Тукидид во врска со нападот на Ситалк врз Пердика II (454-413) во 429 година пр. Хр. Тој ги набројува областите на Долна Македонија со која владеел Пердика, области кои претходно биле освоени од неговиот татко Александар I (498-454) и од неговите предци, Темендите од Арг. Таа Македонија која се простирала до морскиот брег, ги вклучувала Пиерија, Ботиаја, делот на Пајонија околу долен Аксиј, сè до Пела и до морето (подоцна Амфакситида), потоа Мигдонија, Еордаја, Алмопија, Антемунт, Крестонија и Бисалтија.[2] Некои

---

[1] Прева 2004, 7-8; Шукарова 2013, 493.

[2] Thuk. II,99; види и Папазоглу 1957, 97-166; Бисалтија ја сместува во Источна Македонија, 263-272.

современи автори покрај споменатите, во Долна Македонија ги вбројуваат и Пиерида, Едонида, Крусида, Ботика, како и целиот поуостров Халкидик, кој во времето на Филип II станал дел од античката македонска држава; областите Крестонија (Грестонија) и Крусида, пак, подоцна влегле во составот на Амфакстида, чијшто назив е од подоцнежо време.[3] Други пак, користат и назив Источна Македонија, каде што ги сместуваат и некои од споменатите области, како што се Бисалтија, Едонида, Пиерида.[4]

Географската територија Горна Македонија, исто така, опфаќала повеќе области. Херодот раскажувајќи за предците на Александар I, за населувањето на Темендите, како и за востановувањето на власта во Македонија, за прв пат го употребил терминот Горна Македонија.[5] Тукидид и Страбон имаат повеќе податоци за областите коишто влегувале во составот на Горна Македонија. Така, Тукидид опишувајќи го споменатиот поход на Ситалк, како горно-македонски племиња ги спомнал Линкестите и Елимејците, и останатите племиња, коишто не се именувани.[6] И Страбон е согласен за припадноста на Линкестите и на Елимејците, односно областите Линкестида и Елимеја во Горна Македонија, со тоа што тој ги додал и Орестида и Пелагонија во нејзиниот состав.[7]

Во поново време, различни автори, различно ги распределуваат горно-македонските области. Според д-р Фанула Папазоглу, областите Елимеја, Линкестида, Орестида, Пелагонија, Дериоп, Тимфаја и Параваја, ја сочинувале Горна Македонија.[8] Додека според најновите истаржувања, покрај овие области и Дасаретида, Пајонија, Пароpбелија, Синтика и Одомантика се вклучени во нејзиниот состав.[9]

---

[3] Проева 2004, 10-13; Шукарова 2013, 493.

[4] Папазоглу 1957, 258-302, во Источна Македонија се вброени и Пароpбелија, Синтика и Одомнтика; Халкидик е третиран како посебна целина, 303 -308.

[5] Her. VIII, 137-139.

[6] Thuk. II, 99.

[7] Strab. VIII, 326 (според  Папзоглу 1957, 169, заб. 9)

[8] Папазоглу 1957, 167-230.

[9] Проева 2004, 15; Шукарова 2013, 495; Папазоглу 1957, 224-230, ја издвојува Дасаретида како посебна илирска област која влегувала во т.н. македонска Илирија, в. и стр. 168; Пароpбелија, Синтика и Одомантика ги вбројува во Источна Македонија (заб. 4); Пајонија, односно Источна Пајонија ја третира исто така како посебна целина, в. стр. 231-256.

Почнувајќи со источните области во Горна Македонија, Одомантика се наоѓала северно од Пангајските Планини, а источно од реката Стримон (Струма), додека пак по средниот тек на оваа река се протегала Синтика. Западно од Стримон, а јужно од планината Орбел (ден. Беласица) и од Демиркаписката Клисура се наоѓала Парорбелија.

По горниот и по средниот тек на реката Аксиј (Вардар), од Таорската клисура на север, до Демир Капија на југ, била распространета Пајонија. Сепак, територијата на Пајонија, претставувала посебна етничка и географска целина, но, како политичка целина, заедно со Пелагонија и со Дериоп влегувала во составот на Пајонското Кралство (в. подолу). Таа многу подоцна станала дел од Македонија.

Пелагонија го опфаќала северниот дел на денешната пелагониска низина, а Линкестида, нејзиниот јужен дел. Дериоп, пак, била областа по горниот тек на реката Еригон (Црна). Дасаретида се наоѓала северно од Епир и граничела со Дарданците, т.е. во денешниот Струшко – Охридски Регион, Полог и Кичевската Котлина.

Орестида се наоѓала по горниот тек на реката Халијакмон (Бистрица) и во регионот на Костурското и на Преспанското Езеро. По средниот тек на Халијакмон лежела областа Елимеја, која на север граничела со Еордаја, на исток со Пиерида, а на запад со Орестида, со Тимфаја и со Параваја. На границата со Епир, а на северните падини на Пинд се наоѓале Тимфаја и Параваја, најјужните обалсти во Горна Македонија.[10]

Денешна Република Македонија, од горно-македонските области, во својот состав ги опфаќа Дасаретида и Линкестида, како и територијата на Пајонското Кралство, односно областите Пајонија, Пелагонија и Дериоп.[11]

---

[10] Подетално за горно-македонските области, в. Проева 2004, 15-16; Шукарова 2013, 495-496.

[11] Микулчиќ 1999, 37-184, пружа детален преглед на античките градови во овие области, на кој  му претходи кус историски и осврт за богатите рударски ресурси; за Линкестида и Девриоп, в. и Лилчиќ 2009.

# 2. Историско-политички збиднувања

## 2.1. Пајонија и пајонските племиња пред персиската доминација на Балканот (513 – 480/479)

Древниот пајонски народ уште во доцното бронзено време населувал широк географски ареал во рамките на Балканскиот Полустров; всушност и пред доаѓањето на Македонците, тие ја населувале територијата на Античка Македонија. Пајонската популација била составена од различни племенски заедници, така што во периодот на нивната најголема експанзија, пред персиската доминација на Балканот (513-480/479), Пајонија се простирала по целото течение на р. Аксиј (Вардар), до р. Стримон (Струма) на исток и до Пелагонија на запад; на север, пак до изворите на Стримон, а на југ до морскиот брег.

Овие податоци за Пајонците се поткрепени од ретките записи на античките автори, почнувајќи со Хомер (8 век пр. Хр.). Тој во неговата „Илијада" пее за Пајонците, сојузници на Тројанците. Хомер спомнува војски на две пајонски племиња, предводени од двајца пајонски јунаци – едната од Пирајхме, од градот Амидон, на широкиот Аксиј[12]; другата од Астеропај, син на Пелегон (епоним на Пелагонците), а внук на речниот бог Аксиј, од „далечната и плодна земја Пајонија"[13]. Очигледна е поврзаноста на Пајонците со Пелагонците; односно во времето на Тројанската војна јасно е дека постоеле две пајонски племиња – од долниот и од средниот тек на Аксиј (Пелагонија).

На крајот на 6 век пр. н. е., во периодот на персиското навлегување на европска почва (513 г. пр. Хр.),[14] Пајонците сè уште ја населувале територијата по текот на Аксиј, до Стримон (Струма) и Пангајската област.[15] Тогаш започнале поголеми промени и настанало постепено губење на пајонските територии за сметка на Аргеадите од една страна, а од друга страна и неколку пајонски племиња биле покорени и иселени во Азија од страна на Персијците, како што

[12] Илијада, II.848-850; XVI.284-293.

[13] Илијада, XXI.139-160.

[14] Со покорувањето на градот Перинт (Херодот, V.1), Персијците навлегле во Европа.

[15] Планина меѓу реките Струма (Стримон) и Места (Нест).

раскажува Херодот.[16] Тукидид ја забележал во своите записи Аргеадската експанизија на пајонска територија на исток; набројувајќи ги областите кои им припаѓале на Македонците за време на Пердика II (454 - 413), укажува дека тие го држат тесниот појас до Аксиј кој некогаш ѝ припаѓал на Пајонија, кој, пак, се протегал од внатрешноста сè до Пела и до морскиот брег.[17] И географот Страбон, исто така, кажува дека во минатото голем дел од Македонија бил пајонски и потврдува дека Пајонците биле населени во долномакедонските области, т.е. во Амфакситида (околу Аксиј), Крестонија и во Мигдонија, како и дека во минатото Пајонија се простирала од Пелагонија, па сè до Пиерија и до Стримон, којшто, како и Аксиј, извира од пајонска територија, односно од земјата на Агријаните, кои живеат околу Родопите. Овие планини ја разделуваат од Тракија на исток, додека на север се граничи со земјите на Автаријатите, Дарданците и на Ардијајите, а на југ со Македонците.[18] И Тукидид ги спомнува Агријаните населени по горнот тек на Стримон, заедно со Лајајите и останатите пајонски племиња населени на истиот простор, коишто во време на походот на Ситалк против Пердика II, во 429 година пр. Хр. биле во составот Одриското Кралство на Ситалк, претставувајќи и негова крајна граница, маркирана со самата река Стримон на запад, каде што Тукидид ги лоцира независните Пајонци.[19] Не може со сигурност да се тврди кои биле независните Пајонци, но може да се претпостави дека станува збор за пајонското племе Дерони,[20] кои не се спомнуваат во пишаните извори, но наодите на пари со легенда која го носи нивното име, потврдуваат дека тие постоеле. Врз основа на наодите на нивни монети, со ниски номинални вредности, во источниот дел на Р Македонија, се смета дека таа територија се поклопува со територијата што ја спомнува Тукидид.

Областите западно од средниот тек на Аксиј – Пелагонија и Девриоп, ги спомнува и Тит Ливиј коишто тој ги наведува како пајонски, а ја спомнува и

---

[16] Херодот, V.1, ги спомнува Сиропајонците, Пајоплите и останатите Пајонци коишто живееле во близина на езерото Прасијада; Херодот ги спомнува и оние на самото езеро, како и Доберите, Агријаните и Одомантите, населени околу планината Пангај, кои воопшто не биле покорени (V.16).

[17] Тукидид, II.99.4

[18] Strabo, VII, frgs. 4, 11, 36-38, 41.

[19] Тукидид, II.96.

[20] Петрова, 1999, 7; в. и Svoronos 1919, 20, ги лоцира Дероните кај Дојран; *HM* 2, 75, Хамонд околу Штип и Кратово.

реката Еригон (Црна), чиишто извори се во Илирија, но тече низ Пајонија, па се влева во Аксиј.[21]

Од наведеното може да се види дека по споменатите историски збиднувања, постоењето на Јужните Пајонци во првите децении на 5 век пр. Хр. престанало, додека останатите се појавиле подоцна организирани во рамките на Пајонското Кралство.

## 2.2. Пајонското Кралство

По повлекувањето на персиските војски од Балканот (480/479 г. пр. Хр.) и по освојувањето на пајонските територии во Долна Македонија од страна на Александар I, локалните племиња биле етнички и политички претопении од Македонците и исчезнале од историјата. Тогаш, на Пајонците им останала територијата на север, односно, областите по горниот и по средниот тек на Аксиј, сливовите на Астиб и на Понт (Струмица), до Стримон на исток и по долината на Еригон (Црна Река), Пелагонија и Девриоп на запад.[22] Во овие територијални рамки, Пајонците, обединети од страна на сопствени кралеви, ја создале својата државна творба, која постоела низ целиот 4, па сè до последните децении на 3 век пр. Хр.; при тоа статусот на малото Пајонско Кралство, како и неговата територија биле постојано променливи во текот на постоењето.

Така, кон крајот на 4 век пр. н.е., Пајонија дополнително се проширила на дел од територијата на најсеверното пајонско племе - Агријаните[23], во областите околу Скопје и посеверно; по Галската инвазија, пак, во 279 година пр. Хр., територијата на Пајонското Кралство била значајно намалена, бидејќи

---

[21] Livy, XXXIX.54

[22] Merker 1965, 41; Петрова 1991, 41-50, Петрова 1999, 67-71. Овие територии биле потврдени како пајонски и според културата на погребување во протоисторискиот и во архајскиот период, в. Митревски 1997, 202-205.

[23] Соколовска 1990, 9-34, во периодот на 6 и 5 век пр. н. е., Агријаните ги лоцира во областите на Скопје и на Куманово, во регионите на Јужна Морава и на Косово, на Тетовско-Гостиварскиот Полог, а секако и по горниот тек на Стримон; Микулчиќ 1999, 113-114, ги потврдува териториите населени од ова племе.

Македонците ја потиснале од југ, а Дарданците од север и на Пајонија ѝ останал просторот помеѓу Таорската клисура и Демир Капија.[24]

Од политичко-историски аспект, постоењето на Пајонското Кралство е тесно поврзано со Македонското Кралство. Првиот писмено потврден крал на Пајонците бил Агид, според записите на Диодор Сикулски.[25] Во време на Агид (до 359/358 г. пр. Хр.), Пајонија изгледа била независно кралство, чијашто наколност сакал да ја придобие Филип II (359 – 336), при стапувањето на македонскиот престол. Имено, Филип II и успеал во тоа, така што на Пајонците им испратил гласници, и поткупувајќи ги со поклони и убедувајќи ги со великодушни ветувања, склучил договор за привремен мир. Од Атина се ослободил отстапувајќи ѝ го Амфипол. Откако на овој начин ја зајакнал својата власт, тој дознал дека во меѓувреме пајонскиот крал Агид умрел и го искористил моментот за да ја нападне и да ја порази Пајонија, која била принудена да ја признае македонската власт во 359/358 година пр. Хр.[26]

Политичката зависност на Пајонија продолжила и во времето на наследникот на Агид, Ликеј (359/358-340/335). Тој правел обиди повторно да ја стекне независноста на своето кралство, учествувајќи во антимедонскиот сојуз, предводен од Атина, заедно со кралевите на Тракија и на Илирија, Кетрипор и Граб[27], но се чини дека не успеал во тоа[28]. Сепак, фактот дека Пајонија успеала да го задржи својот идентитет, упавувана од свој крал, кој издавал и свои пари, покажува дека за време на Ликеј, таа не била приклучена кон Македонија, туку се наоѓала во вазален однос.[29]

Пајонскиот престол го наследил Патрај (ca. 340/335 - ca. 315), којшто бил современик на Александар Велики (336 – 323), но за него не се знае речиси ништо. Во изворите, неговото име, како патроним, се појавува на инскрипција покрај името на Авдолеонт,[30] а се наоѓа и на бројните примероци на сребрени монети, најцврстата потврда за неговото кралување. За време на неговата

[24] Петрова, 1999, 65-73.

[25] Diodorus, XVI.4.2.

[26] Diodorus, XVI. 2, 3, 4.2.

[27] Diodorus, XVI.22.3; *I.G.* II² 127.

[28] Демостен (*Olynth.*, I.23), во 349 г. пр. Хр. и Исократ (*Phil.*, V.21), 346 г. пр. Хр., говорат за наметнато ропство над Пајонците од страна на Филип II.

[29] Merker 1965, 44.

[30] *I.G.* II² 654.

управа Александар во 335 година пр. Хр., враќајќи се од походот против Трибалите, поминал низ земјата на Пајонците и на Агријаните.[31] Пајонија веројатно и во почетокот на неговото владеење сè уште била подредено кралство, па за време на походот на Александар на Исток, Пајонците, со својата лесна коњаница, биле дел од македонската војска; дел од војската биле и копјаниците Агријани.[32] Политичката состојба во Пајонија изгледа се променила по смртта на Александар Велики во 323 година пр. Хр. Имено, во Европа тогаш бил поставен Антипатар, кој бил назначен за стратег автократор на сите Македонци, Хелени, Илири, Трибали, Агријани и народот на Епир.[33] Пајонците не се спомнуваат, а тоа веројатно значело дека Пајонија повторно ја стекнала својата независност.[34] Во прилог на оваа претпоставка, оди и еден детаљ на познатата претстава на реверсот на тетрадрахмите на Патрај, која илустрира воена сцена. Имено, оваа сцена со пајонски коњаник кој со долго копје прободува соборен хоплит, кој, пак, се брани со тркалезен штит, изгледа првобитно била наменета за да ја овековечи победата на пајонскиот командант Аристон во војската на Александар, кој го поразил персискиот Сатропат во 331 година пр. Хр., пред битката кај Гавгамела;[35] подоцна, пак, штитот бил заменет, така што се гледаат карактеристиките на македонскиот штит. Ова е јасна импликација дека настанала нова политичка ситуација по 323 година пр. Хр., а вметнувањето на македонскиот штит на реверсната сцена на тетрадрахмите на Патрај го сугерира токму тоа.[36]

Авдолеонт (ca. 315 - ca. 285/284), синот и наследникот на Патрај, бил целосно независен владетел, во чиешто време значајно зајакнала и моќта на пајонската држава. Авдолеонт одржувал коректни релации со своите соседи, на што укажува и фактот дека, кога во 310/309 година пр. Хр., Пајонија била нападната од Автријатите, тој од македонскиот крал Касандар, побарал и добил

---

[31] Аријан I.5, го спомнува и кралот на Агријаните, Лангар, кој го ценел Александар уште додека Филип бил жив и му бил сојузник против Илирите.

[32] Аријан, I.14, 18, II.7, 9, III.8, 12-13.

[33] Dexippos, fr. 1b, 3R (=Phot. Bibl. cod. 82), Arrian (succ. fr.1a): според Papazoglu 1969, 416.

[34] Merker 1965, 46; Е. Петрова (Петрова 1999, 17), смета дека неспомнувањето на Пајонците значело дека Пајонија била составен дел од Македонија; според Н. Проева (Проева 1997, 45-46), Пајонија била освоена уште во време на Филип II.

[35] Q. C. Ruf. IV.9.25; Plut., *Alex.* 39.

[36] Cf. Liampi 1998, 134-137.

помош за одбраната од ова племе[37]. Блиски релации воспоставил и со епирскиот крал Пир, мажејќи ја својата ќерка со него,[38] а ги обновил и политичките врски со Атина кои постоеле уште од времето на Ликеј. Имено, и тој, покрај останатите кралеви, ѝ помагал за време на опсадата на нејзиното најголемо пристаниште Пиреј од страна на гарнизонот на Деметриј Полиоркет (294 - 288/7),[39] снабдувајќи ја Атина со жито и организирајќи го неговиот транспорт. Заради овие заслуги, според почесниот декрет од 285/284 година пр. Хр., се стекнал со атинско граѓанско право, а била донесена и одлука да му се подигне бронзена коњаничка статуа на Агората.[40] Авдолеонт во 306/305 година пр. Хр., по примерот на дијадосите на Александар се прогласил за басилеј, и изгледа спаѓа меѓу првите помали хеленистички владетели кои ја присвоиле оваа титула.[41]

Меѓутоа, по смртта на Авдолеонт настапил нестабилен период во Краството, првенсвено со детронизирањето на неговиот син Аристон, кога Пајонија станала дел од Кралството на Лисимах (306-281). Имено, Лисимах, кој по своето прогласување за крал на Македонија (285/284 г.) имал претензии и кон Пајонија, му помогнал на Аристон (285/284), син и законски наследник на Авдолеонт, да се врати во Кралството со цел да го наследи тронот. Но, во текот на неговото церемонијално кралско капење во реката Астиб, Лисимах нападнал и ја зазел Пајонија, додека Аристон пребегал кај Дарданците,[42] со кои Пајонија изледа била во добри меѓусоседски односи. Пајонија останала дел од кралството на Лисимах, сè до неговата смрт во 281 година пр. Хр. Состојбата дополнително се влошила за време на навалата на Галите во 280/279 г. пр. Хр., коишто ги прегазиле и Пајонија и Македонија на својот пат кон хеленскиот југ.[43]

Пајонија успеала да се консолидира во времето на Леонт (ca. 278/7 - ca. 250 ?), веројатно помладиот син на Авдолеот. Иако и тој, како и неговиот татко, бил способен и конструктивен владетел, сепак не успеал да го врати сјајот на

---

[37] Diod. XX. 19.1.

[38] Plut., *Pyrr.* 9.1.

[39] *I.G.* II² 657, всушност Пиреј и атичките тврдини му биле препуштени на неговиот син Антигон Гоната.

[40] *I.G.* II² 654, 655, во времето на атинскиот архонт Диотим (285/4 г. ст. е.).

[41] Waggoner 1982, 100.

[42] Polyaen. IV.12.3

[43] Liv. XXXVIII.16; Paus. X.19.7

Пајонското Кралство. Имено, во тој период Кралството било крајно осиромашено и во многу лоша економска сосотојба. Тогаш и територијата на Пајонија била исто така смалена, а Скопско-Кумановскиот Регион веќе сигурно бил во рамките на Дарданија.[44] И за Леонт нема многу податоци, исто така. Неговото име се спомнува на инскрипциите во хеленските светилишта во Делфи и во Олимпија, каде што стои до името на Дропион како патроним.[45] Секако и неговите пари, кои за разлика од оние на неговите предходници биле ковани само во бронза и во ограничени изданија, го носат неговото име, заедно со титулата басилеј.

Наследникот на Леонт, а воедно и последниот пајонски крал, бил неговиот син Дропион (ca. 250 – ca. 230). Дропион ја основал и новата политичка организација, Пајонскиот Којнон (Сојуз). Имено, за време на владеењето на Деметриј II (239 -229) било актуелно дејствувањето на Сојузот на градовите.[46] Негувајќи долгогодишна антимакедонска традиција, Пајонија, во тој период, веројатно пристапила кон Ајтолскиот и кон Ахајскиот сојуз против македонската хегемонија.[47] Ајтолскиот сојуз управувал со светлиштето во Делфи, а Ахајскиот со светилиштето во Олимпија. Токму затоа и во овие две најголеми и најпознати хеленски светилишта постојат споменици подигнати од страна на Дропион.[48] Така, на делфиското светилиште му посветил бронзена глава на пајонски бик, наречен бизон, според записот на патеписецот Павсанија,[49] а таму се наоѓала и статуата која Дропион ја подигнал за Авдолеонт.[50] Во Олимпија, пак, се наоѓала коњаничка статуа на Дропион, која била подигната од Сојузот (Којнон) на Пајонците, во чест на неговиот основач Дропион.[51]

---

[44] Микулчиќ 1999, 129, нема археолошки наоди од хеленистичкиот период и населбите во овој регион престанале да постојат.

[45] Pouilloux 1950, 24, fig. 4 (Олимпија); Pauzanija, X.13.1 и Pouilloux 1950, 22, Bousquet 1952, 138 (Делфи).

[46] Битракова Грозданова 1987, 22.

[47] Битракова Грозданова 1987, 22.

[48] Битракова Грозданова 1987, 22.

[49] Pauzanija, X.13.1.

[50] Pouilloux 1950, 22-32, според читањето на натписот смета дека статуата му била подиганата на Леонт; Bousquet 1952, 136-140, чие читање се смета за поприфатливо, прочитал Авдолеонт; види и Merker 1965, 51; Битракова Грозданова 1987, 22, заб. 56; Петрова 1991, 25, заб. 76, Петрова 1999, заб. 76.

[51] Pouilloux 1950, 24, fig. 4.

По смртта на Дропион, Пајонија станала територија од интерес и на Дарданија и на Македонија, но во 217 година пр. Хр. со освојувањето на најголемиот пајонски град Билаѕора (с. Кнежје, Св. Николе),[52] конечно била анектирана кон Македонското Кралство од страна на Филип V (221-179).[53] Пајонија тогаш станала истоимена стратегија во рамките на Македонија, управувана од локален наместник, кралскиот офицер – Пајонецот Дида.[54]

Сепак, конечното исчезнување на Пајонија како географско-етничка целина се случило по освојувањето на Римјаните во 168 г. пр. Хр. и административната поделба на Македонија.

## 2.3. Македонското Кралство на Аргеадите од крајот на 6 до почетокот на 3 век пр. Хр.

Според легендата, тројца браќа - Гаван, Аероп и Пердика, синови на Темен од Арг во Орестида, тргнале од својот роден град и по различни патешествија стигнале во Ајга во Македонија. Најмладиот од нив Пердика (ca. 707-659), тука ја утврдил својата престолнина и со тоа ја востановил првата кралска династија на Македонија - династијата наАреадите.[55]

Раната историографија на Античка Македонија е многу малку позната, но се чини дека кон крајот на 8 век пр. Хр., токму владетелите на оваа династија започнале да ги обединуваат сродните племиња во рамките на една заедничка држава. Податоците коишто постојат за најраната историја на Аргеадите и за првите пет кралеви (Пердика I, Аргај (ca. 659 – 645), Филип I (ca. 644 – 640), Аероп I (ca. 639 – 574), Алкета (ca. 573 - 541)[56]) од оваа династија се недоволи и малку е познато за нив.

---

[52] Микулчиќ 1999, 150.

[53] Полибиј, V.97.

[54] Liv. XL.21, XLII.51.

[55] Проева 2004, 139-145; Шукарова 2013, 509-510; легендата за потеклото на кралската куќа прв ја запишал Херодот (VIII. 137-139).

[56] Проева 2004, 144, за хронологија на владеењето на кралевите; види и Шукарова 2013, 510.

Но, веќе од крајот на владеењето на Аминта I (540-498), изворите нудат сè повеќе информации, пред сè заради Хеленско-персиските војни, во кои било вклучено и Македонското Кралство. Всушност, последните петнаесетина години од кралувањето на Аминта I биле одбележани со доѓањето и со окупацијата на Персијците. Како што беше споменато и погоре, Персијците, прво навлегле во Европа во 513 година пр. Хр., а потоа околу 510 година пр. Хр., успешно загосподариле и со македонското и со тракиското крајбрежје. Промените најмногу ги почувствувале локалните пајонски племиња, бидејќи еден дел од нив, според Херодот (V.12-16), дури и иселиле во Азија. Но, новонастанатата политича ситуација се одразила и на малото Македонско Кралство на Аминта I. Тогаш од македонскиот крал било побарано да го признае персискиот суверенитет[57]; понатаму, македонско-персиските односи изглада се развиле во вид на некаков меѓусебен воено-политички сојуз.[58]

И Александар I (498-454), синот и наследникот на Аминта I, ја продолжил лојалноста кон Персијците. Меѓутоа, за време на хеленско-персиските војни, кои значајно го погодиле и неговото владеење, тој се нашол поставен помеѓу двете непријателски страни; Македонското Кралство се наоѓало на патот на персиските копнени походи кон Хелада. Тогаш тој се покажал како успешен дипломат; водејќи амбивалентна политика, тој истовремено бил и сојузник на Персијците, но и атински „проксен" и „евергет".[59]

Поразот на Персијците во 479 година пр. Хр. во битката кај Платаја и нивното повлекување од Европа, било мошне значајно за Александар I; тоа за Македонското Кралство значело проширување на територијата источно од Аксиј, сè до Стримон и вклучување на пајонските територии од Долна Македонија, кои дотогаш биле под персиска контрола.[60]

Неговиот син Пердика II (ca. 454 - ca. 413), којшто го наследил по смртта, на почетокот морал да се справува со семејни престолонаследнички борби. Покрај внатершните, бил изложен и на надворешни притисоци, но,

---

[57] Херодот, V. 17-21, раскажува дека персискиот војсководец Мегабаѕ преку свои пратеници побалал од Аминта земја и вода за персискиот крал Дареј, што симболично означува барање на покорност и официјално признавање на персиската власт.

[58] Проева 2004, 149; Шукарова 2013, 511.

[59] Поопширно за Александар I и хеленско-персиските војни, *види* Borza 1990, 98-115; Проева 2004, 151-160; Шукарова 2013, 511.

[60] Голем дел од долномакедонските области сè до повлекувањето на Персијците биле населени или заземени од Пајонците, *види* Hdt. V.1,13,15-17, VII.113; Thuc. II.99.4; Polyb. XXIII. 10; Just. VII.1; Strabo, VII. frg. 41.

сепак, успеал да ја задржи власта, управувајќи долги години со Македонското Кралство. За време на неговото владеење како значаен настан треба да се спомене Пелопонеската војна (431-404 г. пр. Хр.), која се водела помеѓу Атина и Спарта. Се чини дека тој бил и поттикнувач на војната, користејќи го непријателството помеѓу двата полиса и благодарение на своите совршени дипломатски способности, играл двојна улога, сојузувајќи повремено и со Атина и со Спарта. Таквите политички игри на Пердика предизвикувале воени ситуации во кои кралот се наоѓал загрозен. Таков бил и воениот поход во 429 година пр. Хр. на тракискиот крал Ситалк, кој, како атински сојузник, тргнал во судир со Пердика II. Оваа епизода се завршила со склучување мир и дипломатски брак помеѓу Стратоника, сестрата на Пердика и Севт, внукот на Ситалк[61]. Веројатно тоа е и последен пат на решавање на споровите околу сојузништвото меѓу Атина и Пердика по воен пат.[62]

По смртта на Пердика II во 413 година пр. Хр., македонскиот престол бил наследен од неговиот син Архелај (413-399). Кралството коешто му го оставил на својот син, не било воопшто во полоша состојба од она што тој го наследил од својот татко Александар. Но, за разлика од неговите претходници, Архелај владеел во релативно мирни услови и без особени надворешни закани. Долготрајната Пелопонеска војна била економски исцрпувачка за двете инволвирани страни, и за победничката, Спарта, и за Атина, со која Архелај воспоставил пријателски и трговски релации, снабувајќи ја со дрвена граѓа за обнова на нејзината флота. Ослободена од хегемонистичките интереси на големите сили, Македонското Кралство, за прв пат, по речиси цело столетие немири, било насочено кон своето внатрешно уредување. Архелај имал можност и услови да преземе низа воени, културни, монетарни реформи и градителски активности[63].

Архелај останал забележан во историјата и по тоа што за време на својата управа ја префрлил и македонската престолнина од Ајга во Пела, веројатно поттикнат од политички и од геостратешки причини. Пела станала политички и административен центар на Кралството, додека Ајга останала духовен, сè до крајот на македонската аргеадска династија. Но, Пела, станала и

---

[61] Thuc. II, 99-101, во врска со походот на Ситалк.

[62] Детално за владеењето на Пердика кај Borza 1990, 133-160; *види* и Проева 2004, 167-182; Шукрова 2013, 512-514

[63] Thuc. II, 100, информира за некои од реформите на Архелај.

значаен културен центар, исто така. Архелај на својот двор во Пела примил многу познати културни дејци, кои таму твореле, а некои од нив и трајно се населиле. Еден од најпрочуените е секако античкиот трагичар Еврипид.[64]

Немањето право за учество на Олимписките игри за Македонците, пред сѐ заради нивното не-хеленско потекло, го поттикнало Архелај да востанови во Македонија и т.н. „Македонски Олимписки игри". Тие се одвивале во светиот град за македонците, Дион, на северните падини на планината Олимп. Веројатно целта на Архелај била постоење на отворени игри, со право за учество без ралика на етничката или политичката припадност.[65]

Прераната и насилна смрт на Архелај во 399 година пр. Хр., го прекратила и неговото владеење. Тогаш започнале сурови династички борби и интриги за зграпчување на престолот кои траеле полни шест години. Неколку кралеви застанале на македонскиот трон за тој кус период.

Легитимен наследник бил неговиот малолетен син Орест (399-396), но само по три години неговиот роднина (чичко?) и регент Аероп II (396-393) го истиснал и ја присвоил власта за себе. За кусо време тој починал од природна смрт, така што престолот го презел неговиот син Павсанија (393-392); но, стабилноста на Македонското Кралство повторно била разнишана и набргу се јавиле и други претенденти. Еден од нив бил и Аминта, правнукот на Александар I (подоцна владее како Аминта III), а другиот бил вонбрачниот син на Архелај, Аминта II Малиот. Се чини дека токму дека Аминта II Малиот, прв му ја оспорил власта на Павсанија, па една година (во 393 г. пр. Хр.) заедно и кралувале.[66]

По периодот на внатрешни борби и превирања, во 393/392 година пр. Хр. Аминта III (392-370) стапил на македонскиот трон; владеел долги 24 години според податоците на Диодор Сикулски (XIV. 89.2; 92.3) кои биле исполнети со низа турбуленции. На самиот почеток на неговото владеење Аминта успеал да ги стабилизира односите со горномакедонските племиња, така што стапил во брак со Еврадика, ќерката на Пелагонецот Сира. Тој морал да се справува и со своите соседи, старите непријатели, Илирите, кои тогаш повторно зајакнале. Тие предводени од Бардилиј, го нападнале македонскиот крал и го поразиле, но

---

[64] Поопширно за Архелај, Borza 1990, 161-177; Проева 2004, 182-198; Шукрова 2013, 514-515.

[65] Проева 2004, 195.

[66] Проева 2004, 201; *види* и Borza 1990,177-179.

со помош на Тесалијците, тој пак ја освоил власта. Халкидичкиот сојуз, со којшто прво склучил договор за сојузништво, му бил противник, исто така; тогаш Аминта побарал помош од Спарта, најголемата хеленска сила. Аминта делувал мудро и во интерес на Македонското Кралство, па кога Атина почнала да зајакнува, биле повторно воспоставени врските со неа; Македонија била главниот снабдувач на дрво за бродоградба при обновувањето на Атнискиот поморски сојуз (во 377 г. пр. Хр.). Иако постојат податоци дека уште на почетокот на своето кралување, за време на илирските напади, Аминта морал дури и да го напушти македонскиот тронот[67], сепак кон неговиот крај, тој успеал да го зајакне и да го стабилизира Македонското Кралство.[68]

Откако Аминта починал во 370/369 година пр. Хр., иако Кралството било во мирна внатрешна состојба, се јавиле обиди за надворшни мешања, но, започнале и вообичаените проблеми околу наследувањето на престолот, исто така. Власта му припаднала на најстариот син на Аминта III, Александар II (369-368). Во своето кусо владеење, тој војувал и во Тесалија, од каде што морал да се повлече бидејќи бил истиснат од Тебанците, предводни од Пелопида, но и заради внатрешните борби за освојување на престолот, кои се случувале во Македонија. Теба како хегемон била вклучена во спорот со припадноста на македонскиот престол, а за возврат било побрано да се добијат заложници меѓу кои бил и идниот крал Филип; тој поминал три години како тебански заложник. Наскоро, Александар II станал жртва на политички атентат. По неговото убиство и новонастанатите турбуленции околу преземањето на престолот, стабилноста на Кралството била сериозно разрушена.

Новиот престолонаследник бил неговиот брат Пердика III (365-359), кој бил сè уште малолетен и до 365 година пр. Хр. владеел под старателство на Птолемај од Алор, сопруг на неговата сестра Евриноја. Тој воспоставил добри односи со Теба и го вратил свјот брат Филип од заложништво.

Во последната година (360/359 г. пр. Хр.) од владеењето на Пердика III, Илирите повторно почнале да напаѓаат, па за одбрана, македонскиот крал ангажирал војска од 4000 војници, при тоа и самиот учествувал во битката која била погубна за него. Иако легитимен наследник бил неговиот малолетен син Аминта, заради разнишаната безбедност на Кралството, македонскиот престол

[67] Diod. XIV.92.3-4; XV.19.2-3.

[68] Borza 1990, 180-189; Проева 2004, 203-212; види и Шукарова 2013, 516-517.

му припаднал на неговиот помлад брат, воедно и најмал син на Аминта III - Филип II.[69]

Филип II Македонски (359 - 336) за време на своето кралување успеал да завладее со поголемиот дел од Балканскиот Полуостров, покорувајќи ги своите соседи Илири, Пајонци и Тракијци, а го освоил и Халкидик. Со битката кај Хајронеја (338 г. пр. Хр.), конечно им ја наметнал својата хегемонија и на Хелените, која била озаконета со склучувањето на „Заеднички мир" во Коринт, зимата 338/337 година пр. Хр. Следен чекор било отпочнување на кампања за освојување на Персија, нереализирана заради неговото убиство во 336 година пр. Хр. Тој бил генијален и харизматичен владетел, со големи дипломатски способности, кој исто така презел и низа воени и економски реформи, а од политички аспект, креирал централизирана власт со која управувала само династијата на Аргеадите. На тој начин го издигнал Македонското Кралство во најмоќната и во најголемата држава не само на Балканот, туку и во Европа.

За жал, во 336 година пр. Хр. додека присуствувал на свадбената церемонија на својата ќерка Клеопатра во Ајга, ненадејно бил извршен атентат врз Филип. Така тој прерано починал оставајќи го недовршен претстојниот поход кон Персија, чиишто подготовки веќе биле во тек.[70]

Веднаш по смртта, за престолонаследник бил устоличен неговиот дваесетгодишен син од бракот со епирската принцеза Олимпијада - Александар III Македонски (336-323), многу подоцна наречен Велики заради грандиозните дела кои ги направил за време на својот кус живот. Тој се покажал дека е достоен да ги продолжи плановите на својот татко за освојување територии на Исток; воден од идејата да се реши прашањето за превласт помеѓу Македонија и Персија, ја надминал својата првична цел и стигнал дури до Индија, останувајќи запаметен во историјата како еден од најголемите војсководители што некогаш постоеле.[71]

Меѓутоа, пред да го започне персискиот поход, младиот Александар морал да ги регулира односите со балканските соседи, покорувајќи ги Тракијците, Трибалите, Гетите, Илирите. Секако, за успешно спроведување на

---

[69] за настаните од овој период, види Borza 1990, 189-197; Проева 2004, 213-218; Шукарова 2013, 517.

[70] Детално за политичко-историските прилики и кралувањето на Филип Македонски, *види* Borza 1990, 198-230; Проева 2004, 219-260; *види* и Шукарова 2013, 518-552.

[71] За походот и животот на Александар пишувале античките историографи Аријан, Квинт Куртиј Руф, Плутарх; *види* Проева 2004, 269-311; Шукарова 2013, 561-574.

неговата кампања, потребна му била бројна војска, така што ангажирал платеници од покорените Илири, Тракијци, Пајонци и Хелени, но главнината ја сочинувале Македонци. Потребни му биле големи средства за финансирање на кампањата, а во тој момент во македонскиот кралски трезор имало само 60 таланти сребро, како и наследен долг од околу 500 таланти од својот татко. За да го реализира походот Александар морал да позајми доплонителни 800, така што неговиот долг сега изнесувал 1300 таланти. Со финансиските придобивки од балканската експедиција успеал да да го намали долгот, па пролетта 334 година пр. Хр. тој изнесувал само 200 таланти; при тоа во трезорот имал 70, со кои армијата можела да преживее само триесет денови. Но, од моментот кога го освоил Сарди и богатата персиска ризница во летото 334 година пр. Хр., потоа со секоја победа се здобивал и со нов прилив на средства.[72]

Со смртта на Александар Велики во 323 година пр. Хр. во Бабилон, најголемата Империја на светот, која во тој момент опфаќала три континенти, останала без престолонаследник. Настанале борби за превласт помеѓу неговите соработници, а Империјата била разделена помеѓу водечките генерали. Пердика, највлијателниот соработник на Александар Велики, ја имал најзначајната политичка функција „хилијарх", така што, тој ја приграбил фактичката власт во државата. Како формални кралеви биле назначни Александар IV (323-310/309), нероденият син на Александар Велики, и Аридај (323-317), неговиот полубрат, кој веднаш по устоличувањето се преименувал во Филип III со цел да го истакне своето потекло и поврзаноста со Аргеадите. Всушност, со нив се заокружува и постоењето на династијата на Аргеадите.[73]

Ситуацијата по смртта на Александар Велики била многу сложена и заплеткана и секој од дијадосите се стремел да ја загосподари и територијата на Македонија, покрај онаа што ја приграбил. Со Македонија управувал Антипатар, кој бил назначен за стратег автократор во Европа. Но, откако Антипатар починал во 319 година пр. Хр., а Аридај и сопругата биле убиени од страна на Олимпијада во 317 година пр. Хр., власта ја приграбил амбициозниот син на Антипатар, Касандар (317-297). Тој, пак, најпрво во 317/316 година пр. Хр. ја ликвидирал Олимпијада, а неколку години подоцна (310/309 г. пр. Хр.) Роксана и Александар IV, со што ја зацврстил позицијата на престолот. За да

---

[72] Околу материјалната состојба *види* Price 1991, 25-27, со цитираните извори.

[73] Проева 2004, 317; Шукарова 2013, 578-579.

обезбеди крвно сродство со македонската Аргеадска династија, се оженил и со Тесалоника, ќерката на Филип II; тоа во 306/305 година пр. Хр. му овозможило полесно да дојде до кралската титула.[74]

По смртта на Касандар во 297 година пр. Хр., кус период на македонскиот престол биле неговите синови, меѓу кои, пак, постоеле несогласувања околу поделбата на власта, така што не успеале да се одржат на престолот. Тоа го искористил Деметриј I Полиоркет (294 - 288) и во 294 година пр. Хр. без борба стигнал на тронот.[75] Тој бил син на генералот Антигон Монофталм (Едноокиот) и татко на Антигон Гоната (277 - 239), кој, пак, бил втемелувач на новата династијата Антигониди.

Така, во годините што следувале, Македонското Кралство било управувано од страна на кралевите на оваа династија, сè до 168 година пр. Хр., кога последниот македонски крал Персеј (179-168), кај Пидна бил порзен од страна на Римјаните, со што бил ставен и крајот на моќната македонска монархија, која за административни потреби подоцна била поделена на четири одделни региони (мериди).[76]

---

[74] За судирите меѓу дијадосите, Шукарова 2013, 579-581.

[75] Шукарова 2013, 584-585.

[76] Livy XLV.29

# II МОНЕТОКОВАЊЕТО ВО ГОРНА МАКЕДОНИЈА И ВО НЕПОСРЕДНОТО СОСЕДСТВО

## 1. Племенско монетоковање

Монетоковањето, една од најзначајните цивилизациски придобивки, било изумено во раниот 6 век пр. Хр., во западна Мала Азија (Лидија и Јонија), кога од електрум, т.е. од природна легура на злато и на сребро биле направени првите пари.[77] Многу скоро, за помалку од едно столетие, започнала и монетоковничката активност на почвата на Античка Македонија.

Иако, раната историографија на оваа географска целина е многу малку позната, сепак, од скромните записи на античките автори познато е дека таа била богата со рудни ресурси на злато и на сребро, лоцирани околу планините Дисорон и Пангај; денешните региони, како што се кратовско-злетовскиот и штипско-радовишкиот, во минатото биле познати по рудните богатства, исто така.[78] Тоа овозможило на крајот на 6 век пр. Хр., локалните народи - пајонските и другите племиња од македонско-тракискиот брег, да ги изработуваат своите парични изданија; речиси истовремено со оние на крајбрежните хеленски колонии. Генерално, станува збор за племињата населени во регионот помеѓу долните сливови на реките Аксиј (денешен Вардар) и на Стримон (денешна Струма) и Пангајската област; но и за територијата на север, по горното течение на Стримон, горното и средното на Аксиј, и по долините на Понт (денешна Струмица) и на Астиб (денешна Брегалница). Покрај серијата анепиграфски племенски изданија, своите пари во долномакедонската област ги исковале и Ореските, Ихнаите, Бисалтите, Едоните, Мигдонците (?), Тинтените, додека во областите на север тоа биле Дероните и Лајаите.

---

[77] Kraay 1976, 20-21; Howgego 1995, 1-3; cf. Schaps 2007, 2, 232-235.

[78] За рудните богатства на овие региони, *види* Херодот, V.17 , VII.112; Strabo, VII, frg. 34; *види* и *НМ* 2, 70; Borza 1990, 53-54; Borza 1995, 39-43; Керамидчиев 1977, 105-110; Петрова 1999, 118-119; Микулчиќ 1999, 145-146; Драганов 2000, 51.

Историските настани поврзани со персиската доминација на Балканот (513 - 479 г. пр. Хр.), влијаеле и на поттикнувањето на племенското монетоковње. Имено, заради плаќањето данок на Персијците, локалните окупирани племиња, започнале продукција на големи и на тешки парични вредности од сребро, како што се додекадрахмите, декадрахмите и октодрахмите. Но, овие големи вредности имале и друга намена, во трговијата со сребро, коешто во таа форма, но и како инготи, било извезувано на Исток;[79] откриените примероци од овие монети во источномедитеранските и во египетските остави тоа и го потврдува.[80] Постоеле и помали фракции од сребро, кои секако служеле за локална употреба.

Племенското монетоковање било изведувано според ист локален и многу сложен тежински стандард. Дорис Рејмонд го нарекла, со сега веќе општоприфатениот термин, „тракиско-македонски", којшто го употребува и ориенталниот и хеленскиот систем на деноминации.[81] Негова основа бил сребрениот статер со тежина од 9,82 грама или 1/50 од лесната бабилонска мина со тежина од 491 грам, што укажува и на директниот контакт со Истокот преку Персија. Иконографијата, пак, на различните племенски монети, во која доминираат животинските претстави (коњ, вол, бик, јарец), е мошне слична; сето ова упатува на постоењето на организирана монетарна заедница помеѓу соседните племиња.[82]

Територијата на Република Македонија е поврзана со постоењето на пајонските племиња Дерони и Лајаи, па во таа смисла, иако на нејзината почва се откриваат примероци и на некои од споменатите племиња (Орески, Ихнаи, Мигдонци (?) и др.),[83] значајни се примероците на Деронците и на Лајаите, но, посебно се интересни малите деноминации на Деронците. Имено, ниските вредности кои служеле за домашна употреба, според местото на нивното

---

[79] Kraay 1976, 139; Hammond *во НМ* 2, 74; Price 1987, 44; *види* и, Mitchiner 2004, 273-275, 395-407.

[80] *IGCH* 1480, 1482, 1634, 1635, 1640, 1644-1646, 1790; Price, Waggoner 1975.

[81] Raymond 1953, 23; М. Прајс (Price 1974, 4), исто така, ја заснова својата поедноставена метролошка табела на овие два система. Ј. Своронос (Svoronos 1919) го нарекува „пајонски" (в. метролошка табела на крајот). Овај термин е прифатлив посебно за монетоковањето на Деронците и на Лајаите; в. и Josifovski 2006, 259; Драганов 2000, 41-43.

[82] Raymond 1953, 43-59.

[83] Петрова 1996, 7-12, бр. 1-2 (Ајга); Шелдаров 2003, бр. 2 (Ајга); Хусеновски 2004, Т.I, бр. 1; *ОБКол.*, бр. 1 (Ајга); Павловска 2008, бр. 22, 24-26.

откривање ја наговестуваат и автохтоната територија на одреденото племе. Концентрацијата на сребрените фракции на Дероните е особено висока во Источна Македонија,[84] на територијата на Велес, Свети Николе, Штип и на Радовиш.[85] Заради локалниот карактер на ниските вредности, би можело да се претпостави дека токму тука била матичната територија на Дероните.[86] Можеби станува збор за истата област со онаа на независните Пајонци, западно од Лајаите, населени по горниот тек на Стримон, за кои пишува Тукидид (II.96.3). Имено, Дероните се сосема непознати од наративните извори, но, инскрипциите на високономиналните монети (ΔΕΡΡΟΝΙΚΟΣ, ΔΕΡΡΟΝΙΚΟΝ, ΔΕΡΡΟΝΙ, ΔΕΡΡΟ) укажуваат на нивното постоење.

Големите парични вредности на Дероните, пак, вообичаено се откриваат како дел од збирни наоди, далеку од нивната автохтона територија;[87] но, иако поретки, постојат остави и на Балканот кои содржат такви примероци,[88] а нивната намена веројатно била за исплата на војниците од персиската војска.[89] Интересно е да се забележи дека источномедитеранските и египетските примероци припаѓаат на раната серија (500-480 г. пр.н.е.) со инкузен квадрат, а балканските на подоцнежната (479-460ти/450ти г. пр.н.е.) со трискел на реверсот.

Во таа насока, хронолошкото одредување на паричните изданија на Дероните било дискутирано од повеќе автори,[90] но заради отсуство на сигурни

---

[84] Иако нискономиналните монети, кои се таму откриени, се воглавном без натпис и не можат со сигурност да им се припишат ним, иконографската сличност со оние со повисока вредност, упатува на деронска припадност.

[85] Павловска 2008, 15-16, бр. 1-21; *види* и Josifovski 2006, 251-262.

[86] Географското лоцирање на Дероните било разгледувано од повеќе автори; Gaebler 1897, 292, ги сместува на кракот Ситонија на Халкидик; Svoronos 1919, 20, во околината на Дојран; Hammond *во HM* 2, 75, Штип и Кратово; Петрова 1999, 94, на широката територија помеѓу горното и средното течение на Аксиј и на Стримон.

[87] Остави кои меѓу другите, содржат и деронски примероци се откриени најмногу во Египет (*IGCH* 1635, 1644, 1645), но и во Турција, во ант. област Ликија, *види* Fried 1987, 1-10.

[88] Gerassimov 1938, 80-84; Герасимов 1955, 576-578; *IGCH* 690, 1937 г. во с. Величково, Пазарџик (Бугарија); Митровић 2005, 59-88, 2003 г. во Врање (Србија). Во Македонија, во околина на Штип, околу 1912 година била откриена остава што содржела најмногу октодрахми од Дероните, чиј точен број е непознат, а примероци од нив се наоѓаат во Њујорк (1), Берлин (1-2), Белград (1), Грција (1), *види IGCH* 355; Mirnik 1981, бр. 13.

[89] Драганов 2000, 53.

[90] Gaebler 1897, 289-299; Head 1911, 201-202; Svoronos 1919, 1-16; Gaebler 1935, 55-57; Price, Waggoner 1975, 28-29; Price 1987, 43-47; *HM* 2, 69-91; Петрова 199, 93-96; Josifovski 2006, 251-262.

историски податоци, засега би требало да се прифати датирањето кое произлегло од анализата на позначајните објавени остави, како што се оставите од Асјут (Египет) и од Ликија (Турција).[91] Високономиналните монети во асјутската остава со втиснат квадрат на реверсот, се сместени во временската рамка од ca. 500 до 480 година пр. Хр.;[92] заради стилската сличност со една деронска тетрадрахма од истата остава, во оваа група бил атрибуиран и еден примерок со вредност на тетробол, т. е. триобол, што претходно им бил припишуван на Орескитe.[93] Останатите типови на големи деноминации со трискел на реверсот биле датирани од 479 до доцните 460-ти/450-ти години пр. Хр.[94]

За сега, веројатно оваа хронологија треба да се прифати и за анепиграфните ниски номинали,[95] а особено за монетата од типот *говедо клечи // коринтски шлем во инкузији*, бидејќи исти таков примерок[96] бил откриен во гроб на архајската некропола во с. Караорман, Штип 1959 година, а и останатите гробни прилози се сместени во временската рамка на втората четвртина на 5 век пр. Хр., така што средината на векот е земена за долна граница.[97] Постојат вакви монети и со натпис ΔΟΚΙ на аверсот, кои му се припишуваат на претпоставениот деронски владетел Доким, па токму затоа и споменатите примероци без натпис му биле исто така атрибуирани;[98] но и тој останува на ниво на претпоставка како и Дероните, заради недостаток на книжевни извори. Постои и една група монети со стилизиран бик на аверсот,[99] кои оставаат простор да бидат третирани за псевдопарични форми,[100] чија

---

[91] Price, Waggoner 1975 (Асјут); Price 1987, 43-47 (Ликија).

[92] Price, Waggoner 1975, 28-29.

[93] Svoronos 1919, 57, 13.

[94] Price 1987, 45.

[95] Павловска 2008 15-16; Павловска 2008а, 27; види и Josifovski 2006, 257, за предложеното датирање на овој тип монети.

[96] Калапите од кои бил направен овој примерок се идентични со калапите на еден примерок од Збирката на НБРМ, в. Павловска 2008, бр. 3.

[97] Микулчиħ 1965, 201, сл. 14, 208.

[98] Svoronos 1919, 13, Pl. II. 8-11, 15, Доким е назначен и како трако-македонски владетел; в. *BMCMac.*, 151, no. 1-5; Gaebler 1935, 144-145, no. 2-7.

[99] Павловска 2008, бр. 20-21.

[100] Павловска 2008, 15.

ликовна предлошка веројатно биле примероците со претстава на бик на обете страни.[101]

Аверсната иконографија, пак, на некои од деронските декадрахми и додекадрахми (*маж управува кола влечена од волови // трискел*)[102] е мошне блиска со онаа на октодрахмите на Лајаите (ΛΑΙΑΙ; *маж управува кола влечена од волови // Пегас*);[103] освен легендата која го дезигнира нивното име, лајаиските примероци се разликуваат и по изработката, која е погруба, па во минатото биле сметани за варварски имитации и за фалсификати.[104] Оваа иконографска сличност е уште една потврда и за можната географска блискот помеѓу двете пајонски племиња. Еден примерок од мошне ретките октодрахми на Лајаите бил откриен и во Република Македонија, во Свети Николе и за сега е единствен на оваа почва.[105]

Иконографијата која се јавува на монетоковањето на пајонското племе Дерони, прикажува и еден вид на говедо, т.е. вол или бик. Ова животно сигурно било карактеристично за територијата која ја населувале Дероните, па затоа и се нашло како претстава на нивните монети. Можеби станува збор, дури и за оној ист пајонски бик за којшто пишувал патеписецот Павсанија, којшто се нарекувал бизон, како што самиот вели.[106] Инаку, тој ги опишал овие пајонски бикови како влакнести, особено на градите и на долната вилица,[107] опис што одговара на претставите на дел од монетите припишани на Дероните. На аверсот на нивните монети забележливи се и некои симболи, како што се цвеќе и ѕвезда. Ѕвездата може да е претставна сама или на диск и таа секако се поврзува со Сонцето, чијшто култ бил посебно почитуван,[108] и во подоцнежниот период се поистоветува со Аполон.[109]

---

[101] Павловска 2008, бр. 14-15.

[102] Svoronos 1919, Pl. I.10-14, 16, II. 1-6.

[103] *BMC Mac.*, 151, no. 2; Svoronos 1919, 22, no. 1, Pl.III.7.

[104] Head 1911, 202; Gaebler 1935, 56, T.XXV.19.

[105] Овој значаен примерок е дел од Нумизматичката збирка на Народната банка на Република Македонија, *види* Павловска 2008, 14; бр. 23.

[106] Paus. X.13.1-3, пишува за бронзената глава на пајонскиот бизон што Дропион ја посветил на делфиското светилиште, а во продолжение го опишува начинот на ловење на овие животни.

[107] Paus. IX.21.2.

[108] Максим од Тире (Max. Tyr. II.8), запишал дека Пајонците го почитувале Сонцето (Хелиј) во форма на диска прицврстен на врвот од долг стап.

[109] Срејовић, Цермановић-Кузмановић 1979, 41, 457.

## 2. Монетоковањето во Кралството Пајонија

Кралството Пајонија, простирајќи се во областите по горниот и по средниот тек на Аксиј, по теченијата на Астиб и на Понт, до Стримон на исток, и по долината на Еригон (Црна Река), во Пелагонија и во Девриоп на запад,[110] всушност, во голем дел ја опфаќало територијата на Република Македонија. Периодот на неговото егзистирање, во текот на 4, па до последните децении на 3 век пр. Хр., бил одбележан со кралувањето на неколку владетели од кралската династија. Во аналите на античката историја нема посебни записи за нив, но, откритијата на нивните значајни серии на пари, најдобро сведочат за нивното некогашно постоење.

Историографските и нумизматичките податоци го потврдуваат владеењето на пајонските кралеви Агид (до 359/358), Ликеј (359/358-340/335), Патрај (340/335-315), Авдолеонт (315-285/284), Аристон (285/284) Леонт (278/277-250?) и Дропион (250-230). Неколку непознати династи, пак, како што се Тевтај (ca. 400-370), Бастареј (II/III четвртина 4 в.)[111], Никарх (ca. сред. 4 в.),[112] Симон (ca. сред. 4 в.),[113] Диплај (IV четвртина 4 в.)[114] и Тевтамад (по 330-306/305),[115] познати се само од нивните монети, заради кои и се врзуваат за пајонскиот монетен круг.[116]

**Тевтај** (ca. 400 - ca. 380/370), е особено значаен и се издвојува од групата претпоставени пајонски династи, не само заради тоа што би можел да е

---

[110] Merker 1965, 41; Петрова 1991, 41-50, Петрова 1999, 67-71. Овие територии биле потврдени како пајонски и според културата на погребување во протоисторискиот и во архајскиот период, *види* Митревски 1997, 202-205.

[111] Познат од три тетрадрахми, *види* Muret 1881, 329-331 (12,71 g); Gaebler 1935, 147, no. 16 и заб. (11,70 и 13,15 г ).

[112] Една тетрадрахма, *види* Muret 1882, 211 (13,25 г).

[113] Една тетрадрахма, *види* May 1939, 189, Pl. IX.A (13,60 г).

[114] Две тетрадрахми, *види* Јурукова 1970, 277-281 (12,31 и 12,40 г).

[115] Познат од две тетрадрахми, *види* Герасимов 1964, 249-251 (13,32 г); Tkalec 2005, lot. 45 (13.45 г). Јовановић 1989, 41-44, му припишал илирска етничка припадност на Тевтамад; *види* и Герасимов 1964, 249-251, кој дури и ја оспорил оригиналноста на неговата тетрадрахма, единствена во тоа време, чија автентичност подоцна била докажана, *види* Рогалски 1969, 77-82. Kretz 2006, 259-264, му припишал пајонска припадност; cf. Павловска 2010, 185-191.

[116] В. Соколовска (Соколовска 1990, 9-34; Sokolovska 1996, 13-22), смета дека Симон, Никарх и Диплај се претставници на кралската династија на Агријаните.

хронолошки најстариот владетел,[117] туку и заради тоа што единствено за неговиот уникатен сребрен диобол (*Бик // Кантарос*) е познато дека е откриен на потврдена пајонска територија (лок. Марков град, с. Корешница, Демир Капија), што дополнително ја поткрепува пајонската припадност. Всушност, пајонската провиниенција е речиси сигурна, не само за него туку и за **Тевтамад** (ca. 330 - ca. 306/305), иако за потеклото на парите на Тевтамад не е позната точната област. Имено, нивните имиња се образувани од ист корен (*teut*-), кој сугерира пајонско потекло. Овој корен се среќава во кралските имињата посведочени во Македонија и во Пајонија, каде што биле популарни во доцнокласичниот и во ранохеленистичкиот период.[118] Покрај тоа, тие се поврзани и со архаизирачката графија која е употребена при пишувањето на генитивната форма на нивните имиња, така што тие завршуваат на - О, наместо на -ОΥ (ΤΕΥΤΑΟ; ΤΕΥΤΑΜΑΔΟ). Кај Тевтај таа кореспондира со времето во кое владеел, додека кај Тевтамад веројатно станува збор за нејзина задоцнета појава,[119] којашто не е непозната на пајонскиот простор, па може да се види и кај Ликеј[120] и кај Диплај.[121] Тевтамад и според типот на тетрадрахми што ги исковал (*Глава на брадест маж (владетелот?), налево || Коњаник на коњ, надесно; во д. рака кусо копје; цели кон паднат и невооружен непријател*), се доближува до примероците на Патрај, а освен иконографски, тие и метролошки припаѓаат на пајонскиот монетарен круг.[122] Сепак, релевантни докази сѐ уште не постојат, така што ниту тој, ниту Тевтај, како ни останатите династи, не се поставени во официјалната пајонска династија кралеви.

Во таа смисла **Агид** (до 359/358 г. пр. Хр.) е првиот пајонски крал кој е потврден во литерарните извори,[123] но за жал до сега не се познати изданија на

---

[117] Лилчиќ, Јосифовски 1994, 27-37, базирајќи се на аналогиите на претставениот кантарос на реверсот, владеењето на Тевтај го определиле во втората половина на V век пр. Хр.; Петрова 1999, 98, поаѓајќи од конзервативизмот во пајонското монетоковање, ја спуштила временската рамка во првите децении на IV век пр. Хр.; оваа хронологија се чини поприфатлива, бидејќи има и стилско-типолошка и лингвистичко-етимолошка основа, *види* Павловска 2008, 18-19.

[118] Obradović 2002, 211-218; Kretz 2006, 261, наведува и келтски имиња со истиот корен.

[119] Павловска 2010, 187.

[120] Six 1875, 22-23, Pl.I.2.

[121] Юрукова 1970, 277-278

[122] Павловска 2010, 185-191.

[123] Diodorus, XVI.4.2.

монети што би се поврзале со него. Така, официјалното кралско пајонско монетоковање се појавило пред средината на IV век пр. н.е.

Всушност, неговите почетоци се во времето на **Ликеј** (359/358-340/335), кој е првиот пајонски владетел литерарно посведочен, а кој воедно емитувал и монети со сопственото име. Тие биле изработувани само во сребро, според пајонскиот стандард, којшто бил користен локално, а се надоврзал на племенскиот, т.н. „тракиско-македонски" стандард, во којшто ковале и Дероните; тоа, пак, укажува на релациите коишто постоеле со ова племе. Станува збор за тежински стандард, кој се карактеризира со редуцирана тежина на основните номинали, во споредба со атичкиот. Така, паричните изданија на Ликеј имаат номинални вредности на тетрадрахми, драхми и на тетроболи.[124] Тежината на тетрадрахмите коишто ги продуцирал многу ретко достигнувала тежина од околу 13,50 г; исто така многу ретко доаѓала и до најниската граница, т.е. малку повеќе од 12 г, па оттука драхмите тежеле околу три, а тетроболите околу два грама.

Тетрадрахмите биле издавани во различни типови, судејќи според аверсната иконографија, бидејќи реверсната која ја прикажува борбата на Херакле со немејскиот лав, е заедничка за сите. Така на аверсот може да се види машки лик кој веројатно е Аполон, а бил портретиран и самиот крал, но исклучително ретко.[125] Најзастапен е приказот на Ѕевс, кој изгледа има директна аналогија со аверсот на тетрадрахмите на Филип II, а на една поретка серија од овој тип, чии примероци се присутни и во познатата, т.н. „Пајонска остава", стилската сличност со тетрадрахмите на Филип е изразено блиска.[126] Ликовниот приказ на Херакле, пак, на реверсната сцена исто така заслужува внимание. Имено, освен од Ликеј, неговата претстава не била употребена од ниеден друг пајонски крал, а нема ни записи за почитувањето на овој бог кај Пајонците. Меѓутоа, тој бил многу почитуван кај Македонците и бил сметан за родоначелник на кралската куќа,[127] па, оттаму оваа иконографија можеби била наменета за нив, т.е. за македонскиот крал, кому всушност Пајонија и му била подредена и веројатно му плаќала данок во овие големи вредности. Имено и

---

[124] За основните типови пари емитувани од Ликеј *види* Gaebler 1935, 199-201, T.XXXVII.1-14.

[125] SNG ANS 1021.

[126] Sotheby*, PH*, 62.

[127] Проева 2004, 116-118.

продукцијата на тетрадрахмите е со повисок квантитет во споредба со помалите вредности, наменети за локална употреба. Наодите на трезорирани тетрадрахми на Ликеј одат во прилог на оваа претпоставка.[128]

Кај останатите две номинали, пак, на аверсот повторно е претставен ликот на Аполон и нема никаква дилема околу локалниот карактер на неговото прикажување. Имено, овој бог бил обожуван од Пајонците како нивно главно божество, почнувајќи со култот на Сонцето,[129] кое подоцна станало еден од неговите аспекти.[130] Освен неговиот лик, на предната страна на драхмите може да има и приказ на женски лик, или на ликот на владетелот кај тетроболите, додека на задната, лав или коњ, соодветно. Интерсно е да се истакне една нова варијанта на многу реткуте драхми на Ликеј, откриена во последните години, на којашто ликот на Аполон е прикажан налево на аверсот, додека лавот на реверсот е претставен со плен во устата. За сега ова е еднинствен познат примерок.[131] Прикажувањето на ликот на Аполон како аверсна претстава кај Ликеј, типолошки може да се поврзе со ковниците во Олинт и во Дамастиј.

Монетковањето на Ликеј се чии дека вклучува и други ретки примероци, како што е и типот на тетроболот со невообичаена и, сè уште, единствена иконографија; станува збор за уникатен примерок на чиј аверс се наоѓа лав, а на реверсот волк.[132] Лавот во оваа прилика за прв пат се поставува како аверсна иконографија, додека пак волкот како претстава за прв и единствен пат се прикажува на монета искована од пајонски владетел. Оваа иконографска комбинација, всушност, ја означува сакралната дилогија на Аполон, со тоа што лавот го означува соларното, а волкот хтонското начело. Имено, во античката религија паралелно било почитувањето на соларниот и на хтонскиот култ. Меѓутоа Аполон кај автохтоните балкански популациии во предримската епоха многу често бил почитуван како божество кое ги обединувало и двете начела,[133] како што изгледа бил и кај Пајонците. Аполон, покрај многуте епитети, се

---

128 Pavlovska 2012, 107-120.

129 Max. Tyr. VIII.8.

130 Срејовић, Цермановић 1979, 41.

131 Се чува во Музејот на НБРМ, инв. бр. 2008/3/5/1.

132 Петрова, Лилчиќ 1997, 4-9; Петрова 1999, 101-103; Petrova 2001, 19.

133 Јовановић 2007, 13.

нарекувал и Аполон Ликеј (Λύκειος - волчји).[134] Меѓутоа, кај овој тетробол е интересно и тоа што името на кралот е предадено со кратенката ΛΥΠΠ, којашто упатува на формата Липеј (Λύππειος) за неговото име, единствено посведочена на инскрипцијата откриена во Атина, во врска со сојузот против Македонија.[135] Инаку, за првобитна форма на името на овој крал се смета Ликпеј (Λύκπειος),[136] па за да ја доближат до хеленската ортографија, а можеби и за да се доближи името до епитетот Ликеј (Λύκειος) на Аполон, во Пајонија *п* се заменила со *к*.[137] Веројатно е дека така настанала формата Ликеј, којашто е позната од монетите, додека оригиналната е многу ретка и веројатно е карактеристична за изданијата од почетокот на неговото владеење, што е поткрепено и со архаизираната графија на генитивот што завршува на *-о*.[138]

**Патрај** (340/335-315) продолжил да издава во сребро големи серии на пари инскрибирани со неговото име. Како и Ликеј, и тој ги продуцирал своите парични изданија според пајонскиот стандард, со истите вредности на тетрадрахми, драхми и на тетроболи,[139] но, во многу поголеми серии од оние на неговиот претходник.

Тетрадрахмите биле емитувани во две различни серии, од кои едната била краткотрајна, па заради тоа и тетрадрахмите од типот *Аполон // коњска глава* се многу ретки. Другата серија како аверсна иконографија го прикажува или ликот на владетелот, или машка глава со карактеристики на Аполон. Реверсот кај обата типа прикажува иста воена сцена на пајонски коњаник кој со долго копје прободува соборен хоплит, кој, пак, се брани со тркалезен штит. Таа изгледа првобитно ја овековечила победата на пајонскиот командант Аристон во војската на Александар, кој го поразил персискиот Сатропат во 331 година пр. Хр., пред битката кај Гавгамела;[140] но, подоцна, штитот бил сменет, така што се гледаат карактеристиките на македонскиот штит. Ова е јасна импликација дека настанала нова политичка ситуација. Имено, иако речиси не

---

[134] Петрова, Лилчиќ 1997, 8; Петрова 1999, 101-103; в. и Срејовић, Цермановић 1979, 38-42.

[135] *I.G.* II² 127.

[136] Кацаров 1921, 47, заб. бр. 33.

[137] Six 1875, 22.

[138] cf. Павловска 2008, 20-21.

[139] За основните типови пари емитувани од Патрај, *види* Gaebler 1935, 201-203, 1-12, Т. XXXIV.15-26.

[140] Q. C. Ruf. IV.9.25; Plut., *Alex.* 39.

постојат податоци за овој период од пајонската историја, сепак познато е дека по смртта на Александар Велики во 323 година пр. Хр., Антипатар бил поставен за стратег автократор на Македонците, Хелените, Агријаните, Илирите, Трибалите и на Епирците,[141] но не и на Пајонците, што значи дека тие изгледа повторно ја стекнале својата автономија. Вметнувањето на македонскиот штит на реверсната сцена на тетрадрахмите на Патрај го сугерира токму тоа.[142]

Кај помалите деноминации, пак, ликовите на Аполон и на владетелот, повторно се прикажани на аверсот; додека на реверсот секогаш има преден дел од дива свиња кај драхмите, односно орел со склопени крила кај тетроболите.

Тетрадрахмите на Патрај, во текот на 4 век пр. Хр., биле популарно платежно средство и помеѓу варварските племиња населени на териториите северно и североисточно од Пајонија; заради тоа биле произведувани од локалните мајстори и како варварски имитации.[143]

Инаку, од иконографијата на монетите, воочливо е дека кај првите двајца кралеви, Ликеј и Патрај, било доминантно почитувањето на богот Аполон. Култот кон овој бог кај Пајонците влече корени од минатото, кога бил почитуван како бог на Сонцето, односно Хелиј во *interpretatio Graeca*, со кој се поистоветил.[144] Преку Сонцето, Аполон е и бог на исцелувањето,[145] кој се нарекувал Пајон.[146] Во Пиндаровиот пајан „За Абдеријците", Аполон се јавува со епитет Дерајн (Δήραινος),[147] термин што има допирни точки со Дероните, со кои пак се врзува и терминот Деронај (Δερρωναίος). Овој назив се среќава на предната страна на тетрадрахма на Ликеј, покрај ликот на Аполон,[148] кој според Г. Х. Мекарди, означува име на божество, коешто добило етничка придавка, во овој случај поврзана со Дероните.[149] Сето ова јасно го покажува континуитетот

---

141 Dexipp., fr. 1b, 3R (=Phot. Bibl. cod. 82), Arr. (succ. fr.1a).

142 Cf. Liampi 1998, 134-137.

143 Герасимов 1963, 270-272.

144 Срејовић, Цермановић 1979, 41, 457; в. и Max. Tyr., VIII.8.

145 Срејовић, Цермановић 1979, 41.

146 Г. Х. Мекарди (Macurdy 1925, 98-101, Macurdy 1930, 297-303), Пајон го поврзува со Пајонците, како етничка придавка на нивниот бог Исцелител, било да е тоа Сонцето, Аполон или Асклепиј; в. и Срејовић, Цермановић 1979, 324. Пајан, пак, е и термин за песна поврзана со Аполон.

147 Πίνδαρος, Παιάνες 2: Ἀβδηρίταις, 5: според *ИИТТ* I, 76.

148 Gaebler 1935, 199, no. 4.

149 Macurdy 1930, 298.

во почитувањето на соларниот култ, но и поврзноста на Пајонците и пајонската кралска династија со Деронитe.

**Авдолеонт** (315-285/284), како и неговите двајца претходници, издавал пари исклучиво во сребро.[150] Монетоковањето на Авдолеонт ги опфаќало истите номинални вредности од минатото - тетрадрахми, драхми и тетроболи, со тоа што била додадена и една нова номинала - дидрахма; биле издвани според пајонскиот стандард, исто така. Меѓутоа по 306/5 година пр. Хр., веројатно од политички причини пуштил во оптек една ретка емисија на тетрадрахми од типот на Александар (*Херакле со лавовска кожа* // *Ѕевс на трон*), секако ковани во соодветниот атички стандард, кои ги потпишал со сопственото име и со кралската титула (ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΑΥΔΩΛΕΟΝΤΟΣ). Продукцијата на овие тетрадрахми е минорна, па изгледа биле ковани во многу кус период, пред крајот на неговиот живот.[151] Тие му послужиле не само како пропагандно средство за истакнување на кралската титула, туку и да го одбележи своето учество во протерувањето на македонскиот крал Деметриј Полиоркет од Македонија и од Атина.[152]

Се чини дека иконографијата на изданијата на Авдолеонт не е многу богата. Имено, на аверсот на сите деномонации вообичаено е претставен ликот на божицата Атена, при што за тетрадрахмите, драхмите и за тетроболите, карактеристично е нејзиното прикажување во анфас, а за дидрахмите во профил. Реверсната слика, пак, е приказ на коњ во од, на тетрадрахмите, дидрахмите и драхмите, а кај тетроболите е претставен само неговиот преден дел. Но, Авдолеонт издавал и еден тип тетроболи коишто се поретки и освен вообичаениот реверс, на аверсот го имаат ликот на богот Дионис. Тој ковал и тип на драхми, коишто го прикажуваат ликот на владетелот на предната страна, а преден дел од дива свиња на задната. Оваа реверсна претстава е карактеристична за драхмите на неговиот татко Патрај, па затоа се смета дека овие ретки изданија ги ковал на почетокот на своето стапување на пајонскиот трон.[153]

---

[150] За сите типови и номинални вредности на Авдолеонт, *види* Gaebler 1935, 203-205, T.XXXVIII.1-13.

[151] Еден примерок од овие ретки тетрадрахми бил откриен како дел од оставата во село Прилепец, Прилеп, *види*, Vučković-Todorović 1958, 246, бр. 163.

[152] Waggoner 1982, 99-102.

[153] Петрова 1999, 106.

Покрај основната иконографија, на реверсот на паричните изданија се наоѓаат и одредени симболи, карактеристични за секој владетел одделно. Така кај Авдолеонт посебно е интересен неговиот монограм ⩚, кој во себе ја инкорпорира и буквата Y. Оваа буква, во стилизирана форма, забележлива е и на некои од монетите кај сите пајонски кралеви кои ковале во сребро, а понекогаш наликува и на растение или на цвет. Изгледа е можно дека станува збор за кралски ковнички знак,[154] а присуството на овој симбол како дел од монограмот кој се појавува и на монетите на Авдолеонт, упатува на тоа дека и тетрадрахмите од типот на Александар, биле исковани во пајонските ковници, каде изгледа биле ковани и дел од постхумните во името на македонскиот крал.[155]

Инаку освен официјалните, постоеле и варварски имитации на тетрадрахмите на Авдолеонт, од типот *Зевс со лавров венец || AYΔΩΛE•N-T•Σ; коњаник со шлем.*[156] Тие всушност типолошки се најблиски со тетрадрахмите на Филип Македонски, коишто исто така биле популарни помеѓу варварските племиња, посебно Келтите, со кои Пајонија изгледа одржувала трговски врски.[157]

**Аристон** (285/284), синот и наследник на Авдолеонт, воопшто не се одржал на тронот по смртта на својот татко, така што, тој немал можност за сопствено монетоковање. Во моментот на неговото крунисување Пајонија била нападната и освоена од Лисимах,[158] останувајќи во тие рамки до неговото загинување во 281 година пр. Хр.

Пајонското кралско монетоковање било повторно воспоставено неколку години подоцна, дури во времето на помладиот син на Авдолеонт, **Леонт** (ca. 278/277 - ca. 250 (?)), а по повлекувањето на Галите од пајонскиот простор. Инвазијата на Галите (280/279) ја опустошила и ја осиромашила Пајонија, а стабилноста и економската моќ од времето на Авдолеонт исчезнале. Затоа и изданијата на Леонт биле ковани исклучиво во бронза и тоа во многу ограничени изданија, веројатно во последните години на неговото владеење.

---

[154] Seyrig 1963, 12-14.

[155] Waggoner 1982, 99-102, Waggoner 1983, 5-21; *види* и Seyrig 1963, 12-14; Price 1991, 151.

[156] Gaebler 1935, 205, no.13, T. XXXVIII-7.

[157] Merker 1965, 54.

[158] Polyaenus, IV, 12. 3: според Papazoglu 1969, 427.

Од иконогрфаски аспект, изданијата на Леонт на аверсот секогаш го прикажуваат Дионис со бршленов венец, претстава што веројатно се надоврзува на аверсната иконографија на реткиот тип на сребрени тетроболи кои ги издавал неговиот татко Авдолеонт со ликот на овој ист бог. Реверсот пак, илустрира претстава на лав, којшто на еден дел од монетите е прикажан како целосна фигура во трчање, а на останатите само неговиот преден дел. Во поглед на инскрипциите, забележливо е дека и Леонт ја поседувал титулата *басилеј*, како и неговиот татко, која редовно била испишана пред неговото име на реверсот. Во однос на монетарниот систем, пак, изгледа дека кај Леонт, тој се состоел најмалку од две одделни деноминации, кои имаат и одговарачка иконографија, односно, кај поголемата, претставата на лавот на реверсот е целосна фигура на ова животно, додека кај помалата деноминација тоа е неговиот преден дел.[159]

Синот на Леонт и основачот на Пајонскиот Којнон, **Дропион** (ca. 250 - ca. 230), продуцирал само бронзени парични изданија исто така.[160] Се чини дека, во монетоковањето на Дропион имало само една деноминација, којашто постоела во три различни иконографски типови.

Имено, сите изданија на Дропион на реверсот ја имаат истата претстава на молња, инскрипција ΠΑΙΟΝΩΝ и монограм ₰. Типолошката разлика се издвојува според аверсот, бидејќи засега се познати три различни прикази. Два од нив се веќе добро познати - претстава на ликот на Ѕевс, кај едниот и коринтски шлем кај другиот тип.[161] Третата претстава, за жал се наоѓа на примерок кој не е најдобро зачуван, но сепак е воочливо дека портретира машки лик, најверојатно ликот на кралот, и е до сега единствена и непозната.[162] Инаку и типот со коринтски шлем на аверсот е исто така многу редок и за сега се познати само три од овие примероци; но, затоа пак портретирањето на Ѕевсовиот лик е најчесто и најпознато.

---

[159] Павловска 2008, 24, бр. 115-124. Постои отворена можност дека Леонт издавал и трета деноминација, *види*, Шелдаров, 2004, 39-47; нејзиното постоење во овој момент е само на ниво на претпоставка.

[160] Б. Хед (Head 1911, 237-238), прв ги припишал овие монети на Дропион; в. и Gaebler 1935, 206, (Добер); Битракова-Грозданова 1987, 86-87; Šeldarov, Lilčić 1992, 7-11 (Добер); Петрова 1991, 56, Петрова 1999, 107-112, Petrova 2001, 22-25 (Дропион); Josifovski 2000, 15-28 (монети со натпис ΠΑΙΟΝΩΝ).

[161] Павловска 2008, бр. 125-218, 220-221.

[162] Павловска 2008, бр. 219.

Со смртта на Дрпоион, последниот крал на Пајонците, кралското монетоковање замрело, а Пајонија исчезнала како политичка целина.

## 3. Монетоковањето на ковницата во Дамастиј

Древниот град Дамастиј, чијашто местоположба не е со сигурност потврдена, најмногу е познат по своите значајни изданија на сребрени пари, преку кои се врзува со пајонскиот монетен круг, а со тоа и со соседството на Пајонија.

За Дамастиј постојат записи единствено кај географот Страбон,[163] според кои, градот бил познат по своите рудници за сребро, а го основале протераните жители на Ајгина и на Менде; освен податокот дека се наоѓал во задднината на илирските градови Аполонија и на Епидамнос (денешен Драч), тој не ја прецизирал неговата местоположба.

Ковницата во Дамастиј функционирала во текот на 4 век пр. Хр. (са. 395 – са. 325/320 г. пр. Хр.[164]) и издавала серии на сребрени пари кои го носеле името на градот, ковани во три номинални вредности - тетрадрахми, драхми и тетроболи. Ликот на богот Аполон се јавува на предната страна и кај тетрадрахмите и кај тетроболите, на чии реверси секогаш има претстава на триножец - кај првите, односно триножец или рударска алатка, кај вторите. Но, некогаш наместо Аполон, може да се појави и ликот на Дионис (?) на аверсот на тетрадрахмите. Ликовните претстави, пак, на драхмите покажуваат женски лик на предната страна и ингот на задната.

Според стилско-иконографските и метролошките карактеристики, ковницата на Дамастиј бележи две фази во паричната продукција, според влијанијата во монетоковањето. На почетокот, влијанието доаѓало од југ, од егејскиот брег, пред сè од Олинт и од Халкидичката лига.[165] Во подоцнежниот период, пак, таа потпаднала под влијанието на Пајонија како што укажуваат иконографските особености и метролошки параметри, односно редукцијата на, тежинскиот стандард; тоа било во време на Ликеј, а особено за време на управата на Патрај, кога Дамастиј можеби бил и под директна пајонска власт.[166]

---

163 Strabo, VII.7.8; VIII.6.16: според Mayer 1957, 105.

164 Џ. Меј (May 1939, 46-163), ја направил временската класификација на монетоковањето и го поделил во десет групи.

165 May 1939, 17-19, 45.

166 May 1939, 107, 161-162.

Според ова, несомнено локацијата на Дамастиј и неговите рудници се наоѓале во соседството на Пајонија, како што своевремено заклучил Меј, при тоа, поставувајќи ја неговата местоположба во регионот, чија граница на запад се доближувала до Дасаретите и Црн Дрим, а на север и на исток до Дарданија и до Пајонија.[167] Според истражувањата што следеле, пак, различни автори изнеле свои претпоставки околу убикацијата на Дамастиј, но сепак доминираат мислењата дека градот треба да се бара на територијата на Косово.[168]

Монетоковањето на Дамастиј е во тесна врска со ковањето пари на градовите Дапарија, Пелагија, Сарноа, Дарадо, кои стилски припаѓаат на дамастијскиот круг;[169] од нив само Пелагија има позбележителна продукција на пари.

Градот Пелагија, всушност, е единствено познат токму од своите монетни изданија и неговите монетоковнички почетоци датираат од са. 360 г. пр. Хр. Тогаш настанала тертадрахмата од уникатен тип - *глава на Аполон // ПЕЛАГІТАОN, околу македонски штит*. Наскоро, Пелагија потпаднала под влијанието на Дамастиј, сè до затворањето на дамастијската ковница во са. 325/320 г. пр. Хр. Продукцијата на пари на Пелагија продожила и потоа, до са. 280 г. пр. н.е., кога заради галската инвазија била прекината. Така, биле издавани и тетрадрахми или со машки, или со ликот на Аполон, на предната, и триножец, на задната страна. По преземањето на работата во ковницата од страна на локалните и неуки мајстори, постоечкиот дизајн на парите бил сменет, така што и претставата на триножецот станала нереална. Биле издавани и драхми со женски лик, на аверсот, а ингот, на реверсот, како и тетроболи со претстава на Аполон на предната, односно триножец, на задната страна. Последните две децении од работењето, ковницата во Пелагија произвела една крајно стилски варваризирана емисија на пари, која има и соодветна редуцирана тежина. На овие изданија се прикажува ликот на

---

[167] May 1939, 28.

[168] В. Соколовска (Соколовска 1990, 23, Sokolovska 1996, 16-17), Дамастиј го идентификува на местото на римскиот муникипиј кај Сочаница во Косово, односно на некогашната агријанска територија. Д. Ујес и К. Ромиќ (Ујес, Ромић 1996, 77-98), по анализата на дисперзијата на поединечни наоди и остави со дамастијски пари, како и според лежиштата на руда, ја сметаат областа на денешно Косово за најсоодветна, в. и Ujes 2002, 103-129; Е. Петрова (Петрова 1991, 61, Петрова 1999, 117), ја посочува истата територија.

[169] May 1939, 164-188, 195-198; Sokolovska 1996, 13-19, ги идентификува ако агријански градови со сопствено монетоковање.

Херакле со лавовска кожа и рогови на аверсот, додека на реверсот останал триножецот.[170]

За разлика од Дамастиј, Пелагија воопшто не се ни споменува во изворната литература. И нејзината убикација е на ниво на претпоставка, но според паричната иконографија би требало да се наоѓа во близината на Дамастиј, а со тоа и во соседството на Пајонија. Меј, местоположба ја лоцира северно од скопскиот регион, недалеку од границите со Дарданија,[171] но, повеќето истражувачи во врска со оваа проблематика се согласни дека територијата на Полог е најсоодветна за лоцирањето на Пелагија.[172]

---

170 За хронологијата и монетоковањето на Пелагија, в. May 1939, 169-188.

171 May 1939, 169.

172 *НМ* 2, 669; Соколовска 1990, 29; Sokolovska 1996, 17; Петрова 1991, 61, Петрова 1999, 118.

# 4. Монетоковањето на Аргеадите

## 4.1. Кралското монетоковање во раниот период: 498 - 359 година пред Христа

### Александар I Филхелен (498 - 454)

Историјата на македонското кралско монетоковање започнала со Александар I, наречен „Филхелен" во хеленистичката ера;[173] тој е првиот македонски крал којшто го означил сопственото име на реверсот на парите што ги исковал.[174] Со проширувањето на исток, Александар го стекнал и богатиот рудник околу езерото Прасијада, во Стримонскиот басен, од кој, според Херодот (V.17), добивал по еден талант (околу 26 кг) сребро дневно. Токму тоа и му овозможило во периодот помеѓу 479 и 454 година пр. Хр. да продуцира богати серии монети, исклучиво во сребро. Според тежинскиот стандард, типот и деноминациите, неговите изданија, се надоврзуваат на племенските, односно претставуваат нивна кралска варијанта. Биле издавани различни номинали, со вредност на октодрахми, тетрадрахми, октоболи, тетроболи, но и помали фракции.

Во таа смисла, интересен факт е тоа што тетроболските деноминации биле ковани според два различни стандарда - тежок и лесен; имајќи при тоа и соодведна иконографија: *коњаник на коњ // преден дел од лав во вдлабнат квадрат* за тешките, и *коњ // шлем со перјаница во вдлабнат квадрат* за лесните тетроболи. Не е позната причината за произведување на деноминации со толку блиска тежина, но се претпоставува дека тоа би требало да овозможи полесно вклопување во размената помеѓу македонската кралска валута и основните хеленски и племенски валути.[175] Но, не само тежината (2,45 и 2,18 г) и иконографијата, туку и квалитетот на среброто бил различен, така што лесните тетроболи биле правени од полоша легура.[176] Тешките тероболи биле

---

[173] Hammond *во HM* 2, 101 и заб. 3; во врска со овој епитет *види* и, Borza 1990, 113; Проева 2004, 164-165.

[174] Raymond 1953, 78-135, детално за кралското монетоковање на Александар I.

[175] Price 1974, 19; Kraay 1976, 142.

[176] Price 1974, 19; Kraay 1976, 142.

секако поквалитетни и првенствено биле наменети за надворешна трговија, со локалните племиња, на што упатува и аверсната претстава, додека лесните од нискокавлитетно сребро, биле најмногу користени внатрешно, во рамки на Кралството.[177] Географската дистрибуција на остави што ги содржат овие тетроболи оди во прилог на ваквата претпоставка.[178] Меѓутоа, од друга страна, лесните тетроболи, кои биле ковани најдолго од сите деноминации, со својата тежина одговарале на атичкиот триобол; веројатно тие биле издавани и заради трговијата со Атина, служејќи за ситна размена.[179]

Според типолошкиот аспект, изданијата на Александар I имаат најголема блискост со монетоковањето на Бисалтите. Дел од неговите рани серии на октодрахми и октоболи од типот *маж со кавсија и две копја стои зад коњ // вдлабнат квадрат*, иконографски покажуваат идентичност со бисалтските изданија; тие биле паралелно емитувани со изданијата на македонскиот крал. Сепак, многу почеста аверсна иконографија кај изданијата на Александар I е приказот на *коњаник на коњ со кавсија и две копја*, којшто бил користиен речиси за сите вредности (октодрахма, тетрадрахма, тежок тетробол). На аверсот биле претставувани и коњ (цела фигура и преден дел) и машка глава со кавсија, кои биле карактеристични за помалите деноминации (лесен тетробол, диобол, обол). Реверсната иконографијата е разновида, исто така; покрај вдлабнатиот квадрат поделен на 4 дела (октодрахма, лесен и тежок тетробол, обол), се поставуваат и глава во шлем или само шлем со перјаница (тетрадрахма, лесен тетробол), глава и преден дел од јарец[180] (тетрадрахма, диобол?), преден дел од лав (тежок тетробол). Многу често и одредени растителни и животински симболи биле употребувани, како бршленов, лозов лист, куче (загар), жаба, како и кадукеј; тие се карактеристични само за поголемите деноминации,[181] чиишто реверси го носат и името на кралот, предадено во генитив (ΑΛΕΞΑΝΔΡΟ) или, пак, само неговата кратенка (Α, ΑΛΕ);

---

177 Price 1974, 19; Kraay 1976, 142; cf. Raymond 1953, 155.

178 Hersh 1991, 5-19; *види* и Pavlovska 2006, 277-284.

179 Raymond 1953, 132-134.

180 Јарецот бил поврзуван со кралската ковница во Ајга; имено, се смета дека пред појавата на кралските монети, во македонската престолнина биле издавани сребрени статери и фракции од типот *јарец // вдлабнат квадрат поделен на 4 делови*, *види* Price 1974, 18-19; *види* и Raymond 1953, 49-52. Според последните истражувања овие монети се припишуваат на племето Мигдонци / Крестонци, *види* Lorber 2000, 113-133; или на градот Галепс, *види* Psoma 2003, 227-242.

181 Raymond 1953, 90.

на некои примероци на лесни тетроболи, пак, буквите А и Н се појвуваат и на аверсот.

Монетоковањето на Александар I, хронолошки припаѓа на 3 групи, според Рејмонд:[182] I група: 480/479 – 477/476 година пр. Хр. (октодрахми, тетрадрахми, тешки и лесни тетроболи, фракции); II група: 476/475 – 460 година пр. Хр. (октодрахми, тетрадрахми, октоболи, лесни тетроболи, фракции); III група: 460 – 451 година пр. Хр. (октодрахми, тетрадрахми, тешки и лесни тетроболи); нејзините одредници се прифатени и во каталогот што следи на крајот на овој труд.[183]

Се чини дека пред крајот на својот живот, Александар I се соочувал со недостиг на сребро, така што престанал да емитува пари со висока вредност, како октодрахми, тетрадрахми, па дури и тешки тетроболи; продолжило само издавањето на лесните тетроболи.[184]

## Пердика II (ca. 454 - ca. 413)

Турбулентните политички настани на кои бил изложен Пердика II на самиот почеток на кралувањето, и на внатрешен и на надворешен план, се одразиле и во неговото монетоковање. Проблемот со снабдувањето со сребро бил сè уште актуелен, така што за време на неговото долго 40-годишно влдеење, тој исковал само ниски парични вредности на тетроболи и на помали фракции.[185]

При продукцијата на тетроболите сè останало исто како и кај неговиот татко. Така, овие деноминации се ковале повторно и според лесниот и според тешкиот стандард, а соодветните иконографски типови биле задржани, исто така (*коњ // шлем со перјаница во вдлабнат квадрат* и *коњаник на коњ // преден дел од лав во вдлабнат квадрат*). На реверсот, се вметнувале и одредени симболи, како што се растение, цвет, кадукеј, но и букви од името на Пердика (ΠΕΡΔΙΚ), исто така. Сребрената легура, повторно била со истиот

---

182 Raymond 1953, 78-135.

183 Price, Waggoner 1975, ја оспориле нејзината хронологија; Kraay 1977, 190-193, прави ревизија и ја потврдува како прифтлива; cf. Kagan 1987, 21-28, за почетната година на монетоковање на Александар I.

184 Price 1974, 19; *види и* Raymond 1953, 134.

185 Raymond 1953, 136-166, детално за монетоковањето на Пердика II.

квалитет по однос на тетроболите, односно за тешките била поквалитетена, а за лесните со послаб квалитет.[186]

Кај помалите и исклучително ретки вредности (оболи, диоболи?), иконографијата речиси соодветствува со онаа на тетроболите. За аверсот се употребувале претстави на коњ (цела фигура и преден дел); а за реверсот, на кој вообичаено е инскрибирана кратенка од името на Пердика (ПЕР), квадрат поделен на 4 делови, преден дел од лав, како и преден дел од вепар, претстава којашто подоцна ќе биде употребувана од некои македонски кралеви, почнувајќи со Архелај. Но, на една сребрена фракција, на аверсот, портретиран е ликот на Херакле, митскиот предок на Македонците. Таа била веројатно најпознатата и најупотербуваната иконографија во македонското кралско монетоковање, особено во годините што следувале. Така, примерокот од типот *глава на брадест Херакле со лавовска кожа || ПЕР; лак и суровица*, своевремено му бил припишуван на Пердика II, со изразен сомнеж дека би можела да е и на Пердика III,[187] како што било подоцна прифатено.[188]

Хронолошки, монетоковањето на Пердика II припаѓа на една група, која во себе вклучува неклку серии на парични изданија[189]. Лесните тетроболи биле издавани во 4 серии: I серија: 451/450 – 447/446 година пр. Хр.; II серија: 446/445 – 468/437 година пр. Хр.; III серија: 437/436 – 435/434 година пр. Хр.; IV серија: 415 – 413 година пр. Хр.; а тешките во 3 серии: I серија: 443/442 - 438/437 година пр. Хр.; II серија: 437/436 – 432/431 година пр. Хр.; III серија: 431/430 – ca. 425/424 година пр. Хр.

Монетоковањето на Пердика течело речиси непрекинато, освен еден 10-годишен хијатус (425/424-415 г. пр. Хр.), кога по последната серија на тешки тетроболи, немало воопшто монетна продукција, сѐ до повторното воспоставување на лесните тероболи. Нивното производство, кое последен пат било пред 20 години, сега трело само две години, односно до смртта на Пердика II.

---

[186] Price 1974, 19.

[187] Raymond 1953, 164.

[188] Kraay 1976, 145 и заб. 1; Westermark 1989, 301-315, pl. LXX, no. 45.

[189] Raymond 1953, 136-166.

## Архелај (413 - 399)

Архелај, за разлика од своите претходници, кралувал кусо време, но и покрај тоа неговото монетоковање е богато и разновидно.[190] Во таа смисла, Архелај, покрај останатите реформи, презел и неколку монетарни, пред сè во тежинскиот стандард, во иконографијата, како и во воведувањето на бронзеното монетоковање, за прв пат во македонското кралско монетоковање, а едно од најраните во тогашниот хеленски свет. Исто така, од негово време натаму, на монетите секогаш се означувало и името на кралот.

Архелај го возобновил и издавањето на високите сребрени вредности кое било прекинато во времето на Александар I, кои секако биле ковани според новиот стандард. Новата сребрена номинала која се пуштила во оптек, вообичаено се нарекува статер, или понекогаш дидрахма (~10,80 г);[191] таа би можела да се поистовети и со старата пентадрахма спомената од Полиајн (III.10.14), тежински блиска со двојниот персиски сиглос (~11,20 г).[192] Оттаму и стандардот се нарекувал персиски, иако во тоа време Персија немала никаква улога во внатрешната економија на Македонското Кралство.[193] Сепак, нејзината тежина не се вклопува во ниеден од стандардите употребувани во тој период. Очигледно станува збор за типично локален стандард, така што, можно е и монетите да биле наменети само за домашна употреба. Се чини дека повеќе треба да се окарактеризира како редуциран „тракиско-македонски", бидејќи намалувањето на тежината почнало да се применува уште од страна на Пердика II, кај неговите лесни тетроболи.[194] Архелај, освен статери, во сребро издавал и помали вредности, исто така.

Од иконографски аспект, постоеле два типа статери: *македонски коњаник // преден дел од јарец* и *глава на момче со тенија // коњ*. Првиот тип очигледно се надоврзал на тетрадрахмите на Александар I. Тој веројатно бил издаван само кус период, на почетокот од неговото владеење, како што сугерира малиот број на познати примероци. Потоа бил целосно заменет со

---

[190] Westermark 1989, 301-303; Westermark 1993, 17-30, за монетоковањето на Архелај; *види и* Price 1974, 19-20; Kraay 1976, 144-145.

[191] Westermark 1993, 19.

[192] Price 1974, 20; Westermark 1989, 302-303; Westermark 1993, 19.

[193] Kraay 1976, 144.

[194] Westermark 1993, 19; Hersh 1991, 18-19.

вториот, значително помногуброен тип. Неговата аверсна претстава за прв пат била воведена од Архелај и најверојатно го портретира Аполон;[195] подоцна овој тип на Аполон бил користен и од страна на Филип II за неговите сребрени фракции и за бронзите. Кај еден дел од помалите сребрени номинали, со вредност на лесен тетробол или сега, според новиот стандард, со вредност на редуцирана драхма, Архелај ја задржал истата иконографија како и кај лесните тетроболи на Пердика II (*коњ // шлем*), додека кај друг дел, само реверсот бил сменет (*коњ // орел*). На некои уште помали фракции, пак, на аверсот бил прикажан ликот на Херакле, а на реверсот, покрај главата на лав или на волк, секогаш бил присутен и главниот атрибут на Херакле, суровицата. Неговото име целосно, во генитивна форма (АРХЕΛΑΟ) или само со кратенка (АРХЕ, АР) секогаш е инскрибирано на реверсот.

Како дел од монетарната реформа, Архелај за прв пат во македонското кралско монетоковање вовел и бронзени монети. Издавањето на новата бронзена номинала, веројатно требало да ги замени ситните сребрени номинали, коишто се многу ретки. Но, бронзените монети се исто така исклучитлно ретки, дури и помалубројни од сребрените, така што се чини дека биле продуцирани пред самиот крај на неговото владеење, са 400 година пр. Хр. Несомнено биле наменети за локланите трансакции. Од нив се познати три серии, ковани веројатно во две номинални вредности, секоја со иста аверсна претстава на глава (маска) на лав. Според реверсните претстави, поголемата деноминација е кована во два типа, со приказ на преден дел на бик или на вепар; вепарот како претстава се јавува и на реверсот на помалата деноминација.

Пуштањето во оптек на бронзените монети, како замена за сребрените фракции значело удар за економијата во регионот, бидејќи сега пари со ниска вредност циркулирале како монети со фиксна вредност, многу повисока од реалната; таа девалвација на монетите коишто циркулирале во регионот (златниот персиски дарејк), започнала уште со сребрениот статер на Архелај со редуцирана тежина, којшто исто така бил наметнет за локална трговија.[196]

Пред самиот крај на кралувањето (*ca.* 400 г. пр. Хр.), Архелај ја префрлил и македонската престолнина од Ајга во Пела, по што исто така

---

[195] Westermark 1989, 303.

[196] Price 1974, 20.

останал забележан во историјата. Оттаму, неспорно е дека во Ајга останала и кралската ковница, којашто продолжила да издава пари, не само за Архелај и за неговите непосредни наследници, туку веројатно и за Филип II и за Александар Велики.[197]

## Аероп II (396 - 393)

Аероп II, веројатно брат на Архелај, кусо време се одржал на македонскит престол. Од кусото кралување на Аероп постојат и сребрени и бронзени изданија. Неговата сребрена продукција на пари вклучувала статери и многу ретки фракции, од истиот тип како и Архелај, но сега со легенда која го означувала неговото име (АЕРОПО) и која ги разликувала од оние на неговиот претходник. Така статерот е од типот *глава на момче (Аполон) со тенија || коњ*; а фракциите *Херакле || преден дел од волк (лав)*. Затоа пак, бронзеното монетоковање на Аероп е значително помногубројно и поразновидно од она на Архелај. Била издавана само една деноминација, но кована во четири различни типови. Аверсната иконографија е секогаш со глава на момче со петас, и веројатно го прикажува ликот на Хермес; на реверсот покрај инскрипцијата со името, биле прикажани преден дел од вепар, коњ, преден дел од лав со коска и преден дел од лав со прикажани предни нозе.[198]

## Павсанија (393 - 392) и Аминта II Малиот (393)

Синот на Аероп, Павсанија и Аминта II Малиот, вонбрачниот син на Архелај, се чини дека една година (во 393 г. пр. Хр.) заедно кралувале.[199] Обајцата кралеви продуцирале свои сребрени и бронзени изданија на монети, при тоа, сребреното монетоковање иконографски е продожение од минатото и опфаќа статери од добропознатиот тип *глава на момче со тенија || коњ*. Секако, секое од изданијата го носи и името на кралот на реверсот.

Во таа смисла, интересно е дека за изданијата кои имаат инскрипција AMYNTA било тешко да се направи дистинкција во нивното атрибуирање, по

---

[197] Price 1991, 85-86, 109-110.

[198] Westermark 1989, 304-305, за монетоковањето на Аероп II.

[199] Проева 2004, 201.

однос на Аминта II или на неговиот истоимен наследник, Аминта III. Сепак, врз основа на иконографијата и стилот кои прават една целина, прифатено е дека му припаѓаат на Аминта II.[200] Во неговото бронзено монетоковање, пак, се чини дека тој издавсл само една деноминација, кована во три серии. Аверсот повторно има единствена претстава, како и кај Аероп, па и во овој случај прикажува глава на момче, додека на реверсот покрај легендата со името (AMYNTA), има и претстава на шлем, преден дел од волк кој глода коска и преден дел од волк кој трча. Овој лик не може со сигурност да се идентификува, иако биле изразени претпоставки дека би можело да биде или Пан или Арес.[201]

Неговиот современик Павсанија издал бројни примероци на монети, имајќи го предвид неговото кусо владеење.[202] Но, тој веројатно се соочувал со недостиг на сребро, на што укажуваат и неговите статери кои биле ковани во редуцирана тежина (под 10 г) и кои вообичаено биле посребрени со неквалитетна легура; биле издавани во гореспоменатиот тип. Павсанија продуцирал и ретките сребрени фракции, кои се од типот *коњ // преден дел од лав* (драхма) и *преден дел од коњ // шлем* (хемидрахма). Тие имаат тежина која се вклопува во лесниот „тракиско-македонски" стандард, а биле продуцирани од неквалитетно сребро, исто така. И Павсанија издавал бронзени монети само во една деноминација, која за разлика од онаа на претходниците, е во поголем модул. Ковани се два типа, од кои едниот е издаван во две варијанти. На аверсот, како и кај Аминта II, се наоѓа приказ на глава на момче, која во случајов е врзана со тенија, па би можела да се идентификува како Аполон. На реверсот покрај претставите на преден дел од вепар со испружени нозе, за првата, или со свиткани нозе, за втората варијанта, целосно или делумно стоело и неговото име (ΠΑΥΣΑ; ΠΑΥΣΑΝΙΑ). Вториот тип е приказ на преден дел од лав со испружени нозе. Забележлво е дека првиот тип е преземен од Архелај, а вториот од Аероп.

---

[200] Westermark 1989, 305.

[201] Westermark 1989, 305-306.

[202] Westermark 1989, 306, за монетоковањето на Павсанија.

## Аминта III (392 - 370)

Паричната продукција на Аминта III опфаќала изданија во сребро и во бронза, како и кај неговите претходници.[203] Како и Архелај и тој ковал две серии на сребрени статери; првата е од типот *глава на брадест Херакле || коњ*, а втората *коњаник на коњ во галоп || лав со копје во челуста*. Очигледно, претставата со македонскиот коњаник е возобновување на аверсната иконографија од статерите на Архелај и веројатно станува збор за сцена на кралски лов. Фракциите, пак, кои ги издавал, се од типот *глава на млад Херакле || орел*. И обете деноминации биле продуцирани од нискоквалитетно сребро, со тоа што кај фракциите било толку лошо што дури личеле на бронзени; нивната тежина исто така е варијабилна и неправилна. Од иконографски аспект, освен претставата на сцената со македонскиот коњаник, интересно е дека сите аверсни претстави на монетите на Аминта го прикажуваат ликот на Херакле. Тоа се однесува и за бронзеното монетоковање, каде што Херакле е претставен, на сите три деноминации; најмалата од нив била издавана во три типови. Херакле на аверсот е прикажан е со или без брада, додека на реверсот тоа има претстави на орел кој раскинува змија, преден дел од вепар и суровица над него, вкрстени лак и суровица, само суровица, како и глава на вепар. Секако, името на Аминта (AMYNTA) секогаш е испишано на реверсот и кај сребрените и кај бронзените деноминации. Кога ќе се согледа во целост, монетоковањето на Аминта III, оддава карактеристики кои имаат многу допирни точки со монетоковањето на Архелај. Во таа смисла, воочлива е употребата на двата типа на статери, ковањето според истиот стандард, прикажувањето на орелот како реверсна иконографија со еден од атрибутите на Херакле и секако, претставувањето на сцената со македонскиот коњаник.

## Александар II (369 - 368)

На Александар II, синот на Аминта III, кој по кусо владеење станал жртва на политички атентат, му се припишуваат два типа на бронзени монети. Нивната атрибуција на овој крал била направена врз основа на инскрипцијата

[203] *Ibid.*, 307-308, за монетоковањето на Аминта III.

чиј генитив не завршува на -ΟΥ, туку на -Ο (ΑΛΕΞΑΝΔΡΟ), форма којашто вообичаено била употребувана од македонските кралеви сè до времето на Филип II. Обата типа на аверсот прикажуваат глава на момче (Аполон), а на реверсот, тоа е коњ или коњаник, соодветно.[204]

## Пердика III (365 - 359)

Пердика III, братот на Александар II, владеел само шест години, во кои ковал монети и во сребро и во бронза.[205] Меѓутоа, неговото сребрено монетоквање е многу ретко и тоа се сведува на продуцирање на статери и на уште поретки фракции, но, со висок уметнички квалитет. Иконографијата на статерите е стара и добро позната од времето на Аминта III, но затоа се видливи стилски и типолошки промени. Така статерот, кој е од типот *глава на Херакле со лавовска кожа || коњ во од*, за разлика од примероците на Аминта III, каде што Херакле е со брада, овде тој е млад и голобрад. Натписот со неговото име (ΠΕΡΔΙΚΚΑ) ја опкружува претставата на реверсот. Од друга страна пак, неговото бронзено монетоковање е навистина многубројно. Познати се две деноминации, во голем модул. За прв пат била воведена вредност со тежина од 8-9 г, која е двојно поголема од дотогаш познатите номинали во голем модул. Најмалите бронзи, пак, не се продуцирале повеќе. Во иконографиата на бронзените монети, ликот на Херакле е повторно присутен на аверсот, па новата номинала е издавана само во еден тип: *глава на млад Херакле || лав крши копје во челуста*. Втората деноминација е позната во три типа, од кои еден тип е ист како кај првата деномнација, додека останатите на реверсите имаат или приказ на бик или орел, кој стои со свртена глава. Инскрипцијата со името на Пердика се наоѓа секако на реверсот. Најчесто застапени бронзени деноминации ковани од Пердика III се новата и нејзината реплика во помалиот модул од истиот тип. Помалиот модул многу често бил прековуван врз бронзи на Аминта III од типот *Херакле || орел раскинува змија*.

---

[204] Westermark 1989, 308, Pl. LXX.39-40, 43.

[205] Westermark 1989, 308-309, за монетоковањето на Пердика III.

## 4.2. Кралското монетоковање во периодот од 359 до 297 година пред Христа

### Филип II Македонски (359-336)

Веднаш штом стапил на македонскиот претсол, Филип II, пристапил кон креирање и спроведување на монетарни реформи.[206] За релализирање на неговите замисли, од суштинско значење било освојувањето на градот Амфипол во 357 година пр. Хр., како и неговата експанзија источно од Стримон, така што била освоена и тасоската колонија Кренида (356 г. пр. Хр.). На овој начин достапни му станале богатите рудници со злато и со сребро во Пангајската област, неопходни за монетоковањето. По освојувањето, Кренида бил преименуван во Филипи, според неговото лично име, којшто станал познат град. Градот Кренида и претходно имал сопствена продукција на златни статери; подоцна, во време на Филип, градските изданија биле ковани во злато, сребро и во бронза, а гоноселе името на градот Филипи. Всушност, најголемиот дел од сребреното и од златното монетоковање на Филипи завршувал во кралската ризница на Филип, а бил користен како метал за неговото кралско монетоковање. Филип, исто така, успеал да ги преземе и ковниците на поголемиот дел од хеленските колонии на егејското крајбрежје, така што и нивното самостојно монетоковање било прекинато, па неговите парични изданија станале вообичаена валута во овој регион.

Споредено со неговите претходници, монетите на Филип биле издавани во многу поголем квантитет, а при тоа биле ковани во сите три метали (злато, сребро, бронза). Во таа смисла, најголема иновација претставува воведувањето на златното монетоковање, за прв пат во монетарната историја на Македонското Кралство. Кралските ковници на Филип биле лоцирани во Пела и во Амфипол,[207] а веројатно и во Ајга.[208] Интересно е тоа што биле користени различни стандарди за сребреното и за златното монетоковање.

Почетоците на монетоковањето на Филип биле во сребро, кога биле издавани тетрадрахмите, дидрахмите, драхмите, хемидрахмите и фракциите на

---

[206] Le Rider 1977, за монетоковањето на Филип II; *види* и Price 1974, 21-23; Kraay 1976, 145-147; Драганов 2000, 81-90.

[207] Le Rider 1977, 323-434, за кралските ковници и за хронологијата.

[208] Price 1991, 85.

тетрадрахмата (1/5 или тежок тетробол; 1/10 или диобол; обол?); овие вредности биле продуцирани според локалниот македонски или т.н. „тракиско-македонски" стандард, употребуван и од Александар I и од Пердика II. Целта на Филип била неговото монетоковање полесно да се вклопи во монетоковањето на регионот, така што неговата тетрадрахма тежински ја доближил до изданијата на Халкидичката лига и на Амфипол (ca. 14,50 г).[209] Тетрадрахмите, кои секако имаат и нова иконографија, се познати во две серии, поделба направена според реверсната иконографија, бидејќи аверсот е ист. Така првата серија прикажува *Ѕевс со лавров венец || коњаник со кавсија на коњ, отпоздравува со раката*, а втората *Ѕевс со лавров венец || млад јавач на коњ во галоп, со палмова гранка во раката*. Сцената од првиот тип многу потсетува на традиционалниот македонски коњаник од минатото, а се смета дека коњаникот е токму кралот Филип, лично. За младиот јавач од вториот тип, пак, се чини дека ја глорифицира неговата победа на Олимписките игри во 356 година пр. Хр., во истиот ден кога се родил и неговиот син Александар и кога биле поразени Илирите.[210] Обете серии биле паралелно ковани.

Помалите сребрени деноминации (дидрахма, драхма, хемидрахма, тетробол) на своите реверси прикажуваат некој од двајцата коњаници, со исклучок на најситните фракции, каде што стоеле претстава на вкрстени лак и суровица (обол?),[211] и глава или преден дел од коњ (диобол). Како аверсна иконографија, пак, бил претставен ликот на Херакле (дидрахма, драхма, обол?) или на Аполон (хемидрахма, тетробол, диобол). На еден редок тип на 1/5 тетрадрахма била воведена и претставата на Артемида; тој се припшува на ковницата во Амфипол. Токму 1/5 од тетрадрахмата или тешкиот тетробол според локалниот стандард била најчестата фракција.

По повеќе од една деценија од воведувањето на сребреното, Филип во ca. 345 година пр. Хр., го вовел и златното монетоковање; односно, тоа се случило дури откако го поразил градот Олинт и откако ја уништил Хлакидичката лига во 348 година пр. Хр. Така, од злато биле продуцирани статери и хемистатери, но и помали фракции (1/4, 1/8, 1/12 статер). Златните монети, сега биле издавани во атичкиот стандард, при што, тежината на

---

[209] Le Rider 1977, 354.

[210] Plut. *Alex.* 3.5.

[211] Драганов 2000, бр. 241.

статерот изнесува 8,64 г, тежина што одговарала на атичката дидрахма. На овој начин Филиповиот статер станал главна меѓународна валута. Во тоа време, соодносот на тежината на златото спрема среброто бил 13 ⅓ : 1, односно 8 сребрени тетрадрахми приближно имале вредност на 1 златен статер.[212] Иконографијата на статерите прикажува *глава на Аполон со лавров венец* // *кочијаш управува бига*. Ликот на Аполон се поврзува со светилиштето во Делфи, каде што во 346 година пр. Хр. Филип претседавал со Питиските игри;[213] бигата, пак, е повторна реминисценција на победата на Олимписките игри, но и на неговиот политички успех. Имено, и Плутарх (*Alex.* 4.5) потврдува дека Филип самиот се погрижил оваа победа да биде овековечена на неговите изданија. Аполон е портретиран и на аверсот на најситната фракција (1/12 статер); сите останати деноминации го претставуваат добро познатиот лик на Херакле со лавовска кожа. Нивните реверси, пак, прикажуваат неколку различни претстави - преден дел од лав (1/2 статер), лак и суровица (1/4 статер), тризабец, амфора (1/8 статер), молња (1/8, 1/12 статер).

Филип имал богата продукција и на бронзени монети, исто така, како дополнение на сребреното и на златното монетоковање, за поголема флексибилност при размената на нивните фракции. Бронзената иконографија е во два типа, повторно заснована на реверсот кој ги прикажува двата коњаника, како и кај тетрадрахмите; на аверсот е портетиран ликот на Аполон. Оваа бронзена единица била најпозната, иако постоела и помала деноминација која е од типот *Херакле* // *молња*.

Секоја од паричните единици на Филип II, на реверсот покрај сцената го носат и натписот со неговото име во генитив (ΦΙΛΙΠΠΟΥ), како и редица дополнителни симболи и монограми, карактеристични за секоја серија од сребреното, златното и од бронзеното монетоковање.

Изданијата на Филип биле ковани и по смртта, од страна на Александар, но и од неговите наследници; така, статерите биле продуцирани до времето на Касандар, а тетрадрахмите, дури до времето на Деметриј Полиоркет. Се чини дека раните постхумни статери на Филип од времето на Александар Велики, биле издвани од политички причини, заради подмирување на старите долгови на Филип, кои требало да бидат вратени во форма на веќе добро познатите

---

[212] Price 1991, 38.

[213] Проева 2004, 229-231.

златни статери со неговото име.[214] Имено, при подготовките за походот кон Исток, Филип морал да се задолжи, а неговите долгови по смртта ги наследил Александар. Познато е дека долгот бил во износ од 500 таланти, којшто Александар го зголемил на 1300, а успеал да го намали за две години на само 200 таланти.[215] Монетите на Филип биле исто така многу популарни и помеѓу варварските племиња населени на север, во басенот на Дунав, каде што биле добро позната и сигурна валута, што пак предизвикало да бидат правени и нивни имитации од страна на племињата.

## Александар III Велики (336 - 323)

Владеењето на Александар Велики е одбележано со неговите освојувања на Исток, така што всушност и неговото монетоковање произлегло од таа политичка ситуација. Имено, самиот тек на експедицијата ја наложил и потребата од голема количина на пари, со кои ја финансирал кампањата, но и ги плаќал платениците во својата војска. Иако започнал да владее со наследени долгови, сепак благодарение на освоените територии и стеканатите богатства, Александар имал можноста да продуцира огромен квантитет на пари во злато и во сребро. Значаен момент било освојувањето на Сарди со богатата персиска ризница (лето, 334 г. пр. Хр.); оттогаш неговите победи значеле и нов прилив на средства.[216]

Монетоквањето на Александар Велики било едно од најбогатите и најпопуларните империјални монетоквања во историјата,[217] а неговите пари во злато, сребро и во бронза биле издавани и за време на неговиот кус живот, но и постхумно, од страна на неговите наследници, сè до почетокот на 1 век пр. Хр.; тогаш тие добиле карактер на градско монетоковање. Во периодот додека Александар бил жив, функционирале дури 26 ковници, кои ги снабдувале огромните потреби за пари; така, покрај ковниците во Македонија, постоеле и 23 ковници на освоените територии во Азија и една во Египет. Секако, нужно

---

214 Драганов 2000, 85-86.

215 Price 1991, 25-27, со циртираните извори, околу материјалната состојба на Александар Велики.

216 Price 1991, 25-27.

217 Price 1991, фундаментална студија за монетоковањето на Александар III; *види* и Mørkholm 1991, 42-54.

било спроведување на монетарни реформи во монетоковањето на Александар, кои значеле и унифицирање на тежинскиот стандард. Со цел да ги вклопи во практичен систем веќе постоечките деноминации од минатото, тој го прифатил атичкиот стандард за сите негови империјални изданија. Имено, во 336 година пр. Хр. соодносот на златото и на среброто бил опаднат на 10:1, така што 1 златен статер тогаш вредел 6 тетрадрахми на Филип, односно 5 нови атички на Александар (17.2 г).[218] Ковањето пари во атички стандард овозможувало сребрените монети на Александар да бидат директно разменливи и со најупотребуваната валута во тоа време, атинската тетрадрахма, станувајќи прифатливи за употреба низ целиот Медитеран; со текот на времето неговите тетрадрахми дури и ја истиснале и станале главна трговска валута.

Сепак, постоеле и сребрени изданија на тетрдарахми, емитувани според локалниот македонски стандард употребуван од Филип II, но инскрибирани со името на Александар (ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ). Таа серија од типот *глава на Ѕевс || орел, стои врз молња, десно сатрапска капа*, се чини дека започнала веднаш по устоличувањето на Александар, пред воведувањето на реформата, како што сметаат одредени автори,[219] бидејќи станува збор за ретка и краткотрајна продукција. Тоа можеби бил негов обид да воведе своја валута според стариот стандард, имајќи предвид дека тетрадрахмата на неговиот татко била широко прифатена во Македонија и во Тракија, па и помеѓу племињата на север, со кои се одвивал и голем дел од трговијата.

Кон групата со орел како реверсна иконографија се вклучува и една серија на сребрени фракции (драхми, хемидрахми, диоболи, оболи) и на бронзени изданија, веројатно издавани во главната ковница во Амфипол. Нивната аверсна иконографија пркажува глава на Херакле со лавовска кожа, а орелот на реверсот, стои врз кадукеј, суровица, тирс, молња или врз факел (драхма, хемидрахма, обол, бронзи); се јавува и претстава со два орла врз суровица, факел, или врз молња (диоболи) или само молња (обол).

Монетоковањето според атичкиот стандард, во злато опфаќало вредности на дистатер, статер, и негови фракции (1/2, 1/4 и 1/8 статер); во

---

218 Price 1991, 38.

219 Pegan 1968, 347-356; Mørkholm 1991, 42, смета дека биле ковани во Ајга или во Амфипол, само неколку месеци, веднаш по неговото устоличување; Price 1991, 103-104, нивната продукција временски ја определува во периодот на владеењето на Александар (336-323 г.); како можна ковница ја посочува Ајга.

сребро, пак, биле ковани вредности на декадрахма, тетрадрахма, дидрахма, драхма и секако фракции (хемидрахма, диобол, обол, хемиобол).

Монетарните реформи на Александар Велики вклучувале и избор на нова иконографија за новите монетни типови. Станува збор за прилично унифицирана иконографија, и кај златното и кај сребреното монетоковање. Така дистатерот, статерот и хемистатерот прикажуваат *глава на Атена со коринтски шлем || Нике*; кај останатите две фракции аверсот е повторно со истата претстава, но на реверсот има или приказ на лак и суровица (1/4 статер) или молња (1/8 статер). Оваа иконографија, која за прв пат се појавува во македонското кралско монетоковање, изгледа била внимателно одбарана и требала да соодветствува со воената кампања. Така, портретирањето на ликот на Атена, божицата на мудроста, на аверсот, веројатно ја симболизирало разумноста на походот; нејзиниот лик можно е да бил инспириран и од Коринт, кој бил седиште на Сојузот за Заедничкиот мир кој го предводел Александар. Нике, божицата на победата, прикажана на реверсот, изгледа требала да ја симболизира очекуваната победа во персиската војна.

Иконографскиот тип кај сребрените деноминации прикажува *глава на Херакле со лавовска кожа || Ѕевс на трон, со орел и скептар во рацете*; исклучок има кај некои хемиоболи, кај кои само реверсот е различен и прикажува лак, тоболец и суровица. Тука, претставата на Херакле е карактеристична за македонската кралска иконографија, употребувана уште од неговите претходници во минатото, на која, всушност, тој се надоврзува. Херакле, како митски предок на Македонците особено бил почитуван од Александар, веројатно поистоветувајќи се со него и со неговите херојски подвизи, така што претставува навистина погодна иконографија за воено монетоковање како неговото. Ѕевс на реверсот, пак, сигурно е реминисценција и продолжение на ликот на Ѕевс од аверсите на неговиот татко Филип.

Најголемата деноминација во монетоковањето на Александар, декадрахмата била кована во два различни типа, обата издавани во лимитиран број на примероци во ковницата во Бабилон, уште додека Александар бил жив.[220] Првиот тип е со споменатата позната иконографија (*Херакле || Ѕевс на трон*) потпишна само со неговото име (ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ).[221] Вториот тип на

[220] Price 1991, 451-457.

[221] Price 1991, no. 3598, 3600.

декадрахма, именуван и како 5 шекели, има многу поразлична типологија од неговите империјални емисии. Станува збор за приказ на *коњаник на коњ со копје напаѓа двајца воини на слон || машки лик во воена облека стои фронтално; држи копје и молња*. Овие изданија се анепиграфски, но, и покрај тоа му се припишуваат на Александар. Имено, изгледа дека тие биле емитувани за време на кампањата на Александар во Индија, па, иконографијата ја прикажува победата на македонските воени сили над индиските, при тоа истакнувајќи ја неговата политика да ги меша културите што ги освоил со своите македонски традиции.[222] Оваа сцена се толкува и како глорификација на победата над индискиот крал Пор од 326 година пр. Хр.,[223] при што, коњаникот на аверсот несомнено би требало да е македонскиот крал Александар, како и воинот од реверсот; мољата што ја држи, пак, алудира на неговата божественост, бидејќи таа е еден од атрибутите на Ѕевс. Сепак, поверојатно е дека овие декадрахми настанале пред поразот на Пор, за време на кампањата во Индија, како што покажале истражувањата на М. Прајс.[224]

Бронзеното монетоковање изобилува со многу богата иконографија. Според вредноста се чини дека постоеле најмалку три деноминации, а вообичаените типови на аверсот имаат глава на Херакле, а на реверсот тоа се или тоболец, лак и суровица или лак во футрола и суровица. Продуцирни биле и изданија од типот *глава на момче со дијадема || коњ во галоп*, како и од типот *македонски штит || македонски шлем*; последниот несомнено требал да испрати воена порака.

И покрај бројните изданија кои биле исковани од страна на Александар Велики, се чини дека неговиот лик не бил портретиран на нив, иако погрешно се сметало дека прикажаниот Херакле на тетрадрахмите е токму тој. Имено, единствен сигурен портрет на младиот крал, за време на животот, е прикажан на аверсот на едно бронзено издание од Мемфис,[225] како и на споменатата декадрахма (5 шекели); постхумно, пак, прикажан е на аверсот на изданијата на дијадосите.[226]

---

[222] Price 1982, 75-85; Price 1991a, 63-72.

[223] Mørkholm 1991, 53.

[224] Price 1982, 75-85; Price 1991a, 63-72.

[225] Price 1991, no. 3960.

[226] Price 1991, 33.

Различни симболи и монограми, карактеристични за одредена ковница и за одредена серија, редовно се поставени на реверсот на изданијата на Александар, секако, заедно со основната иконографија. Се разбира, и инскрипцијата со името предадено во генитив (ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ) била неизоставен дел, исто така. Но, откако претходно го освоил Бабилон (331 г. пр. Хр.) и се прогласил за крал на светот, Александар на изданијата продуцирани во последните години од неговото владеење, ја додал и кралската титула (ΒΑΣΙΛΕΩΣ). Титулата за прв пат била испишана во Бабилон, Мала Азија и во Фојникија, на изданијата наменети за исплаќање на воените ветерани во 324 година пр. Хр. Следната година официјално била прифатена и за изданијата во Македонија.[227]

Тетрадрахмите на Александар, покрај тоа што во антиката станале меѓународно призната валута, како и во случајот со неговиот татко Филип, неговите монети биле имитирани од страна на варварските народи во Централна Европа. Во таа смисла, тие народи продуцирале и свои, варварски имитации, кои претставувале типолошка комбинација од аверсот и од реверсот на овие двајца најпознати и најмоќни македонски кралеви.

## Филип III Аридај (323 - 317)

Аридај, полубратот на Александар Велики, веднаш по устоличувањето, се преименувал во Филип III, со цел да го истакне своето потекло и поврзаноста со Аргеадите. Со тоа име се инскрибирани и неговите парични изданија.[228] Филип Аридај продолжил да продуцира монети во сите три метали исто така, така што кај златното и кај сребреното монетоковање, целосно ги презел типовите на Александар Велики, веројатно за да покаже легитимност во наследувањето на власта. Во злато ковал статери, а во сребро тетрадрахми, драхми и помали фракции; често пати неговото име е придружено и од кралската титула (ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΦΙΛΙΠΠΟΥ). Интерсено е и тоа дека за време на управата Филип Аридај, покрај неговото, продолжило златното и сребреното монетоковање и во име на Александар III и во име на Филип II. д бронзените монети се познати три типови - глава на *Аполон // коњаник*; *глава на Херакле*

---

[227] Price 1991, 33.

[228] За монетоковањето на Филип III, *види во* Mørkholm 1991, 56-57; Драганов 2001, 31-41.

*со лавовска кожа || лак и тоболец* и *глава на Херакле со лавовска кожа || коњаник*. И монетите на Аридај, како и во случајот со неговите двајца претходници, биле имитирани од врварските племиња, пред сѐ неговите сребрени тетрадрахми и драхми од типот на Александар.

## Касандар (319 - 297)

Се чини дека монетоковањето на Касандар опфаќало само монети во бронза;[229] имено сѐ уште не се познати негови изданија во злато или во сребро. На сите негови примероци е испишани неговото име (ΚΑΣΣΑΝΔΡΟΥ), со тоа што по додавањето на кралската титула, таа му претходи на името (ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΚΑΣΣΑΝΔΡΟΥ). Касандар продуцирал неколку типови на бронзени монети: *глава на Херакле || лав* (легнат или во од); *глава на Херакле || коњаник*; *глава на Херакле* или *глава на Атена со шлем || лак и тоболец*; *Аполон || триножник*; *шлем || врв од копје*. Еден дел од овие монети биле прилагодени според типовите на Филип и на Александар Велики, а дел за прв пат се употребени од Касандар. Во времето на Касандар продолжило и монетоковањето во името на Филип II и на Александар III.

[229] За монетоковањето на Касандар, *види во* Price 1974, 26; Mørkholm 1991, 58-60; Драганов 2001, 42-48.

# III МОНЕТИТЕ И НИВНАТА УПОТРЕБА ВО ГОРНА МАКЕДОНИЈА ОД 6 ДО 3 ВЕК ПРЕД ХРИСТА

## 1. Наоди на пари во Горна Македонија

Наодите на пари во Горна Македонија и во непосредното соседство во рамки на Република Македонија, издавани помеѓу 6 и 3 век пр. Хр. од страна на пајонските племиња, градовите во кругот на Паонија и од нејзините кралеви, како и оние на аргеадските кралеви на Македонија, се навистина на завидно ниво. Корпусот на каталогизирани достапни примероци во овој труд опфаќа 13 остави и 884 поединечни наоди; за жал најголемиот дел од поединечните наоди не се со прецизно место на наоѓање, но голема е веројатноста дека тие потекнуваат од територијата на Пајонија. Станува збор за веќе објавени примероци, но има и дел од нив кои сè уште се необјавени. Најголемот дел го сочинуваат изданијата од Збирката на Музејот на НБРМ, коишто вообичаено се без податоци за местото на нивното откривање, за жал. Квантитативно, следуваат примероците од Збирката на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп, како и од Збирката на Филозофскиот факултет во Скопје. Мал, но значаен придонес прават и примероците од: НУ Завод и Музеј - Охрид, откриени при археолошките ископувања на Самуиловата тврдина; ЛУ Народен музеј – Велес; НУ Стоби; НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип. Публикуваните изданија на пари од археолошкиот локалитет Голем Град во Преспа; НУ Археолошки музеј на Македонија; НУ Завод и Музеј Битола; од Збирката на Охридска банка и дел од некогашната Колекција Шелдаров, се исто така дел од анализираниот корпус на монети.

## 1.1. Ostavi

## Пред Филиповата ера (до 359 година пр. Хр.)

### 1. Дел од остава од Неготино (?) (2002 година)

Дата на закопување: ca. 421 – 380 година пр. Хр.

Содржина: 21 AR тетробол:

- Пердика II: 16 тетроболи (1 лесен, 15 тешки)
- Халкидичка лига: 3 тетроболи
- Акант: 2 тетроболи

Диспозиција: Музеј на НБРМ, Скопје.

Литература: Pavlovska 2006, 277-284.

Во 2002 година, по пат на откуп е стекната оваа остава во Збирката на НБРМ. Контекстот и точниот состав, не се познати; местото на нејзиното откривање со голема веројатност е Неготино.

### 2. Дел од остава од околина на Штип (2003 година)

Дата на закопување: по ca. 380 година пр. Хр.

Содржина: 11 AR тетробол:

- Пердика II: 4 тетроболи (2 лесни, 2 тешки)
- Халкидичка лига: 2 тетроболи
- Акант: 5 тетроболи

Диспозиција: Музеј на НБРМ, Скопје.

Литература: необјавена.

И оваа остава ја има истата историја како и претходната, со тоа што таа е стекната една година подоцна, во 2003 година.

### 3. Дел од остава од околина на Штип – Радовиш

Дата на закопување: по ca. 380 (?) година пр. Хр.

Содржина: 15 AR тетроболи:

- Александар I: 1 лесен тетробол
- Пердика II: 5 тетроболи (1 лесен, 4 тешки)
- Халкидичка лига: 1 тетробол
- Акант: 7 тетроболи
- Менде: 1 тетробол

Диспозиција: Нумизматичка колекција на Охридска банка, Скопје.

Литература: необјавена.

Податоците за составот и за местото на потеклото на оваа мала остава се добиени од г-а Даница Размовска Бачевска;[230] заради тоа тие се општи, така што е оневозможено попецизно анализирање и каталогизирање и ова депо не е дел од каталогот што следува на крајот од овој труд, но од друга страна даваат можност за споредбени анализи на кои ќе бидат подложени оставите.

Кај сите три остави од периодот пред Филиповата ера, воочливо е дека станува збор за остави со слична застапеност на монети, по однос на нивниот издавач. Присуството на тетроболите на Пердика II, на Халкидичката лига и на Акант се забележува кај сите; единствено, оставата од Штипско-Радовишкиот регион во својот состав има и по еден примерок издаван од страна на Алесандар I и од градот Менде, чија датација, за жал, е непозната. Интересно е и тоа што според застапеноста на примероците ковани од Пердика II, доминираат тешките тетроболи, особено во оставата од Неготино.

Не се познати други остави од овој ран период регистрирани на територијата на Горна Македонија, односно Пајонија, во рамки на Република Македонија.

[230] Кустос во пензија од НУ Завод и Музеј-Охрид, која во тој период беше одговорна за Збирката на Охридска банка.

**Графикон 1**




**Графикон 2**



**Графикон 3**




**Графикон 4**



**Графикон 5**




**Графикон 6**



### Времето на Филип II и на наследниците (по 359 година пр. Хр.)

Трезорираните монети кои се регистрирани од овој период, според металот од кои се направени се златни, сребрени и бронзени. Сè уште не е позната остава која е од мешан тип, т.е. која содржи и златни и сребрени примероци на пари, секако откриена во рамките на дискутираната територија во овој труд. Но, кога станува збор за сребрените депоа, оставите кои се откриени, според издавачот на монетите, се или мешани или еднородни, од ист издавач (владетел). Еднородните се особено карактеристични за колективните наоди кои содржат пајонски кралски изданија на пари.

**4. Дел од остава од с. Нерези, Скопје (2004 година)**

Дата на закопување: 314/313 година пр. Хр.

Содржина: 6 AV статери:

- Филип II: 1 статер
- Александар III: 3 статери
- Филип III: 2 статери

Диспозиција: Музеј на НБРМ, Скопје

Литература: Pavlovska (следува).

Оставата е дел од Збирката на НБРМ од 2004 година; освен податокот за местото на откривање, за жал, контекстот, точната бројност и нејзиниот комплетен состав не се познати.

**5. Остава од лок. Орманков гроб, с. Тремник, Неготино (2008 година)**

Дата на закопување: втора половина на 4 век пр. Хр. (ca. 323/2-315 г. пр. Хр.)

Содржина: златен накит (4 малоазиски тип фибули, мала дводелна капсула, масивна релјефна плочка со приказ на Посејдон и делови од ѓердан); 2 AV статери:

- Филип II: 1 статер
- Александар III: 1 статер

Диспозиција: Локален музеј-галерија, Кавадарци

Литература: Ангеловски 2009, 213-220.

Оставата била откриена во рамки на заштитните истражувања во 2008 година на лок. Орманков гроб, кој се наоѓа на благо возвишение што доминира над околината и над реката Вардар. На локалитетот се наоѓа римска

некроплола, а пронајдената остава била слободно укопана на неговата источна страна, близу мермерна фрагментирана плоча

**6. Остава од с. Тополчани, Прилеп (1917 година)**

Дата на закопување: 325 - 320 година пр. Хр. или подоцна

Содржина: ~200 AV дистатери и статери, депонирани во сад:

- Филип II: статери
- Александар III: дистатери, статери

Диспозиција: 4 дистатери во Софија; останато непознато.

Литература: IGCH 399.

Ова депо е познато само од литературата и не е подложено на детални анализи и каталогизирање. Бројот на примероци според нивниот издавач исто така не е познат.

Забележливо е дека она што ги поврзува сите три остави се златните статери на Филип II и на Александар Велики и приближно истата дата на депонирање, по са. 320 година пр. Хр. Најбогата е оставата од с. Тополчани, која содржи и статери и дистатери од спомнатите владетели, но за жал не се знае нивниот сооднос. Интересно е дека малото депо од лок. Орманков гроб содржи и златен накит, што не е невообичаено за оставите од овој период, додека единствено во оставата од с. Нерези има и два статера од Филип Аридај.

**Графикон 7**



**Графикон 8**




**Графикон 9**



**7. Остава од с. Прилепец, Прилеп (1950 година)**

Дата на закопување: са. 280 – 260 (?) година пр. Хр.

Содржина: са. 208+ AR тетрадрахми:

- Александар III: 137 тетрадрахми, од времето на неговото владеење и ранопостхумни
- Филип III: 10 тетрадрахми
- Деметриј Полиоркет: 15 тетрадрахми
- Авдолеонт: 1 тетрадрахма од Александров тип
- Лисимах: 19 тетрадрахми од времето на неговото владеење
- Селевк Никатор: 6 тетрадрахми од Александров тип
- Атина: 20 тетрадрахми

Диспозиција: Археолошки музеј на Македонија, Скопје; Народниот музеј, Белград.

Литература: Vučković – Todorović 1958; IGCH 448.

Оваа остава бил откриена во сад, слободно вкопан во земјата. По пронаоѓањето, најголемиот дел од са. 208 примероци бил откупен од тогашниот Археолошки музеј во Скопје, са. 20 примероци откупило непознато лице од Прилеп, а неколку примероци стигнале и до Народниот музеј во Белград.

Но, според последните податоци, има извесни промени во бројната состојба на ова депо; неговиот број во овој момент изнесува 192 тетрадрахми (Александар III: 128; Александар III или Филип III: 1; Филип III: 9; Лисимах 17; Деметриј Полиоркет 11; Селевк 5; Авдолеонт 1; Атина 20), што се должи на фактот дека одредени примероци исчезнале (биле украдени ?!) во нејасни околности. Статистичките анализи, како и каталогизирањето на примероците, кое следува подолу, се направени врз основа на објавените податоци, пред сѐ, заради немањето пристап до зачуваните примероци, кои во овој момент се дел од постојаната поставка на Археолошкиот музеј на Македонија во Скопје.[231]

**8. Остава од Вардарски рид, Гевгелија**

Дата на закопување: са. 281 – са. 275 година пр. Хр.

Содржина: 51 AR тетрадрахма:

[231] Во оваа прилика изразувам благодарност на м-р Сања Битрак, кустос по нумизматика во Археолошкиот музеј на Македонија за споделувањето на некои метролошки податоци во врска со оваа остава.

- Александар III: 45 тетрадрахми од времето на неговото владеење и ранопостхумни
- Филип III: 2 тетрадрахми
- Лисимах: 2 тетрадрахми
- Селевк Никатор: 2 тетрадрахми од Александров тип

Диспозиција: Археолошки музеј на Маедонија, Скопје.

Литература: Хусеновски 2004, 52-60, Т.41-52, бр. 1-51.

Ова депо е откриено вкопано во подот на станбен објект во кермички сад; заради немањето пристап до примероците, кои во овој момент се дел од постојаната поставка на Археолошкиот музеј на Македонија во Скопје, како и кај претходната, и кај оваа остава, статистичките анализи и каталогизирањето на примероците, кое следува во каталогот, произлегуваат врз основа на објавените податоци.

### 9. Остава од с. Фурка, Гегелија (1959 година)

Дата на закопување: ca. 281 - ca. 275 година пр. Хр.

Содржина: 25 AR примероци:

- Дерони: 1 триобол
- Александар III: 9 тетрадрахми, 6 драхми (од времето на неговото владеење и раноспостхумни)
- Филип III: 1 драхма
- Лисимах: 2 тетрадрахми од времето на неговото владеење
- Деметриј Полиоркет: 2 тетрдрахми
- Селевк Никатор: 2 тетрдрахми од Александров тип
- Атина: 2 тетрадрахми

Диспозиција: Народен Музеј, Велес

Литература: Петачки 1994, 39-47.

Депото е откриено во 1959 година при хидро-мелиоративни зафати, вкопано во земјата на локалитетот „Говедаров гроб", с. Фурка.

### 10. Остава од с. Долно Егри, Битола (1962 година)

Дата на закопување: ca. 281 година пр. Хр.

Содржина: 12 AR примероци:

- Александар III: 5 ранопостхумни тетрадрахми, 1 драхма од времето на неговото владеење

- Филип III: 1 драхма
- Лисимах: 3 тетрадрахми од времето на неговото владеење и неопределена
- Селевк Никатор: 1 тетрдрахма од Александров тип
- Атина: 1 тетрадрахми

Диспозиција: Завод и Музеј Битола.

Литература: Микулчиќ 1973, 153-173.

Оваа мала остава била откриена во 1962 година, близу с. Долно Егри, а на са. 2 км од с. Букри, каде што, во срцето на Линк, лежело најзначајното линкестиско наоѓалиште. Била слободно вкопана во земјата во глинено сатче, коешто првично содржело 20-тина монети. И оваа остава каталошки и статистички е обработена врз основа на објавените податоци. Според тие податоци, уште тогаш, недостасувале односно биле украдени од Збирката на Завод и Музеј Битола 1 тетрадрахма на Александар Велики и 2 тетрадрахми на Лисимах.[232] Но, според информација добиена од г. Енгин Насух,[233] кустос во Завод и Музеј Битола, Збирката, во овој момент, од оставата поседува 6 тетрадрахми на Александар Велики (инв бр. 125-128, 130-131) и 1 тетрадрахма од Селевк Никатор (инв. бр. 133); ова не кореспондира со објавените и со фотографии поткрепени монети од депото, така што предвид остануваат првичните податоци од 1973 година.

Оставите од лок. Вардарски рид, Гевгелија и од лок. Говедарев гроб, с. Фурка, Гевгелија според местото на откривање припаѓаат на долномакедонската област Амфакситида, којашто не влегува во рамкте на дискутираната географкса територија во овој труд; сепак нивните податоци се земени предвид исклучиво заради споредбени анализи, бидејќи според составот се многу слични со оставите откриени во с. Прилепец, Прилеп и с. Долно Егри, Битола, односно во горномакедонските области Пелагонија и Линкестида.

Заедничко за сите четири остави е тоа што содржат изданија на Александар Велики, Филип Аридај, Лисимах и на Селевк Никатор; при тоа во сите се доминантни монетите на Александар Велики, ковани ранопостхумно. Во оставите од Прилепец и од Вардарски Рид, забележливо е дека преовладуваат

---

232 Микулчиќ 1973, 158-159, бр. 5, 9, 10.

233 Благодарност за г. Насух, кој ми ја пренесе информацијата за затекнатата состојба во Завод и Музеј Битола, која во меѓувреме се сменила.

неговите тетрадрахми од ковницата во Амфипол, од периодот ca. 315 – ca. 294 година пр. Хр. Депоата од Прилепец и од Фурка ги поврзува и присуството на тертадрахми од Деметриј Полиоркет и од Атина; атинска тетрадрахма, има и во оставата од Долно Егри исто така, додека во онаа од Вардарски рид, пак, не е присутен ни еден ваков примерок. За оставите од Прилепец и од Фурка, карактеристично е што секоја од нив содржи и по едена различна монета, застапена исклучиво во споменатите остави. За Прилепец тоа е единствениот примерок на тетрадрахма на Авдолеонт, но од типот на Александар Велики, која е исклучиво ретко издание и е единствен регистриран примерок во Македонија. За Фурка, тоа е триоболот на Дероните, исто така ретко издание, кој, пак е најстарата монета од оставата.

Времето на депонирање на сите остави е по 281/280 година пр. Хр., со тоа што оставата од Прилепец заради присуството на еден примерок од Лисимах, со својата горна граница би можела да достигне дури до 260 година пр. Хр.

**Графикон 10**




**Графикон 11**



**Графикон 12**




**Графикон 13**



**Табела 1:** Прилепец – содржина на оставата и застапенст на ковници

| Ковница | Дата (г. пр. Хр.) | Издавач | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Александар Велики | Филип Аридај | Деметриј Полиоркет | Лисимах | Селевк Никатор | Авдолеонт | Атина |
| Македонија (Амфипол ?) | 336 - ca. 323 | 4 | | | | | | |
| | ca. 323 – ca. 320 | 6 | | | | | | |
| | ca. 320 – ca. 317 | 6 | | | | | | |
| Амфипол (Македонија) | ca. 320 – ca. 315 | 5 | | | | | | |
| | ca. 315 – ca. 294 | 27 | | | | | | |
| | ca. 294 – ca. 290 | 1 | | | | | | |
| | ca. 290 – 289 | | | 2 | | | | |
| | ca. 289 – 288 | | | 3 | | | | |
| Амфипол (Македонија) | 287 – 281 | | | | 2 | | | |
| Пела ? (Македонија) | ca. 325–ca. 315 | 4 | | | | | | |
| | ca. 315–ca. 310 | 3 | | | | | | |
| | ca. 285–ca. 275 | 1 | | | | | | |
| Пела (Македонија) | ca. 292/291 | | | 2 | | | | |
| | ca. 291/290 | | | 3 | | | | |
| | ca. 289/288 | | | 2 | | | | |
| Уранопол? (Македонија) | ca. 300–ca. 290 | 5 | | | | | | |
| Пајонија | по 306/305 | | | | | | 1 | |
| Коринт (Пелопонес) | ca. 310 – ca. 290 | 11 | | | | | | |
| Теба (Бојотија) | ca. 298 – 287 | | | 2 | | | | |
| Сест (Тракиски Херсонес) | 297 – 281 | | | | 1 | | | |
| Атина (Атика) | II пол. на 4 век | | | | | | | 20 |
| Несигурна ковница, Македонија или Грција | ca. 310 – ca. 275 | 7 | | | | | | |
| Лампсак (Мисија) | 328 - 323 | 1 | | | | | | |
| | ca. 297 – 281 | | | | 8 | | | |
| Париј (Мисија) | 280 – 260 (?) | | | | 1 | | | |
| Милет (Јонија) | ca. 300–ca. 295 | 1 | | | | | | |
| | 295 – 275 | 1 | | | | | | |
| Колофон, (Јонија) | ca. 299 - 296 | | | | 1 | | | |
| Магнесија на Меандар (Јонија) | 297 – 281 | | | | 2 | | | |
| Ефес (Јонија) | ca. 294 – 287 | | | | 1 | | | |
| Сарди (Лидија) | ca. 319–ca. 315 | 3 | | | | | | |
| Сарди (Лидија) | ca. 299 - 296 | | | | 1 | | | |
| Сарди (Лидија) | ca. 297 - 287 | | | | 2 | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Несигурна ковница, Западна Мала Азија | ca. 323–ca. 280 | 2 | | | | | | | |
| Сиде ? (Памфилија) | ca. 325–ca. 320 | 3 | | | | | | | |
| Тарс (Киликија) | ca. 333–ca. 327 | 1 | | | | | | | |
| Саламина (Кипар) | ca. 315–ca. 300 | 1 | | | | | | | |
| | ca. 300 – 295 | | | 1 | | | | | |
| Китиј (Кипар) | ca. 325 – ca. 320 | 3 | | | | | | | |
| Дамаск (Сирија) | ca. 330 – ca. 320 | 1 | | | | | | | |
| Мириандар (Фојникија) | ca. 325 – ca. 323 | 1 | | | | | | | |
| Аке (Фојникија) | 327/6 – 306/5 г. | 4 | | | | | | | |
| Арад (Фојникија) | ca. 323 – ca. 316 | | 2 | | | | | | |
| Арад (Фојникија) | ca. 311 – ca. 300 | 2 | | | | | | | |
| Берит (Фојникија) | ca. 323 – ca. 320 | 1 | | | | | | | |
| Библос (Фојникија) | ca. 330–ca. 320 | 1 | | | | | | | |
| Марат ? (Фојникија) | ca. 323 –ca. 300 | 1 | 2 | | | | | | |
| Тире (Фојникија) | ca. 305 – ca. 290 | 3 | | | | | | | |
| Бабилон? (Бабилонија) | ca. 325 – 323 | 2 | | | | | | | |
| | ca. 323 – ca. 317 | 3 | 3 | | | | | | |
| | ca. 317 – ca. 311 | 8 | | | | | | | |
| | ca. 311 – ca. 305 | 9 | | | | | | | |
| Суса (Персија) | ca. 320 – ca. 316 | | 1 | | | | | | |
| Екбатана ? | ca. 323 – ca. 317 | | 1 | | | | | | |
| Мемфис (Египет) | ca. 323 – ca. 316 | 1 | | | | | | | |
| Мемфис (Египет) (?) | ca. 323–ca. 316 ? | 1 | | | | | | | |
| Селевкија на Тигар (Месопотамија) | ca. 300 – 296 | | | | | 4 | | | |
| | ca. 300 | | | | | 1 | | | |
| Несигурна ковница на Исток | ca. 325 – ca. 300 | 1 | 1 | | | | | | |
| Нејасни ковници | ? | 2 | | | | 1 | | | |

**Табела 2:** Вардарски рид – содржина на оставата и застапеност на ковници

| Ковница | Дата (г. пр. Хр.) | Издавач | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Александар Велики | Филип Аридај | Лисимах | Селевк Никатор |
| Македонија (Амфипол ?) | 336 – ca. 323 г. | 2 | | | |
| | ca. 323 – ca. 320 г. | 1 | | | |
| | ca. 320 – ca. 317 г. | 2 | | | |
| Амфипол (Македонија) | ca. 315 – ca. 294 г. | 15 | | | |
| | ca. 294 – ca. 290 г. | 1 | | | |
| Пела (Македонија) | ca. 325 – ca. 315 г. | 1 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Уранопол? (Македонија) | ca. 300 – ca. 290 г. | 2 | | | |
| Астиб (?) (Пајонија) | ca. 300 – 286 г. | 1 | | | |
| Коринт (Пелопонес) | ca. 310 – ca. 290 г. | 2 | | | |
| Несигурна ковница (Македонија или Грција) | ca. 325 – ca. 310 г. | 1 | | | |
| | ca. 310 – ca. 275 г. | 3 | | | |
| Саламина (Кипар) | ca. 323 – ca. 315 г. | | 1 | | |
| Лампсак (Мисија) | ca. 297 – 281 г. | | | 1 | |
| Милет (Јонија) | ca. 300 – ca. 295 г. | 1 | | | |
| Сарди (Лидија) | ca. 319 – ca. 315 г. | 2 | | | |
| | ca. 297 - 287 г. | | | 1 | |
| Мириандар (Фојникија) | ca. 325 – ca. 323 г. | 1 | | | |
| Аке (Фојникија) | 319/318 г. | 1 | | | |
| | 317/316 г. | 1 | | | |
| Марат ? (Фојникија) | ca. 323 – ca. 300 г. | 1 | | | |
| Бабилон ? (Бабилонија) | ca. 325 – 323 г. | 1 | | | |
| | ca. 323 – 317 г. | 1 | 1 | | |
| | ca. 317 – 311 г. | 2 | | | |
| | ca. 311 – 305 г. | 1 | | | |
| Селевкија на Тигар (Месопотамија) | ca. 300 г. | | | | 1 |
| Несигурна ковница, Западна Мала Азија (?) | ca. 282/281 г. (?) | | | | 1 |
| Неопределени ковници | ? | 2 | | | |

**Табела 3:** Фурка - содржина на оставата и застапенст на ковници

| **Ковница** | **Дата** | **Издавач / Номинала** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Дерони** | **Александар Велики** | | **Филип Аридај** | **Лисимах** | **Деметриј Полиоркет** | **Селевк Никатор** | **Атина** |
| | | ЗОБ | 4ДР | ДР | ДР | 4ДР | 4ДР | 4ДР | 4ДР |
| Пајонија | 479 - 460-ти / 450-ти г. | 1 | | | | | | | |
| Македонија (Амфипол ?) | ca. 323 – ca. 320 г. | | 1 | | | | | | |
| Амфипол (Македонија) | ca. 315 – ca. 294 г. | | 1 | | | | | | |
| | ca. 289 – 288 г. | | | | | | 1 | | |
| Сарди (Лидија) | ca. 323 – ca. 319 г. | | 1 | | | | | | |
| | ca. 319 – ca. 315 г. | | 1 | | | | | | |
| Сиде ? (Памфилија) | ca. 325 – ca. 320 г. | | 1 | | | | | | |
| Бабилон? (Бабилонија) | ca. 325 – 323 г. | | 3 | | | | | | |
| | ca. 311 – ca. 305 г. | | 1 | | | | | | |
| Несигурна ковница, Грција | ca. 310 – ca. 275 г. | | | 1 | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| или во Македонија (?) | | | | | | | | | |
| Теба, (Бојотија) | са. 289 – 288 г. | | | | | | 1 | | |
| Лампсак (Мисија) | 310 - 301 г. | | | 1 | | | | | |
| | 297 - 281 г. | | | | | 2 | | | |
| Абид (?) (Троада) | са. 323 – са. 317 г. | | | | 1 | | | | |
| | са. 310 – са. 297 г. | | | 1 | | | | | |
| Колофон, (Јонија) | са. 310 – са. 301 г. | | | 1 | | | | | |
| Магнесија на Меандар (Јонија) | са. 319 – са. 305 г. | | | 1 | | | | | |
| Милет (Јонија) | са. 325 – са. 323 г. | | | 1 | | | | | |
| Селевкија на Тигар (Месопотамија) | са. 300 – 296 г. | | | | | | | 2 | |
| Атина (Атика) | втора половина на 4 век пр. н. е. | | | | | | | | 2 |

**Табела 4:** Долно Егри – содржина на оставата и застапенст на ковници

| **Ковница** | **Дата** | **Издавач / Номинала** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Александар Велики** | | **Филип Аридај** | **Лисимах** | **Селевк Никатор** | **Атина** |
| | | 4ДР | ДР | ДР | 4ДР | 4ДР | 4ДР |
| Македонија (Амфипол ?) | са. 323 – са. 320 г. | 2 | | | | | |
| | са. 320 – са. 317 г. | 1 | | | | | |
| Амфипол (Македонија) | са. 315 – са. 294 г. | 1 | | | | | |
| Бабилон? (Бабилонија) | са. 311 – са. 305 г. | 1 | | | | | |
| Милет (Јонија) | са. 325 – са. 323 г. | | 1 | | | | |
| Магнесија на Меандар (Јонија) | 297 – 281 г. | | | | 2 | | |
| Сарди (Лидија), | са. 323 – са. 319 г. | | | 1 | | | |
| Несигурна ковница во Кападокија (?) | ? | | | | | 1 | |
| Атина (Атика) | втора половина на 4 век пр. н. е. | | | | | | 1 |
| Неопределена ковница | | | | | 1 | | |

**11. Дел од остава од с. Коловазник, Свети Николе (2013 година)**

Дата на закопување: по 281 година пр. Хр.

Содржина: 9 AR примероци:

- Александар III: 1 тетрадрахма, 1 драхма (ранопостхумни)
- Авдолеонт: 4 тетрдрахми, 1 дидрахма, 1 драхма
- Лисимах: 1 тетрадрахма од време на неговото владеење

Диспозиција: Музеј на НБРМ, Скопје

Литература: Pavlovska 2015 (следува).

Во 2013 година во Збирката на НБРМ беше набавена оваа мала остава, која веројатно претставува дел од поголемо количество на засолнети пари. Контекстот и точната содржина не се познати, освен податокот дека се откриени при извршување на земјоделски активности, на приватно земјиште во с. Коловазник, Свети Николе или на територијата на некогашното Кралство Пајонија. Составот на ова мало депо е мошне интересен; имено тука доминираат изданијата на пајонскиот крал Авдолеонт, а има и примероци од изданијата на Александар Велики и на Лисимах. Ова е прво депо кое содржи пари на Авдолеонт, во комбинација со примероци на македонски кралеви; од друга страна пак, постојат мешани остави, кои содржат пајонски кралски пари и македонски аргеадски изданија, ковани и во злато и во сребро. Такви се т.н. Пајонска остава (IGCH 410) од 1968 и оставата од с. Режанци, Перник, Бугарија (IGCH 411). Времето на засолнување оставата од Коловазник е по 281 година пр. Хр.

**Графикон 14**




**Табела 5:** Коловазник – содржина на оставата и застапеност на ковници

| Ковница | Дата (г. пр. Хр.) | Издавач | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Александар Велики | | Авдолеонт | | | Лисимах |
| | | 4ДР | ДР | 4ДР | 2ДР | ДР | 4ДР |
| Уранопол (Македонија) | ca. 300 – ca. 290 г. | 1 | | | | | |
| Милет (Јонија) | ca. 300 – ca. 295 г. | | 1 | | | | |
| Пајонија | ca. 315 - ca. 285/4 г. | | | 4 | 1 | 1 | |
| Лампсак (Мисија) | ca. 297 - 281 г. | | | | | | 1 |

## 12. Дел од остава од с. Возарци – с. Шивец, Кавадарци (2008 година)

Дата на закопување: са. 340/335 година пр. Хр.

Содржина: 35 AR тетрадрахми на Ликеј.

Диспозиција: Музеј на НБРМ, Скопје.

Литература: Pavlovska 2012, 107-120.

Оваа остава е мал дел од поголема остава која, според информациите добиени од приватни колекционери, била откриена по долината на Црна Река пред повеќе години и содржела са. 200 тетрадрахми од Ликеј. Се смета дека најголемиот број на монети од оставата бил изнесен надвор од земјата и понуден на аукциските продажби. Овој мал дел од депото е дел од Збирката на НБРМ од 2008 година и во него се застапени три од познатите шест иконографски типови на терадрахми на Ликеј.

**Графикон 15**




## 13. Дел од остава од Штипско – Радовишки Регион

Дата на закопување: са. 315 година пр. Хр.

Содржина: 6 AR тетрадрахми на Патрај

Диспозиција: Охридска банка, Скопје

Литература: ОБ Кол., 249, бр. I.1-6.

Оваа остава станала дел од Нумизматичката колекција на Охридска банка во 2004 година и веројатно претставува дел од поголем трезор, чијшто

тоен состав и контекст на отривање, не се познати. За сега е единствена регистрирана остава што содржи само изданија на тетрадрахми на Патрај; времето на нејзиното заслонување е во рамките на управата на Патрај, со горна граница 315 година пр. Хр., кога завршува неговото кралување.

**14. Остава од лок. Градиште, с. Младо Нагоричане, Куманово**

Дата на закопување: ca. 280/279 година пр. Хр.

Содржина: 13 AR примероци на Авдолеонт (2 тетрадрахми, 1 дидрахма, 10 драхми)

Диспозиција: Археолошки музеј на Македонија, Скопје.

Литература: необјавена.

Ова депо било откриено при археолошките ископувања во 2012/2013 година на локалитетот Градиште, кај селото Младо Нагоричане, Куманово, односно на некогашната автохтона територија на Агријаните. И оваа остава по својот состав е единствена за сега, бидејќи содржи примероци издавани исклучиво од страна на пајонскиот крал Авдолеонт; интересно е тоа што според бројноста, доминира најмалата деноминација присутна во оставата, односно драхмата. Периодот на депонирањето е после владеењето на Авдолеонт, а се врзува со налетот на Галите, ca. 280/279 г. пр. Хр.

**Графикон 16**



**15. Остава од Кавадарци (?)**

Дата на закопување: са. 230 година пр. Хр.

Содржина: 10 АЕ бронзи:

- Дропион: 9 бонзи
- Епирски сојуз: 1 бронза

Диспозиција: Археолошки музеј на Македонија, Скопје.

Литература: необјавена.

Ова депо коешто содржи исклчиво бронзени изданија, е единствено такво регистрирано до сега. Интересно е тоа што покрај примероците на пајонскиот крал Дропион, коишто доминираат, во него се наоѓа и еден примерок издаван од Епирскиот сојуз. Периодот на неговото засолнување е веројатно са. 230 година пр. Хр., кога Дропион престанал да владее со Пајонија. Контекстот и точната содржина не се познати и во овој случај, а местото на откривање е веројатно Кавадарци или некогашна Пајонија.

**Графикон 17**



## 1.2. Поединечни наоди

### 1.2.1. Пајонски племиња

**Дерони**. Каталогизирани се вкупно 30 поединечни примероци издавани од страна на ова пајонско племе. Освен една декадрахма, останатите 29 примероци имаат ниски вредности (тетроболи, триоболи, диоболи, оболи, хемиоболи). По однос на местото на нивното открвање, само 5 приемроци се со прецизна локација; од останатите 25, за 18 примероци (сите дел од Збирката на НБРМ), иако имаат непознат локалитет, постојат сознанија дека се откриени во регионот на Велес - Св. Николе – Штип – Радовиш, а за 7 примероци не е воопшто познат ниту локалитетот, ни регионот, но многу е веројатно и тие да припаѓаат на споменатиот ареал. Само еден примерок на триобол потекнува од Валандовкиот Регион или од долномакедонската област Амфакситида, така што излегува од дискутираната територија на овој труд, но е споменат само споредбено.

**Табела 6**: Дерони – застапеност според регион и деноминација

| Дерони | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Регион | Наоѓалиште | Деноминација | | | | | | | |
| | | декадрахма | теробол | триобол | диобол | трихемиобол | обол | хемиобол | |
| Валандово | лок. Прдејска Чука, с. Грчиште | | | 1 | | | | | 1 |
| Велес | с. Згрополци | | | 1 | | | | | 1 |
| Велес - Св. Николе – Штип – Радовиш | Непознато | | 1 | 3 | 7 | 4 | 3 | | 18 |
| Куманово | околина на Куманово | 1 | | | | | | | 1 |
| Штип | с. Караорман, гроб 1. | | 1 | | | | | | 2 |
| | лок. Крстот, Криви Дол | | | | | | 1 | | |
| Непознат (Велес - Св. | Непознато | | 2 | | 1 | | 2 | 2 | 7 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Николе – Штип – Радовиш ?) | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | 1 | 4 | 5 | 8 | 4 | 6 | 2 | **30** |

**Лајаји**. Ова пајонско племе е застапено само со еден примерок на октодрахма, откриена во градот Свети Николе, односно на територијата на Античка Пајонија.

**Мигдонци (?)**. Каталогизирани се само 4 примероци од ова племе, од кои три се од непознат локалитет, а еден е од регионот на Демир Капија или од пајонска територија. Овие изданија своевремено биле припишувани на македонската престолнина Ајга, но според истражувањата на Катрин Лорбер, таа убедливо ги припишала како можни изданија на Мигдонците или на Крестонците, со поголема веројатност дека припаѓале на првите.[234]

**Табела 7**: Мигдонци (?) – застапеност според регион и деноминација

| **Мигдонци (?)** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Деноминација** | | **Вкупно** |
| | | диобол | трихемиобол | |
| Демир Капија | лок. Марков град, с. Корешница | 1 | | 1 |
| Непознат | Непознато | | 3 | 3 |
| **Вкупно** | | 1 | 3 | **4** |

234 Lorber 2000, 113-133.

## 1.2.2. Пајонско Кралство

**Тевтај**. Единствениот познат примерок на диобол на овој крал е откриен на лок. Марков град кај с. Корешница, Демир Капија, на територијата на Пајонија.

**Ликеј**. Во каталогот се застапени 10 примероци на Ликеј, од кои 6 се од непознато наоѓалиште. Кај подинечните наоди на монети од овој пајонски крал доминираат тетроболите (5), следуваат тетрадрахмите (3), па драхмите (2). Воочливо е дека сите примероци со познато место на наоѓање се откриени во рамките на Пајонија (Табела 8).

**Табела 8:** Ликеј – застапеност според регион и деноминација

| **Ликеј** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Деноминација** | | | **Вкупно** |
| | | терадрахма | драхма | тетробол | |
| Куманово | крај р. Пчиња, с. Доброшане | | 2 | | 2 |
| *Прилеп* | *с. Асеница,* | 1 | | | 1 |
| Штип | лок. Кривач, с. Аргулица | | | 1 | 1 |
| Непознат | Непознато | 2 | | 4 | 6 |
| **Вкупно** | | 3 | 2 | 5 | **10** |

**Патрај**. Поединечните наоди на монети на Патрај во каталогот се присутни со 54 примероци, од кои 11 тетрадрахми, 19 драхми и 24 тетроболи. За жал, само за 13 примероци е познато точното место на откривање, додека за са. три четвртини од застапените монети не е познато наоѓалиштето.

Покрај овие примероци, според публикуваните податоци, во Демир Капија при археолошките истражувања на некрополата во 1969 година, како

гробен прилог била откриена и една драхма на Патрај;[235] таа е од редок тип, а, всушност станува збор за ист тип како и примерокот во каталогот откриен на лок. Три чешми (Штип).

**Табела 9**: Патрај – застапеност според регион и деноминација

| Патрај | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Деноминација** | | | **Вкупно** |
| | | терадрахма | драхма | тетробол | |
| Велес | с. Голозинци | 1 | | | 2 |
| | лок. Вринов дол, с. Горно Чичево | 1 | | | |
| Гевгелија | околина на Гевгелија | | | 1 | 1 |
| Демир Капија | лок. Марков град, с. Корешница | | 1 | | 1 |
| Кавадарци | Голем Радобил | | 1 | | 1 |
| Куманово | Матичарски згради, с. Четирце | | 1 | | 1 |
| Штип | Штип | | 1 | | 3 |
| | лок. Три чешми | | 1 | | |
| | лок. Селце, Штип | | | 1 | |
| Штип-Радовиш | Штип-Радовиш | | 1 | 3 | 4 |
| Непознат | Непознато | 9 | 13 | 19 | 41 |
| **Вкупно** | | 11 | 19 | 24 | **54** |

**Авдолеонт**. Каталогизирани се вкупно 44 поединечни примероци на пари, издавани од овој пајонски крал, од кои само 10 се со познато место на откривање, а за останатите 34 (ca. ¾), локалитететот е непознат. Доминантна номинална вредност е драхмата, застапена со 22 примерока, или една половина од вкупниот број на монети; следуваат тетроболите, со 15 примероци, а последни се тетрадрахмите со 7 примероци.

---

235 Соколовска 1975, 183-192, Т. III, сл. 7.

Исто така, регистрирани се и изданија на Авдолеонт, кои не се каталогизирани во овој труд, но се спомнати во литературата:

- една драхма била пронајдена на локалитетот Скупи, во Скопје;[236]
- тетрадрахма откриена во Охрид поседува Музејот во Охрид;[237]
- по еден примерок од тетрадрахми биле најдени и во околината на Штип (Музеј Штип), Куманово, Бонче во Пелагонија, а од околината на Охрид еден примерок на драхма (Музеј Охрид).[238]
- по еден примерок на тетрадрахма и на дидрахма биле откриени во текот на последнте истражувања на лок. Градиште, кај с. Кнежје, Свети Николе или, според Полибиј (V.97), во најголемиот пајонски град Билаѕора.[239]

**Табела 10:** Авдолеонт - застапеност според регион и деноминација

| **Авдолеонт** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Деноминација** | | | **Вкупно** |
| | | терадрахма | драхма | тетробол | |
| Велес | Башино Село | 1 | | | 2 |
| | Непознато (Велес ?) | 1 | | | |
| Градско | археолошки лок. Стоби | | | 1 | 1 |
| Демир Капија | Марков Град, Корешница | | 2 | | 2 |
| Кратово | околина на Кратово | 1 | | | 1 |
| Куманово | с. Лојане | 1 | | | 1 |
| Свети Николе | лок. Градиште, с. Кнежје | | 1 | | 1 |
| Скопје | Исар, Кале, с. Студеничани | | 1 | | 1 |
| Штип | лок. Крстот, Криви Дол | | 1 | | 1 |

[236] Соколовска 1966, 30, Т. V-85.

[237] Битракова-Грозданова 1987, 86.

[238] Микулчиќ 1973, 165; денес во музејските збирки овие монети не постојат.

[239] Информација добиена од д-р Виктор Лилчиќ-Адамс, директор на Управата за заштита на културното наследство, Скопје.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Непознат | Непознато | 3 | 17 | 14 | 34 |
| **Вкупно** | | 7 | 22 | 15 | **44** |

**Леонт**. Монетите на овој пајонски крал се застапани во каталогот со 11 бронзени изданија, кои се исклучително ретки. Местото на пронаоѓање е позната само за 3 од посочените примероци, додека преостанатите 8 се од непознат локалитет. Сите примероци, освен еден, се дел од Колекцијата на НБРМ.

**Табела 11**: Леонт - застапеност според регион и деноминација

| **Леонт** | | |
|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Бронза** |
| Демир Капија | лок. Марков Град, с. Корешница | 3 |
| Непознат | Непознато | 8 |
| **Вкупно** | | **11** |

**Дропион.** Бронзените пари на последниот пајонски крал Дропион се најбројни од паричните изданија на пајонските кралеви. Каталогизирани се 101 примерок, од кои, за 36 местото на откривање е познато и тоа е воглавно регионот на Кавадарци, додека за останатите 65 примероци локалитетот е непознат, но врз основа на делумни информации, се претпоставува дека се од Кавадаречкиот Регион.

**Табела 12:** Дропион - застапеност според регион и деноминација

| **Дропион** | | |
|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Бронза** |
| Градско - Кавадарци | Градско - Кавадарци | 1 |
| Штип | с. Црвулево (лок. Кула) | 3 |
| Кавадарци | с. Дреново (лок. Градиште, Деволград) | 32 |
| Непознат (Кавадарци ?) | Непознато | 65 |
| **Вкупно** | | **101** |

* * *

Според податоците од регистрираните изданија на монети (221) на пајонските кралеви во каталогот што следува, најзастапени се бронзените пари на последниот крал Дропион (101), следуваат изданијата на Патрај (54), на Авдолеонт (44), Леонт (11), Ликеј (10) и уникатниот сребрен диобол на Тевтај (1).

**Графикон 18**




**Графикон 19**



### 1.2.3. Пајонско соседство

**Дамастиј**. Од каталогизираните 16 примероци на Дамастиј, само за 6 е познато наоѓалиштето, така што сите се откриени во рамките на Пајонското Кралство. Доминантна вредност се тетроболите (8), следуваат драхмите (5) и на крај се тетрадрахмите (3).

**Пелагија**. Регистрирани се само три примероци од овој град, од кои 2 тетрадрахми и еден трибол, а сите се откриени на териотријата на Агријаните, односно во регионот на денешно Куманово.

**Табела 13**: Дамастиј - застапеност според регион и деноминација

| **Дамастиј** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Деноминација** | | | **Вкупно** |
| | | терадрахма | драхма | тетробол | |
| Велес | лок. Горна Курија, с. Теово | | 1 | | 1 |
| Демир Капија | лок. Марков град, с. Корешница | | | 1 | 1 |
| Кавадарци | лок. Градот, Тиквеш град, с. Ресава | | | 1 | 1 |
| Куманово | с. Четирце Куманово | | 1 | | 1 |
| Прилеп | лок. Старо Бонче, с. Бонче | 1 | | | 1 |
| Штип | лок. Кула, с. Црвулево | | | 1 | 1 |
| Непознат | Непознато | 2 | 3 | 5 | 10 |
| **Вкупно** | | 3 | 5 | 8 | **16** |

**Табела 14: Пелагија** - застапеност според регион и деноминација

| **Пелагија** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Деноминација** | | **Вкупно** |
| | | терадрахма | триобол | |
| Куманово | Кумановско ? | 2 | 1 | **3** |

## Графикон 20


Дамастиј и Пелагија: застапеност на деноминации
Тетрадрахма
Драхма
Тетробол
Триобол
8
5
3
2
1
Дамастиј
Пелагија

### 1.2.4. Кралството на Аргеадите

**Александар I „Филхелен"**. Првиот македонски крал што исковал монети со сопственото име е застапен само со 8 примероци на тетроболи, 2 тешки и 6 лесни; при тоа само за 3 примероци е познато местото на нивното откривање, коешто е во рамките на Пајонија.

**Табела 15:** Александар I – застапеност според регион и деноминација

| Александар I | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Деноминација** | | **Вкупно** |
| | | Тежок тетробол | Лесен теробол | |
| Демир Капија | лок. „Марков Град", с. Корешница | | 1 | **1** |
| Кавадарци | лок. Градиште – Деволград, с. Дреново, | | 1 | **1** |
| Штип | Лок. „Крстот", Криви Дол | 1 | | **1** |
| Непознат | Непознато | 1 | 4 | **5** |
| **Вкупно** | | 2 | 6 | **8** |

**Пердика II**. Овој крал, за разлика од својт татко и претходник е застапен со многу поголем број на примероци, вкупно 34, од кои 8 тешки, 25 лесни тетроболи и 1 обол. За жал 28 од нив се од непознат локалитет; од останатите 6, 5 примероци се откриени на територијата на Пајонија, а еден на територијата на Амфакситида во Долна Македонија (Вардарски рид, Гевгелија) и неговото присуство тука е само споредбено.

**Табела 16:** Пердика II – застапеност според регион и деноминација

| Пердика II | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Деноминација** | | | **Вкупно** |
| | | Тежок тетробол | Лесен теробол | Обол | |
| Гевгелија | лок. Вардарски рид | | 1 | | 1 |
| Демир Капија | Лок. „Марков Град", с. Корешница | | 1 | | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Кавадарци | с. Дреново (лок. Градиште, Деволград) | 1 | 3 | | 4 |
| Непознат | Непознато | 7 | 20 | 1 | 28 |
| **Вкупно** | | 8 | 25 | 1 | **34** |

**Архелај**. Каталогизирани се само 4 примероци од овој македонски крал, 2 статери и 2 диоболи, од кои едниот е откриен во Амфакситида и излегува од рамките на дискутираната територија. Од останатите монети само еден примерок (статер) е од непознат локалитет, додека другите 2 се од Пелагонија, од регионот на денешен Прилеп.

**Табела 17:** Архелај – застапеност според регион и деноминација

| **Архелај** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Деноминација** | | **Вкупно** |
| | | AR, статер | Диобол (триобол) | |
| Валандово | лок. Исар, с. Марвинци | | 1 | 1 |
| Прилеп | Кале, с. Алданци | 1 | | 2 |
| | лок. „Долиште", с. Прилепец | | 1 | |
| Непознат | Непознато | 1 | | 1 |
| **Вкупно** | | 2 | 2 | **4** |

**Аероп II.** Застапени се само 2 примерока на бронзени монети, од кои само за едниот е познато местото на откривање, а тоа е повторно регионот на Прилеп, односно Пелагонија.

**Павсанија**. И единствениот бронзен примерок на овој крал е од истиот регион како и кај неговите двајца претходници, од Прилеп (Пелагонија).

**Табела 18:** Аероп II и Павсанија – застапеност според регион и бројност

| **АЕ, бронза** | | | |
|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Владетел** | |
| | | **Аероп II** | **Павсанија** |
| Прилеп | лок. Старо Бонче, с. Бонче | 1 | |
| | Прилеп | | 1 |
| Непознат | Непознато | 1 | |
| **Вкупно** | | **2** | **1** |

**Аминта III.** Каталогизирани се 33 примероци од овој македонски крал, но за жал повеќе од половината од нив се од непознато место на откривање; од оние 15 изданија, пак, за кои се знае точното наоѓалиште, 6 примероци излегуваат од дискутираната територија на Горна Македонија и се повторно од долномакедонската област Амфакситида. Останатите се од повеќе области како што се Пајонија, Пелагонија и Дасаретида.

**Табела 19:** Аминта III – застапеност според регион и деноминација

| Аминта III | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Деноминација** | | | | **Вкупно** |
| | | AR, статер | Тетробол | Диобол | Бронза | |
| Валандово | Исар, с. Марвинци | 1 | | 1 | 1 | 3 |
| Гевгелија | Вардарски рид, Гевгелија | | 1 | | | 1 |
| Демир Капија | лок. Маркова Кула, с. Корешница | | | | 2 | 2 |
| Дојран | Мала Боска, Ѓопчели | | | | 1 | 1 |
| Неготино | Неготино | | | | 1 | 1 |
| Охрид | Самуилова тврдина | | | | 2 | 2 |
| Прилеп | Локвени | 1 | | | 1 | 4 |
| | Прилеп | 1 | | | | |
| | лок. Плаза, с. Бонче | 1 | | | | |
| Струмица | Струмица | 1 | | | | 1 |
| Непознат | Непознато | 7 | 1 | 1 | 9 | 18 |
| **Вкупно** | | 12 | 2 | 2 | 17 | **33** |

**Пердика III.** Застапени се само две бронзени монети од овој владетел; едната е откриена на територија на Агријаните, во регионот на Скопје (лок. Петочна вода, с. Волково), а другата е од непознато наоѓалиште.

**Филип Македонски.** Каталогизирани се вкупно 162 примероци од овој крал, од кои 67 се од непознато наоѓалиште. Од останатите 95 (~59%) кои се со прецизно место на откривање, 20 примероци (~12%) излегуваат од

дискутираната територија на Горна Македонија и Пајонија и се од области Амфакситида. Доминантна деноминација е бронзата, присутна со 119 примероци, од кои 87 се од познат локалитет, воглавно од регионот на Прилеп или од Пелагонија. Следуваат тетрадрахмите со 19 примероци, 1/5 тетрадрахма со 15 примероци, 6 златни статери и 3 фракции на статерот.

**Табела 20:** Филип Македонски – застапеност според регион и деноминација

| **Филип Македонски** | | | | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Деноминација** | | | | | | |
| | | AV, статер | AV, 1/4 статер | AV, 1/8 статер | Тетрадрахма | 1/5 Тетрадрахма | Бронза | |
| Богданци | Света гора | | | | | | 1 | 1 |
| Валандово | Вестерно, с.Раброво | | | | | | 2 | 8 |
| Валандово | Исар, с. Марвинци | | | | 1 | | 5 | |
| Велес | Градиште, Слп | | | | | | 1 | 7 |
| Велес | с. Крнино, Чашка | | | | | | 6 | |
| Гевгелија | Вардарски рид | | | | | | 4 | 11 |
| Гевгелија | Гевгелија | | | | 2 | | | |
| Гевгелија | лок. Горна Курија, с. Негорци | | | | | | 5 | |
| Демир Капија | Клисурско маало | 1 | | | | | 2 | 5 |
| Демир Капија | лок. Марков град, с. Корешница | | | | | | 2 | |
| Кавадарци | Градиште, Деволград, с. Дреново | | | | | | 3 | 4 |
| Кавадарци | с. Дреново | | | | | | 1 | |
| Кавадарци - Прилеп | Мрзен Ореовец, Кавадарци – Дебреште, Прилеп | | | | | | 1 | 1 |
| Кичево или Македонски Брод | с. Ижиште | | | | 1 | | 1 | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тетово или Македонски Брод | Старо Село | | | | | 1 | | 1 |
| Охрид | Самуилова тврдина | | | | | | 6 | 6 |
| Прилеп | лок. Кале, с. Алданци | | | | | | 1 | 44 |
| Прилеп | Баба | | | | | | 1 | |
| Прилеп | Марков чардак, с. Бело поле | | | | | | 1 | |
| Прилеп | с. Беровци | | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Плаза, с. Бонче | | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Старо Бонче, с. Бонче | | | | | | 4 | |
| Прилеп | лок. Црквиште, с. Бонче | | | | | | 1 | |
| Прилеп | с. Бонче | | | | | | 1 | |
| Прилеп | с. Бучин | | | | | | 1 | |
| Прилеп | Под Кули, Варош | | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Асаница, Горно Село | | | | 1 | | 2 | |
| Прилеп | Градиште Преслап, Горно Село | | | | | | 2 | |
| Прилеп | Грамаѓе, Горно Село | | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Ризоец, Горно Село | | | | | | 1 | |
| Прилеп | с. Загорани | 1 | | | | | | |
| Прилеп | Крајни Зит, с. Кривогашта-ни | | | | | | 1 | |
| Прилеп | Висока, с. Крушевица | | | | | | 1 | |
| Прилеп | с. Локвени | | | | | | 2 | |
| Прилеп | Маркови кули, Манастир | | | | | | 2 | |
| Прилеп | Грамаѓе, Пештани | | | | | | 2 | |
| Прилеп | Под Кули | | | | | | 2 | |
| Прилеп | Прилеп | | | 1 | | 1 | 3 | |
| Прилеп | Прилеп ? | | | | | | 2 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прилеп | Долиште, с. Прилепец | | | | | | 2 | |
| Прилеп | с. Прилепец | | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Венци, с. Ракле | | | | | | 1 | |
| Прилеп | с. Црнилиште | | | | | | 1 | |
| Прилеп | Бедем, с. Чепигово | | | | | | 1 | |
| Ресен | лок. Голем Град, Преспа | | | | | 1 | 1 | 2 |
| Штип | Крстот, Криви Дол | | | | | | 2 | 3 |
| Штип | околина на Штип (?) | | | | | | 1 | |
| Непознат | Непознато | 4 | 2 | | 14 | 12 | 35 | 67 |
| **Вкупно** | | 6 | 2 | 1 | 19 | 15 | 119 | **162** |

**Александар Велики**. Изданијата на Александар се квантитативно најзастапени во каталогот, со вкупно 240 примероци, од кои 93 примероци, помалку од половината (~39%) се од непознато место на откривање. Од оние 147 примероци (~61%) со познато место на откривање, 25 (~10%) излегуваат од територијалните рамки релевантни за овој труд и се од долномакедонската област Амфакситида. Останатите се откриени во Дасаретида, Дериоп, Пајонија и најмногу во Пелагонија, или од денешниот Прилепски Регион. Доминантна деноминација е бронзата од која има 174 примероци или 72,5% од вкупниот број на каталогизирани примероци; следуваат драхмите со 34 примероци, тетрадрахмите со 25, статерите со 6 и само 1 примерок на дистатер.

**Табела 21**: Александар Велики – застапеност според регион и деноминација

| **Александар Велики** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Деноминација** | | | | | **Вкупно** |
| | | AV, дистатер | AV, статер | Тетрадрахма | Драхма | Бронза | |
| Битола | лок. Еленик, с. Мојно | | | | | 1 | 2 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | Црнобуки | | | | | 1 | |
| Богданци | Света гора | | | | | 1 | 1 |
| Валандово | Валандово | | | | | 1 | 11 |
| Валандово | лок. Исар с. Марвинци | | | | | 9 | |
| Валандово | лок. Вестерно, с. Раброво | | | | | 1 | |
| Велес | Централна Македонија – Велес | | | | | 1 | 2 |
| Велес | лок. Кале, с. Стари Град | | | | | 1 | |
| Гевгелија | лок. Вардарски рид | | | | | 4 | 10 |
| Гевгелија | Гевгелија | | | 1 | 1 | | |
| Гевгелија | лок. Горна Курија, с. Негорци | | | | | 1 | |
| Гевгелија | лок. Шипков Дол, с. Стојково | | | 1 | | 1 | |
| Гевгелија | лок. Бегово, с. Стојаково | | | | | 1 | |
| Дебар | Градиште, Вапа, Центар Жупа | | | | | 1 | 1 |
| Демир Капија | Горни Краставец | | | | 1 | | 1 |
| Демир Хисар | Градиште, Граиште | | | | | 2 | 2 |
| Дојран | Мала боска, с. Ѓопчели | | | | | 2 | 3 |
| Дојран | лок. Лагер, с. Николич | | | | | 1 | |
| Кавадарци | Лок. Градиште, Деволград, с. Дреново | | | | | 1 | 2 |
| Кавадарци | Стража, Фариш | | | | | 1 | |
| Крушево | Бучин | | | | 1 | | 1 |
| Македонски Брод | Модриште | | | | 1 | | 1 |
| Неготино | с. Горни Дисан | | | | | 1 | 1 |
| Охрид | Самуилова тврдина, Охрид | | | | 1 | 14 | 22 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Охрид | Габавски Рид, Св. Еразмо, Охрид | | | | | 1 | |
| Охрид | Кулиште, Св. Еразмо, Орман | | | | | 6 | |
| Прилеп | лок. Кале, с. Алданци | | | | | 4 | |
| Прилеп | Марков чардак, Бело Поле | | | | | 2 | |
| Прилеп | Бело поле | | | | | 1 | |
| Прилеп | с. Бонче | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Длабок Дол, с. Бонче | | | | 1 | | |
| Прилеп | лок. Спаница, с. Бонче | | | | 1 | | |
| Прилеп | лок. Старо Бонче, с. Бонче | | | | 1 | 6 | |
| Прилеп | лок. Петочна вода, с. Браилово | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Рид, с. Бучин | | | | | 2 | |
| Прилеп | Десово, с. Браилово | | | | | 1 | |
| Прилеп | с. Вепрчани | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Крив Рид, с. Вепрчани | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Долиште, с. Волково | | | | | 2 | |
| Прилеп | лок. Петочна вода, с. Волково | | | | | 1 | |
| Прилеп | Градиште Преслап, Горно Село | | | | | 4 | |
| Прилеп | Грамаѓе, Горно Село | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Заградиште, с. Дебреште | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Црквиште, с. Зрзе | | | | | 1 | |
| Прилеп | Висока, с. Крушевица | | | | 1 | 1 | |
| Прилеп | с. Локвени | | | | | 3 | 77 |
| Прилеп | лок. Баба | | | | | 1 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прилеп | лок. Варош | | | | | 2 | |
| Прилеп | Маркови кули | | | | | 1 | |
| Прилеп | с. Плетвар | | | | | 3 | |
| Прилеп | Прилеп | | | 1 | 1 | 4 | |
| Прилеп | лок. Точила | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Грамаѓе, с. Пештани | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Безистен, с. Прилепец | | | | | 2 | |
| Прилеп | лок. Глува, с. Прилепец | | | | | 1 | |
| Прилеп | лок. Долиште, с. Прилепец | | | 1 | | 6 | |
| Прилеп | лок. Корита, с. Прилепец | | | | 1 | | |
| Прилеп | с. Прилепец | | | 3 | | 5 | |
| Прилеп | с. Радобил | | | | | 1 | |
| Прилеп | с. Чаниште | | | | | 1 | |
| Прилеп | Бедем, с. Чепигово | | | | | 1 | |
| Прилеп | Лок. Сливи, с. Чумово | | | | | 1 | |
| Прилеп | Непознато (Прилеп?) | | | | | 1 | |
| Радовиш | Пачкоец, с. Бучим | | | | | 1 | 1 |
| Росоман | Кале „Калуѓерска чешма", Камен дол, Росоман. | | | | | 2 | 6 |
| Росоман | лок. Градиште, с. Крушевица | | | | | 4 | |
| Штип | лок. Крстот, Криви дол | | | | | 2 | 3 |
| Штип | Штип | | | | | 1 | |
| Непознат | Непознато | 1 | 6 | 18 | 23 | 45 | 93 |
| **Вкупно** | | 1 | 6 | 25 | 34 | 174 | **240** |

**Филип Аридај.** Последниот владетел од Аргеадската династија е застапен само со 14 примероци, од кои дури 11 (78,5%) се од непознат локалитет. Од останатите 3 примероци, 1 потекнува од Амфакситида, а другите се откриени во Пајонија и во Пелагонија. Преовладуваат драхмите (6), а по нив доаѓаат бронзите (5), тетрадрахмите (2) и 1 статер.

**Табела 22:** Филип Аридај – застапеност според регион и деноминација

| **Филип Аридај** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Деноминација** | | | | **Вкупно** |
| | | AV, статер | Тетрадрахма | Драхма | Бронза | |
| Гевгелија | лок. Горна Курија, с. Негорци | | | | 1 | 1 |
| Прилеп | лок. Варош | | | | 1 | 1 |
| Штип | с. Драгоево | | | | 1 | 1 |
| Непознат | Непознато | 1 | 2 | 6 | 2 | 11 |
| **Вкупно** | | 1 | 2 | 6 | 5 | **14** |

**Касандар.** Монетите на овој владетел се присутни во каталогот со 110 примероци од неговите бронзени изданија. Само 18 примероци (~16%) се од непознато наоѓалиште; од оние со познато место на пронаоѓање 13 се од Амфакситида, а останатите 79 (~72%) потекнуваат од Дериоп, Пајонија и од Пелагонија, воглавно од Прилеп и од околината, каде што се откриени најголемиот дел од нив.

**Табела 23:** Касандар – застапеност според регион и број на примероци

| **Касандар** | | | |
|---|---|---|---|
| **Регион** | **Наоѓалиште** | **Бронза** | **Вкупно** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Битола | лок. Еленик, с. Мојно | 1 | 1 |
| Богданци | Печкова воденица | 2 | 3 |
| Боданци | Света Гора | 1 | |
| Валандово | лок. Исар, с. Марвинци | 1 | 5 |
| Валандово | Казан | 2 | |
| Валандово | Вестрно, с. Раброво | 1 | |
| Валандово | Мечева нива, с. Собри | 1 | |
| Гевгелија | Вардарски рид | 1 | 4 |
| Гевгелија | Бегово, с. Стојаково | 1 | |
| Гевгелија | лок. Горна курија с. Негорци | 2 | |
| Градско | археолошки лок. Стоби | 1 | 1 |
| Демир Капија | Голема Јаворка | 1 | 2 |
| Демир Капија | лок. Маркова Кула, с. Корешница | 1 | |
| Демир Хисар | Градиште, Граиште | 1 | 2 |
| Демир Хисар | Ѓупско Кале, с. Слепче | 1 | |
| Дојран | лок. Мала боска, с. Ѓопчели | 1 | 1 |
| Кавадарци | с. Дреново | 1 | 4 |
| Кавадарци | Галиште | 1 | |
| Кавадарци | Долно кале, Фариш | 1 | |
| Кавадарци | Стража, Фариш | 1 | |
| Крушево | с. Бучин | 1 | 1 |
| Македонски Брод | Острец, Барбарас | 1 | 1 |
| Охрид | Кулиште, Св. Еразмо, Орман | 2 | 8 |
| Охрид | Самуилова тврдина | 6 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Прилеп | Прилеп | 3 | 56 |
| Прилеп? | Прилеп ? | 1 | |
| Прилеп | лок. Баба | 4 | |
| Прилеп | лок. Марков чардак, с. Бело поле | 3 | |
| Прилеп | с. Бонче | 2 | |
| Прилеп | лок. Старо Бонче, с. Бонче | 4 | |
| Прилеп | Петочна вода, с. Браилово | 1 | |
| Прилеп | Лок. Планчова нива, с. Бучин | 1 | |
| Прилеп | лок. Св. Атанас, Варош | 1 | |
| Прилеп | лок. Под кули, Варош | 1 | |
| Прилеп | лок. Ташачица, Варош | 1 | |
| Прилеп | лок. Долиште, с. Волково | 2 | |
| Прилеп | Лок. Петочна вода, с. Волково | 1 | |
| Прилеп | Горно Село | 1 | |
| Прилеп | лок. Ризоец, с. Горно село | 1 | |
| Прилеп | лок. Висока, с. Крушевица | 1 | |
| Прилеп | с. Локвени | 5 | |
| Прилеп | с. Никодин | 5 | |
| Прилеп | Грамаѓе, с. Пештани | 2 | |
| Прилеп | Горно Кале, с. Плетвар | 1 | |
| Прилеп | лок. Бела Пола, с. Прилепец | 2 | |
| Прилеп | с. Прилепец | 2 | |
| Прилеп | лок. Глува, с. Прилепец | 1 | |
| Прилеп | Лок. Долиште, с. Прилепец | 4 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Прилеп | лок. Марков Ѕид, с. Прилепец | 1 | |
| Прилеп | лок. Селечки пат | 1 | |
| Прилеп | лок. Студенец | 1 | |
| Прилеп | Бедем, с. Чепигово | 1 | |
| Прилеп | лок. Стибера, с. Чепигово | 2 | |
| Радовиш | Пачкоец, Бучим | 1 | 1 |
| Ресен | лок. Голем Град, Преспа | 1 | 1 |
| Тетово | лок. Кука, с. Рогле | 1 | 1 |
| Непознат | Непознато | 18 | 18 |
| **Вкупно** | | 110 | **110** |

* * *

Според податоците од каталогизираните изданија на монети на кралевите од првата македонска династија Аргеади и на Касандар, регистрирани се вкупно 610 примероци. Од првиот период на монетоковање, пред 359 година пр. Хр., т. е. пред подемот на Македонското Кралство предводено од Филип Македонски, заведени се само 84 (~13,8%) поединечни примероци на македонски пари; од вториот период пак е секако поголемиот дел, 526 примероци (~86,2%).

Очекувано, како што веќе и беше споменато погоре, најбројни се изданијата на Александар Велики, со вкупно 240 монети (~39,3%); следуваат оние на неговиот татко Филип Македонски – 162 примероци (~26,6%), Касандар 110 примероци (~18%), Пердика II - 34 (~5,6%), Аминта III – 33 (~5,4%), Филип Аридај – 14 (~2,3%), Александар I – 8 (~1,3%), Архелај – 4 (~0,7%), Аероп II и Пердика III по 2 примерока (по ~0,3%) секој, а на крајот е Павсанија застапен само со 1 примерок (~0,2%).

**Графикон 21**




**Графикон 22**



**Графикон 23**




**Графикон 24**



## 2. Обрасци на парична циркулација во Горна Македонија

Кога станува збор за циркулацијата на пари на територијата на Горна Македонија, тешко е да се дадат конечни одредници. Сепак, направените анализи на достапните примероци вклучени во корпусот и резултатите добиени во претходното поглавје, дозволуваат да се изнесат некои податоци. Имено, на оваа територија во периодот од крајот на 6 век до првата половина на 3 век пр. Хр. паралелно биле употребувани парите на неколку одделни политички ентитети. Со цел попрецизно да се согледа нивната географска дистрибуција, се наметна и потребата од хронолошка распределба во три групи, кои би ги опфаќале периодите: пред Филиповата ера (ca. 500 - 359 г. пр. Хр.), пред Инвазијата на Галите (359 – 280/279 г. пр. Хр.) и по Инвазијата на Галите (по 280/279 г. пр. Хр.); при тоа во последниот временски интервал влегуваат само пајонските кралски изданија, бидејќи династијата на Аргеадите го заокружува своето постоење со смртта на Филип Аридај и на Александар IV, а преку бракот со Тесалоника, ќерката на Филип Македонски, кон проучуваните изданија на Аргедадите се додадени и оние на Касандар, по потекло од династијата на Антипатридите, кои со македонскиот трон владееле само во преодниот период, пред доаѓањето на династијата на Антигонидите.

Во првиот период, пред Филиповата ера (ca. 500 - 359 г. пр. Хр.), влегуваат племенските изданија на пари (Дерони, Лајаи, Мигдонци), изданијата на македонските кралеви, почнувајќи од Александар I (498 - 454) до Пердика III (365 - 359), како и уникатниот примерок на кралот Тевтај (ca. 400 – ca. 380/370).

Како што веќе беше наведено, во корпусот се регистрирани 30 примероци кои им се припишуваат на пајонското племе Дерони, во кои само еден примерок е со висока вредност на декадрахма откриен во околината на Куманово, на територијата на Агријаните. Иако ваквите големи вредности речиси никогаш не се откриваат поединечно, туку во трезори кои содржат голема количина на високи деноминации, а вообичаено надвор од автохтоната територија на Деронитe, сепак и на почвата на Република Македонија е

регистрирана една остава со деронски октодрахми во Штип.[240] Бројот на ниските вредности, пак, е многу скромен (29), но сепак е значаен бидејќи, според местото на откривање на поголемиот дел од нив во регионот на Источна Македонија - Велес, Свети Николе, Штип, Радовиш (**табела 6**), укажуваат на нивната матична територија, како што беше наведено и погоре; на истата територија подоцна пак било јадрото на Пајонското Кралство, чиишто кралеви несомнено се поврзани со Дероните. Интересно е дека еден примерок на триобол е откриен во околината на Валандово (лок. Прдејска Чука, с. Грчиште), територија која подоцна била дел од долномакедонската област Амфакситида. Станува збор за најстариот примерок издаван од Дероните којшто е застапен во овој корпус, кован помеѓу 500 и 480 година пр. Хр., односно во периодот на персиската доминација, кога Александар I сè уште немал завладеано со пајонската територија и кога јужните племиња не биле дел од Кралството Македонија, така што откривањето на овој примерок е уште една потврда дека Дероните населувале една многу поширока треиторија пред 480/479 година пр. Хр.[241]

За единствениот примерок на октодрахма на Лајаите кој потекнува од Свети Николе, за жал не е познат контекстот на откривање, така што се претпоставува дека се работи за поединечен наод, иако можеби бил дел од колективен наод на монети со висока вредност, какви што иако поретко, се откриваат и на Балканот; нивната намена веројатно била за исплата на војниците од персиската војска.[242] Територијата од која потекнува е пајонска и освен иконографската сличност со деронските високономинални монети, постои и географска блискот со Дероните, така што примерокот е откриен во непосредна близина на матичната територија на Лајаите, која соред Тукидид (II.96.3.) е по горниот тек на Стримон.

Уникатниот диобол на Тевтај откриен во демиркапискиот регион (лок. Марков град, с. Корешница), којшто е потврдена пајонска територија, го вбројува овој владетел во претпоставените пајонски кралеви; имено малите

---

240 *IGCH* 355; Mirnik 1981, бр. 13, откриена е околу 1912 г. и содржела најмногу октодрахми од Дероните, чиј точен број е непознат, а примероци од нив се наоѓаат во Њујорк (1), Берлин (1-2), Белград (1), Грција (1).

241 Gaebler 1897, 292, ги лоцира на кракот Ситонија на Халкидик; Svoronos 1919, 20, во околината на Дојран; Hammond *во HM* 2, 75, Штип и Кратово; Петрова 1999, 94, на широката територија помеѓу горното и средното течение на Аксиј и на Стримон.

242 Драганов 2000, 53.

номинали вообичаено циркулираат на матичната територија, па многу е можно да станува збор за претходник на кралот Агид.

Поединечните примероци на монети на претставниците на македонската династија Аргеади од периодот пред 359 година пр. Хр., во најголем дел се од непознато наоѓалиште, за жал. Така првите двајца кралеви, Александар I и Пердика II, се застапени со своите сребрени примероци исклучиво во ниски вредности, а од скромниот број примероци со регистрирани наоѓалишта, кои за Александар се однесуваат само за 3 монети, а за Пердика за 6, регионот на дистрибуција кај обајцата се совпаѓа и ги опфаќа Демир Капија, Кавадарци и Штип, а како најјужна точка е Гевгелија каде што е откриен само еден примерок на Пердика (**табела 15-16**). Имајќи го предвид малиот број на примероци, тешко е да се зборува за циркулацијата на нивните монети, но сепак забележливо е дека сите се на територијата на Пајонија, со исклучок на последниот примерок, кој е од Амфакситида.

Но, кога станува збор за овие владетели, интересно е тоа што освен ретките поединечни наоди, нивните изданија се откриваат и како дел од остави. Во таа смисла, предничат тетроболите на Пердика II, кои до сега се регистрирани во три одделни депоа, споменати во претходното поглавје. Според својот состав тие се мошне компатибилни, така што, тоа можеби претставува индикација за еден и ист трезор на пари, којшто подоцна, веројатно бил поделен на неколку помали делови (**графикон 1-6**). Единствено различните места на пронаоѓање оставаат мал простор за сомнеж; така, како можни локации на кои биле откриени овие трезори се областите од околината на Неготино (?), околината на Штип, и територијата помеѓу Штип и Радовиш. Повторно станува збор за региони кои се наоѓале на територијата на Пајонија. Инаку, најзастапени вредности на Пердика II се тешките тетроболи, што е разбирливо имајќи ја предвид територијата од која потекнуваат, т.е. некогашната Пајонија. Имено, како што е познато, тешките тетроболи на Александар и на Пердика биле наменети за трговија со локалните племиња, на што упатуваат и аверсната претстава и висококвалитетното сребро;[243] секако и географската дистрибуција на остави што содржат нивни изданија го потврдува

[243] Price 1974, 19; Kraay 1976, 142.

истото, при што во рамките на Македонското Кралство, откриените трезори ги содржат нивните лесни тетроболи.[244]

Останатите македонски крлеви кои стапиле на престолот по Пердика II, повторно се застапени со незначителен број на примероци на монети, со исклучок на Аминта III, чиишто изданија се откриени во поголем број. Така, за Архелај, Аероп II и за Павсанија е забележливо дека нема ни еден регистриран наод на територијата спомната за нивните двајца претходници, туку сега регионот на Прилеп (**табела 17-18**), односно Пелагонија, се издвојува како нова локација каде што биле дистрибуирани македонски монети надвор од нивната матична територија. Сепак станува збор за мал број на примероци, вкупно 4 за сите кралеви, така што не може да се понудат посигурни одредници. Во времето на Аминта III, пак, се забелжува дека се проширила територијата на циркулација на македонски кралски пари, па освен регионите на Пајонија и на Пелагонија, негови бронзени примероци се регистрирани и во Дасаретида, односно на Самуиловата Тврдина во Охрид. За жал, кај него дури ~55% од монетите се од непознато наоѓалиште и мал е процентот на оние кои се откриени надвор од Македонското Кралство, а се со позната локација, така што и во овој случај може да се зборува само ориентационо за географска дистрибуција на македонските монети. Интересно е дека од познатите локалитети, предничат наодите од околината на Прилеп (Пелагонија), каде што се откриени дури 3 сребрени статери и само една бронза. Наодите на пари на последниот македонски крал од предфилиповата ера, Пердика III, кои исто така се многу скромни, само 2 бронзени примерока, покажуваат дека во негово време еден од тие примероци бил дистрибуиран дури до територијата на Агријаните, односно во Скопскиот Регион, што е најсеверна точка во дискутираниот период.

Во периодот што следувал, пред Инвазијата на Галите (359 – 280/279 г. пр. Хр.) се регистрирни најголемиот број на поединечни наоди на монети и на македонските и на пајонските кралеви.

Наведениот попис на места на кои се откриени пајонски кралски монети од овој период (**табела 8-10**) е навистина многу скромен за да може да се каже со сигурност во кои рамки се движеле тие, а со тоа и појасно да се утврдат политичките граници на кралството. Малите номинали кои всушност ја

[244] Hersh 1991, 5-19.

индицираат територијата на локална употреба, иако во овој корпус се на завидно ниво, можат само ориентационо да се употребат.

Така, може да се забележи дека пред времето на Галската инвазија од 279 година пр. Хр., централна зона на употреба е територија на Штипско-Радовишкиот до Демиркапискиот Регион. Со ова уште еднаш се потвдува дека територијата источно од Вардар (Аксиј), по сливот на Брегалница (Астиб) била јадрото каде што се создала пајонската држава. Така во време на Ликеј, подрачјето на циркулација од посочениот штипски регион на исток, се движела преку средното Повардарие до Прилепскиот Регион како западна и Кумановскиот Регион како северна граница. Во времето на Патрај употребата на неговите монети се движела од регионот на Куманово и на Велес како најсеверна зона, Средното Повардарие и Брегалничкиот Регион централна, сè до Демиркаписко-Гевгелиската Област на југ. Циркулацијата на парите на Авдолеонт се движела во слична територија. Така, на север освен во Кумановската област, била покриена и областа на Кратово, но и на Скопје, опфаќајќи ги и Велешкиот, Светиниколскиот и Штипскиотиот Регион на исток, односно на југо-запад до Пелагонија и до Охрид, а на југ до Демир Капија. Ова е уште една потврдува дека во владеењето на Авдолеонт Пајонија била најмоќна и зафаќала најголема територија.

Изданијата на последните претставници од династијата Аргеади (**табела 20 - 22**) се откриваат во значително поголем број, од оние на нивните претходници, а квантитетот се зголемил во времето на Филип II и особено во времето на Александар Велики; имено, со стекнатата политичка доминација, тетрадрахмите на Александар станале меѓународно платежно средство. Нивните поединечни наоди во злато, сребро и во бронза позачестено се откриваат во Охридско-Преспанскиот, Скопско-Кумановскиот, Штипскиот, Кратовскиот и во регионот на Средното Повардарие, каде што се значително поретки.[245] И во анализираниот корпус на монети во ово труд, дел од примероците потекнуваат од некои од споменатите региони, а забележливо е дека доминираат наодите на изданијата во бронза, кои најмногу потекнуваат од Прилепскиот Регион, иако и сребрените се на завидно ниво. Од овој регион се најголемиот број бронзени примероци и на Филип Македонски и на Александар Велики, кој пак со свои бронзени монети е забележливо присутен и во

[245] Битракова-Грозданова 1987, 88; Лилчиќ 2001, 31-43.

Охридскиот Регион. Секако и обајцата кралеви се застапени во областа Амфакситида, исто така, којашто тогаш е во рамките на Македонското Кралство. Кога станува збор за изданијата на Аридај, пак, евидентно е дека неговите примероци се незначително застапени во каталогизираните монети и поголемиот дел се од непознато наоѓалиште (**табела 22**).

Но, за разлика од неговите, примероците на Касандар, кои се регистрирани во завиден број на примероци, се присутни речиси во истите региони како и оние на Филип Македонски и на Александар Велики, со доминантно присуство повторно во Прилепскиот Регион, односно во Пелагонија (**табела 23**).

Инаку, особено е интересно тоа што, сребрените и златните изданија на последните Аргеади (Филип II - Филип Аридај), се откриваат и како трезорирани наоди. На почвата на Република Македонија регистрирани се неколку такви остави; при тоа, тие вообичаено се од еднороден метал, т.е. содржат или златни или сребрени примероци, а понекогаш се и од мешан карактер (**графикон 7-14**). Во таа смисла, треба да се спомнат и оставите во претходното поглавје од с. Тополчани кај Прилеп, с. Нерзи, Скопје, и с. Тремник, Кавадарци, во кои се депонирани златни изданија, додека од с. Прилепец, Прилеп, с. Фурка, Дојран, с. Долно Егри, Битола, и од лок. Вардарски рид, Гевгелија, трезорирани се само сребрени примероци. Единствено т.н. „пајонска остава" од 1968 година е од мешан карактер.[246] Во споменатите депоа доминираат сребрените изданија на Александар.

Остави со сличен состав, коишто содржат златни изданија со името и од типот на Александар Велики, но и на неговиот татко и полубрат, се откриваат и на пошироката територија на Балканскиот полуостров.[247] Враќањето на ветераните и на платениците од војската на Александар Велики, во матичните области на Балканот, се одвивало помеѓу 330 и 275/250 година пр. Хр., период во кој се одвивал голем прилив на богатства и на пари здобиени од источната кампања. Токму таа е и временската рамка во која било концентрирано депонирањето на овие балкански трезори, коишто често пати биле надополнети

[246] *IGCH* 410; содржела ~68 златни изданија: 23 животодобни и постхумни статери на Филип II, 3 животодобни дистатери и 34 животодобни и постхумни статери на Александар III, како и ~1900 сребрени тетрадрахми на пајонските кралеви Ликеј (13) и Патрај (~1700-1800, 34 имитации).

[247] Touratsoglou 1998, 74, 80-81, 92-97.

со накит или со садови од благороден метал (злато/сребро).[248] И трезорите од Република Македонија се вклопуваат во оваа слика. Несомнено тие им припаѓале на некои од војниците во бројната војска, чија главнина ја сочинувале Македонците; но, биле ангажирани платеници и од покорените соседи - Пајонци, Агријани, Тракијаци, Илири, Трибали, Одриси, Гети, Хелени. Овие ветерани биле исплатувани и со тетрадрахми и со драхми, така што и регистрираните трезори, коишто содржат, пред сè, сребрени изданија на Александар или од негов тип, повторно се поврзуваат со нив. Во Република Македонија, но, и пошироко на територијата на географската област Македонија тие вообичаено се засолнети околу 280/279 година пр.н.е.,[249] во периодот на инвазијата на Галите, којашто би можела да е причината за сокривањето.[250]

Периодот по инвазијата на Галите, за Македонското Кралство се врзува владеењето на новата династија на Антигонидите; во Пајонија пак, се заокружува владеењето на пајонската династија на кралеви, преку управата на Леонт и на Дропион. Токму циркулацијата на парите на овие двајца кралеви ќе биде спомената со цел да се прикаже и постепеното исчезнување на Пајонското Кралство. Тогаш и територијата на Кралството се намалила, но и неговата политичка и економска моќ, како што всушност покажуваат овие изданија на пари. Имено, нивната употреба е исклучително на локално ниво. Во времето на Леонт, територијата на Демир Капија сè уште била актуелна (**табела 11**), додека пак, при владеењето на Дропион, забележително е дека главната зона на циркулација е брегалничкиот и регионот на централното Повардарие (**табела 12**). Доминираат наодите од околината на Кавадарци, најмногу од с. Дреново, каде се лоцира античкиот град Авдарист или Еврист,[251] со можност за постоење и на ковнички центар на истото место.

[248] Touratsoglou 1998, 75.

[249] Touratsoglou 1998, 72.

[250] Микулчиќ 1973, 159.

[251] Папазоглу 1957, 243-244; Микулчиќ 1999, 157.

# IV ЗАВРШНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Античка Македонија, сместена во централниот дел на Балканскиот полуостров, опфаќала широка географска територија, а нејзините граници биле определени според етничката и јазичната специфичност. Географската дистинкција на територијата на античка Македонија, на Долна и на Горна, била направена во делата на античките автори. Тие пишувајќи за неа, нејзиниот приморскиот дел го нарекувале Долна Македонија, додека, планинскиот, во нејзината внатрешност, Горна Македонија.

Ова, по својата природа нумизматичко истражување, беше фокусирано на географската територија Горна Македонија, во периодот помеѓу 6 и 3 век пред Христа, која во себе вклучува неколку различни области (Тимфаја, Паравaја, Дасаретида, Орестида, Линкестида, Пелагонија, Дериоп, Пајонија, Парорберлија, Синтика и Одомантика). Всушност, истражувањето коешто беше проследено во рамките на денешна Репиблика Македонија, ги опфаќа територијата на Пајонското Кралство (Пајонија, Пелагонија, Девриоп), како и областите Дасаретида и Линкестида.

Територијата на Пајонија, која била распространета по горниот и по средниот тек на реката Аксиј (Вардар), од Таорската клисура на север, до Демир Капија на југ, претставувала посебна етничка и географска целина, но, како политичка целина, заедно со Пелагонија и со Дериоп влегувала во составот на Пајонското Кралство, коешто подоцна станало и дел од Македонското Кралство.

Од скромните записи на античките автори познато е дека територијата на Античка Македонија била богата со рудни ресурси на злато и на сребро, лоцирани околу планините Дисорон и Пангај; денешните региони, како што се кратовско-злетовскиот и штипско-радовишкиот, во минатото биле познати по рудните богатства, исто така. Тоа овозможило на крајот на 6 век пр. Хр., локалните народи - пајонските и другите племиња од македонско-тракискиот брег, да ги изработуваат своите парични изданија; речиси истовремено со оние на крајбрежните хеленски колонии. Генерално, станува збор за племињата населени во регионот помеѓу долните сливови на реките Аксиј (денешен Вардар) и на Стримон (денешна Струма) и Пангајската област; но и за територијата на север, по горното течение на Стримон, горното и средното на

Аксиј, и по долините на Понт (денешна Струмица) и на Астиб (денешна Брегалница). Покрај серијата анепиграфски племенски изданија, своите пари во долномакедонската област ги исковале и Орескиті, Ихнаите, Бисалтите, Едоните, Мигдонците (?), Тинтените, додека во областите на север тоа биле Дероните и Лајаите.

Територијата на Република Македонија е поврзана со постоењето на пајонските племиња Дерони и Лајаи, па во таа смисла, значајни се и нивните парични изданија, но, посебно се интересни малите деноминации на Дероните. Имено, ниските вредности, наменети за домашна употреба, според местото на нивното откривање ја дефинираат и автохтоната територија на одреденото племе. Според податоците од анализираните примероци во овој труд, концентрацијата на сребрените фракции на Дероните е особено висока во Источна Македонија, на територијата на Велес, Свети Николе, Штип и на Радовиш. Заради локалниот карактер на ниските вредности, би можело да се претпостави дека токму тука била матичната територија на Дероните. Можеби станува збор за истата област опишана како теритрија на независните Пајонци, кои ги спомнува Тукидид (II.96.3), западно од Лајаите, кои пак живееле по горниот тек на Стримон. Големите парични вредности на Дероните, пак, вообичаено се откриваат како дел од збирни наоди, далеку од нивната автохтона територија; но, иако поретки, постојат остави и на Балканот кои содржат такви примероци, а нивната намена веројатно била за исплата на војниците од персиската војска. Интересно е да се забележи дека источномедитеранските и египетските примероци припаѓаат на раната серија (500-480 г. пр.н.е.) со инкузен квадрат, а балканските на подоцнежната (479-460ти/450ти г. пр.н.е.) со трискел на реверсот.

Постоењето на Кралството Пајонија, во текот на 4, па до последните децении на 3 век пр. Хр., бил одбележан со кралувањето на неколку владетели од кралската династија. Во аналите на античката историја нема посебни записи за нив, но, откритијата на нивните значајни серии на пари, најдобро сведочат за нивното некогашно постоење. Историографските и нумизматичките податоци го потврдуваат владеењето на пајонските кралеви Агид (до 359/358), Ликеј (359/358-340/335), Патрај (340/335-315), Авдолеонт (315-285/284), Аристон (285/284) Леонт (278/277-250?) и Дропион (250-230). Неколку непознати династи, пак, како што се Тевтај (ca. 400-370), Бастареј (II/III четвртина 4 в.), Никарх (ca. сред. 4 в.), Симон (ca. сред. 4 в.), Диплај (IV четвртина 4 в.) и

Тевтамад (по 330-306/305), познати се само од нивните монети, заради кои и се врзуваат за пајонскиот монетен круг.

Кралството Македонија, генерално, било управувано од кралеви коишто припаѓале на две поголеми династии - на Аргеадската и на Антигонидската; но, во преодниот период помеѓу нив, на македонскиот трон застанале владетелите од Антипатридската династија, како и дијадосите. Станува збор за долг период на постоење, но и на монетоковање, коешто опфаќало повеќе од три векови, односно од 480/79 година пр. Хр., кога Александар I започнал да ги издава своите пари, па сè до 168 година пр. н.е., кога со поразот на Персеј од страна на Римјаните, замрело и македонското кралско монетоковање.

Монетоковањето на Аргеадите ги вклучува изданијата на Александар I Филхелен (498-454), Пердика II (454-413), Архелај (413-399), Аероп II (396-393), Аминта II (394-393), Павсанија (393-392), Аминта III (392-370), Александар II (369-368), Пердика III (365-359), кои го одбележуваат раниот период на монетоковањето, чијшто процут е забележлив под управата на Александар I, кој покрај другото, во историјата ќе остане запаметен и како родоначелник на македонското кралско монетоковање, и на Архелај, кој бил голем реформатор. Изработката на кралски парични изданија на Аргеадите продолжува во времето на Филип II (359-336), Александар III (336-323) и на Филип III Аридај (323-317). Заради бракот со Тесалоника, ќерка на Филип II, кон оваа династија се вклучени и изданијата на Касандар (319-297), припадник на Антипатридската династија.

Од политичко-историски аспект, постоењето на Пајонското Кралство е тесно поврзано со Македонското Кралство. И резултатите од направените анализи на достапните примероци вклучени во корпусот го покажуваат тоа. Имено, на територијата на Горна Македонија, во периодот од крајот на 6 век до првата половина на 3 век пр. Хр. паралелно биле употребувани парите на неколку одделни политички ентитети. Пописот на поединечните наоди со прецизно место на откривање овозможија да се издиференцираат границите на Пајонското Кралство и да се добие увид во географската дистрибуција на монетите на пајонските, како и на оние на македонските аргеадски кралеви.

Така, може да се забележи дека пред времето на Галската инвазија од 279 година пр. Хр., централна зона на употреба на пајонски монети е територија на Штипско-Радовишкиот до Демиркапискиот Регион. Со ова уште еднаш се потврдува дека територијата источно од Вардар (Аксиј), по сливот на

Брегалница (Астиб) била јадрото каде што се создала пајонската држава. При тоа Пајонија била најмоќна во време на Авдолеонт, што се потврдува со наоди на негови пари и на север во Скопско-Кумановскиот Регион. Во периодот по инвазијата на Галите, бронзеното монетоковање било единствено во оптек; употребата на овие изданија на пари е исклучително на локално ниво. Во времето на Леонт, територијата на Демир Капија сè уште била актуелна, додека пак при владеењето на Дропион, забележително е дека главната зона на циркулација е брегалничкиот и регионот на централното Повардарие. Доминираат наодите од околината на Кавадарци, најмногу од с. Дреново (ант. Аударист или Еурист), каде што веројатно постоел и ковнички центар.

Изданијата на кралевите од династијата на Аргеадите (Александар I - Филип III), вообичано се откриваат во јужните делови на Република Македонија. Нивната бројност е највисока во Гевгелиско-валандовскиот и во Битолско-прилепскиот регион, коишто влегувале во составот на Амфакситида и на Линкестида. Всушност, во овие области концентрацијата на македонските кралски пари ќе остане на највисоко ниво сè до самиот крај. Сепак, првите аргеадски кралеви, многу помалку се застапени со своите примероци, за разлика од последните кралеви на оваа династија. Имено, Филип Македонски успеал да ги обедини сите македонски кнежества во единствена држава, којашто неговиот син Александар ја направил најголемата и најмоќната Империја во светот, а со стекнатата политичка доминација, неговите тетрадрахми станале меѓународно платежно средство. Оттаму, нивните поединечни наоди во злато, сребро и во бронза позачестено се откриваат во споменатите региони; но, и во останатите делови на современа Македонија, во Охридско-преспанскиот, Скопско-кумановскиот, Штипскиот, Кратовскиот и во регионот на Средното Повардарие, каде што се значително поретки. Доминираат нивните наоди на бронзени пари откриени во Прилепскиот Регион, односно во горномакедонската област Пелагонија.

Регистрираните остави пак, откриени на територијата на Горна Македонија, кои содржат пајонски и македонски кралски монети, нудат некои нови сознанија, но и ги поткрпуваат некои од постоечките.

Оставите коишто содржат пајонски кралски монети, претставуваат навистина многу редок наод. Сепак регистрирани се неколку остави кои содржат вакви монети и кои по својот карактер се еднородни, односно во нив е застапен само еден владетел. Таква е оставата од регионот на Кавадарци,

помеѓу селата Возарци и Шивец, којашто содржи исклучиво изданија на Ликеј, а при тоа потекнува од автохтона пајонска територија.

Извршените анализи и добиените параметри покажуваат дека станува збор за монети кои се стилски мошне слични меѓу себе, издавани во последователни серии, во три типови. Тие се во многу добра, дури и во одлична состојба; тоа имплицира дека воопшто не биле пуштени во циркулација, туку биле депонирани веднаш по нивното производство. Многу е можно дека станувало збор за пари наменети за плаќање на одреден данок, веројатно на македонскиот крал Филип II, кому Пајонија му била подредена, како што покажуваат историските факти. Иконографијата, исто така оди во прилог на оваа претпоставка. Имено, на ситните деноминации, наменети за локална употреба, доминантна претстава е Аполон, т.е. најпочитуваниот бог, но и самиот крал или одредена животинска претстава; односно иконографија којашто е автохтона и им била добро позната на Пајонците. Кај тетрадрахмите, пак, како што веќе беше истакнато, иконографијата во која доминира ликот на Ѕевс, но и сцената на еден од херојските подвизи на Херакле, митскиот предок на Македонците, веројатно упатува и на постоење на релации со Македонија и кралот Филип II. Оттаму, и монетоковањето на Ликеј се чини дека било повеќе статусно, а неговата економска функција била недоволно развиена, за што говори и фактот дека малите номинали, наменети за локална употреба, се многу ретко застапени, што значи дека и нивната продукција веројатно била незначителна. Кај неговите наследници, пак, ситуцијата е спротивна; се чини дека локалната трговија била поразвиена, и нивните пари имале платежна функција, на што укажува значително поголемиот број на регистрирани примероци со ниска номинална вредност.

Кога станува збор за остави што содржат пајонски кралски монети, треба да се спомене познатата „пајонска остава", откриена во 1968 година (IGCH 410), веројатно во северниот дел на Република Македонија, но и оставата од село Режанци, во Перник, Бугарија (IGCH 411), во кои доминираат тетрадрахмите на Патрај. Пајонската остава е од мешан карактер и покрај тетрадрахите на Патрај (~1700-1800), содржела и тетрадрахми на Ликеј (13), а во неа имало и ~68 златни изданија на Филип II (23 животодобни и постхумни статери), Александар III (3 животодобни дистатери и 34 животодобни и постхумни статери ) и Филип Аридај (8 статери). Обете остави биле депонирани во истиот период, помеѓу

315 и 310 година пр. Хр.[252] На Балканот се регистрирани и други остави со сличен датум на закопување (330-275/50 г. пр. Хр.); тогаш, враќајќи се од источната кампања во своите матични територии, платениците и ветераните од војската на Александар Велики, со себе ги носеле стекнатите богатства и парите со кои биле исплатувани.[253] Меѓу нив имало Пајонци, Агријани, Тракијаци, Илири, Трибали, Одриси, Гети, Хелени. Во тој контекст треба да се споменат и оставите од с. Тополчани кај Прилеп, с. Нерзи, Скопје, и с. Тремник, Кавадарци, во кои се депонирани златни изданија, додека од с. Прилепец, Прилеп, с. Фурка, Дојран, с. Долно Егри, Битола, и од лок. Вардарски рид, Гевгелија, трезорирани се само сребрени примероци. Во овие депоа доминираат изданијата на Александар Велики или од негов тип. Во Република Македонија, но, и пошироко на територијата на географската област Македонија тие вообичаено се засолнети околу 280/279 година пр. Хр.,[254] во периодот на инвазијата на Галите, којашто би можела да е причината за сокривањето.

И депонирањето на оставата од с. Коловазник, Свети Николе се поврзува со налетот на Галите. Во неа доминираат изданијата на пајонскиот крал Авдолеонт (6), а има и примероци од Александар Велики (2) и од Лисиах (1). Нејзиниот состав и хронолошките одредници (**табела 5**) сугерираат дека монетите биле собирани во кус временски период, веројатно помеѓу са. 315 г. пр. Хр., почетната година на владеење на Авдолеонт и 281 година пр. Хр., годината кога починал Лисимах, која е и горната граница во која е кована неговата единствена тетрадрахма во оставата (са. 297-281 г. пр. Хр.). За разлика од монетите во оваа остава, во која доминираат високи вредности, кои очигледно биле собирани во период од околу 30 години и претставуваат лична заштеда, монетите во оставата од Градиште, кај с. Младо Нагоричане, Куманово, на автохтоната територија на Агријаните, веројатно преставуваат сума на пари, отсечени од циркулација. Имено, ова депо е единственото досега познато коешто содржи исклучиво изданија на Авдолеонт (13), кај кои, пак, доминираат ниските вредности (**графикон 15**), што индицира дека биле наменети за локална употреба, односно, уште еднаш се потврдува дека во

---

[252] Паунов 2005, 555-562, врз основа на датумот и сличниот состав, укажува дека постои веројатност да станува збор за два дела од иста остава откриена во с. Режанци, која била разделена по нејзиното откривање.

[253] Touratsoglou 1998, 71-101.

[254] Touratsoglou 1998, 72.

времето на Авдолеонт Агријаните биле приклучени во рамките на Пајонија. Секако, причината е повторно иста, како што е и времето на засолнување исто, т.е. са. 280/279 година пр. Хр.

Инаку, од агријанска териотрија е и споменатата остава од с. Нерези, Скопје, којашто содржи само златни изданија на последните тројца аргеадски кралеви. Агријаните во изворите се посведочени како македонски сојузници, уште од времето на Филип, а подоцна во време на Александар биле дел од неговата армија. Се чини дека овој мал трезор му припаѓал на некој од тие војници, но заради оскудните информации, нејасен ќе остане контекстот на откривање со прецизната локација и целосната содржина на депото, засолнето по 314/313 година пр. Хр., можеби и многу подоцна, како и останатите депоа во Маедонија са. 280/279 г. пр. Хр.

Периодот по инвазијата на Галите, во Македонското Кралство го означува стапувањето на новата династија на Антигонидите на македонскиот трон; во Пајонија пак, се заокружува владеењето на пајонската династија на кралеви, преку управата на Леонт и на Дропион. Тогаш и територијата на Кралството се намалила, но и неговата политичка и економска моќ, со што започнало постепеното исчезнување на Пајонското Кралство од историската сцена.

# V КАТАЛОГ

## Листа на јавни збирки и кратенки

| | |
|---|---|
| АММ | НУ Археолошки музеј на Македонија, Скопје |
| ЗМБ | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола |
| ЗМО | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид |
| Кол. Шелдаров | Колекција Шелдаров |
| МГК | Локален Музеј Галерија Кавадарци |
| МП | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп |
| МШ | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип |
| НБРМ | Народна банка на Република Македонија, Скопје – Музеј на Народната банка |
| НМВ | ЛУ Народен музеј – Велес |
| НУМГ | НУ Музеј - Гевгелија |
| НУС | Национална установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби |
| ОБ | Охридска банка АД Скопје, Скопје – Нумизматичка збирка |
| ФФС | Филозофски факултет, Скопје - Музејска збирка |

| | |
|---|---|
| **вл. кн.** | *влезна книга* |
| **г** | грам |
| **д.** | десно |
| **Д** | дијаметар |
| **инв. бр.** | инвентарен број |
| **л.** | лево |
| **Лит.** | литература |
| **мм** | милиметри |
| **мон.** | монограм |
| **О** | оска |
| **р. бр.** | реден број |
| **Т** | тежина |
| **тер. бр.** | теренски број |

# 1. Остави

## Период до 359 година пред Христа

### Остава од Неготино (?)

| Р. бр. | Т (г) Д(мм) О | Аверс // Реверс | Збирка | Референца (Лит.) | Публикуван |
|---|---|---|---|---|---|

**Пердика II (454 - 413)**

AR, *лесни тетроболи*

451/450 - 447/446 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | 1.80<br>13.8<br>10 | Коњ во од, надесно; врз линија; околу линеарен круг // Шлем со перјаница во линеарен квадрат, надесно; сето во вдлабнат квадрат. | НБРМ, 2002/6/4/2 | Raymond, 131-147. | Pavlovska 2006, бр. 1. |

AR, *тешки тетроболи*

445/444 - 438/437 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | 2.18<br>16.0<br>5 | Коњаник на коњ во од, надесно; носи каусија и хламида; со л. рака држи 2 копја, со д. уздите на коњот; врз линија; околу бордура од точки // Преден дел на лав, надесно; двете предни нозе видливи; работ на лавот е линија; сето во вдлабнат квадрат. | НБРМ, 2002/6/4/3 | Raymond, nos. 181 - 188 | Pavlovska 2006, бр. 2. |
| **3.** | 2.22<br>15.3<br>1 | Исто // Исто. | НБРМ, 2002/6/4/17 | Raymond, nos. 181 - 188 | Pavlovska 2006, бр. 3 |
| **4.** | 2,14<br>16<br>3 | Исто // Исто. | НБРМ, 2002/6/4/15 | Raymond, nos. 181 - 188 | Pavlovska 2006, бр. 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | 2.51 15.0 9 | Исто; кавсијата е спуштена на вратот // Исто. | НБРМ, 2002/6/4/10 | Raymond, nos. 177, 178, 180, 189-191. | Pavlovska 2006, бр. 5 |

445/444 - 438/437 или 437/436 - 434 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | 2.18 15.0 9 | Исто; на главата, кавсија // Исто; работ на лавот е точкест. | НБРМ, 2002/6/4/13 | Raymond, nos. 179, 193 / 195 - 96, 220, 227 | Pavlovska 2006, бр. 6 |

437/436 - 432/431 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7.** | 2.13 15.5 6 | Исто // Исто; работ на лавот е линија; горе врз лавот, кадукеј, надесно. | НБРМ, 2002/6/4/8 | Raymond, no. 203. | Pavlovska 2006, бр. 7 |
| **8.** | 2.22 15.0 3 | Исто; коњот отскокнува // Исто; без симбол. | НБРМ, 2002/6/4/7 | Raymond, nos. 218, 219, 229, 230, 233. | Pavlovska 2006, бр. 8 |
| **9.** | 2.12 15.0 3 | Исто; долу растение // Исто. | НБРМ, 2002/6/4/12 | Raymond, no. 212-13, 218-19, 229-230, 233. | Pavlovska 2006, бр. 9 |
| **10.** | 2.49 15.0 8 | Исто // Исто; горе, во д. агол, буква **П**. | НБРМ, 2002/6/4/14 | Raymond, no. 210. | Pavlovska 2006, бр. 10 |
| **11.** | 2.31 15.2 11 | Исто; без растение // Исто; работ на лавот е точкест; без симбол. | НБРМ, 2002/6/4/16 | Raymond, no. 197, 221-223, 225-226. | Pavlovska 2006, бр. 11 |

437/436 - 432/431 или 431/430 - 425/424 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **12.** | 2.22 14.9 12 | Исто // Исто; работ на лавот е линија. | НБРМ, 2002/6/4/4 | Raymond, nos. 208, 224, 231, 232 / 241 – 244. | Pavlovska 2006, бр. 12 |
| **13.** | 2.26 15.2 9 | Исто // Исто. | НБРМ, 2002/6/4/5 | Raymond, nos. 208, 224, 231, 232 / 241 – 244. | Pavlovska 2006, бр. 13 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **14.** | 2.03<br>14.9<br>6 | Исто // Исто. | НБРМ,<br>2002/6/4/6 | Raymond, nos. 208, 224, 231, 232 / 241 – 244. | Pavlovska 2006, бр. 14 |
| **15.** | 2.03<br>15.7<br>3 | Исто // Исто. | НБРМ,<br>2002/6/4/9 | Raymond, nos. 208, 224, 231, 232 / 241 – 244. | Pavlovska 2006, бр. 15 |
| **16.** | 2.32<br>15.9<br>5 | Исто // Исто; горе во л. агол, кадукej, надесно. | НБРМ,<br>2002/6/4/11 | Raymond, no. 215 / no. 234. | Pavlovska 2006, бр. 16 |

**Халкидичка лига (433/432 – 348)**

AR, *тетроболи*

Олинт, 432/431 – ca. 430 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **17.** | 2,29<br>15<br>1 | Глава на Аполон со лавров венец, надесно; бордура од точки //<br>X-A-Λ / KI[Δ] / [E]ΩN, околу лира; сето во вдлабнат квадрат. | НБРМ,<br>2002/6/4/1 | SNG Cop., 235. | Pavlovska 2006, бр. 17 |

Олинт, ca. 427 – ca. 421 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **18.** | 1,98<br>16<br>7 | Исто; во полето д. Δ //<br>X-A-Λ / KIΔ / EΩN, околу лира; во линеарен квадрат, сето во вдлабнат квадрат. | НБРМ,<br>2002/6/4/18 | SNG Cop., 236, 237. | Pavlovska 2006, бр. 18 |
| **19.** | 2,14<br>14<br>5 | Исто //<br>X-A-Λ / KIΔ / EΩN, Исто. | НБРМ,<br>2002/6/4/19 | SNG Cop., 236, 237. | Pavlovska 2006, бр. 19 |

**Акант**

AR, тетроболи, 424 – 380 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **20.** | 2,28<br>15 | Преден дел од бик, налево; клечи на | НБРМ,<br>2002/6/4/20 | SNG Cop., 16-18 (вар.). | Pavlovska 2006, бр. 20 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | едната нога; главата свртена назад; бордура од точки // Плиток вдлабнат квадрат, поделен на четири дела; гранулиран. | | | |
| **21.** | 2,39 15,1 | Исто // Исто. | 2002/6/4/21 | SNG Cop., 16-18 (вар.). | Pavlovska 2006, бр. 21 |

**Остава од Штипско**

| Р. бр. | Т (г) Д(мм) О | Аверс // Реверс | Збирка | Референца (Лит.) | Публикуван |
|---|---|---|---|---|---|

**Пердика II (454 - 413)**

AR, *лесни тетроболи*

451/450 - 447/446 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | 1.70 13.0 1 | Коњ во од, надесно; врз линија; околу линеарен круг // Шлем со перјаница во линеарен квадрат, надесно; сето во вдлабнат квадрат. | НБРМ, 2003/2/13/2 | Raymond, 131-147. | |

446/445-438/437 г. пр. Хр
.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | 1.82 13.0 6 | Исто; врз линија (?) // Исто; во двоен линеарен квадрат; сето во вдлабнат квадрат. | НБРМ, 2003/2/13/1 | Raymond, no. 148-161. | |

AR, *тешки тетроболи*

437/436 - 432/431 или 431/430 - 425/424 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | 2.25 16.0 10 | Коњаник на коњ во пропинање, надесно; носи каусија и хламида; во л. рака држи 2 копја, во д. уздите од коњот; врз линија; околу бордура од точки // Преден дел од лав, надесно, двете предни нозе видливи; работ на лавот е линија; горе во л. агол кадукеј, надесно; во вдлабнат квадрат. | НБРМ, 2003/2/13/3 | Raymond, no. 215 или 234. | |
| **4.** | 2.22 15.4 1 | Исто; врз линија (?) // Исто. | НБРМ, 2003/2/13/4 | Raymond, no. 215 или 234. | |

## Халкидичка лига (433/432 – 348)

AR, *тетроболи*, Олинт, 432-348 ? г. пр. Хр.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | 1.96<br>14.0<br>11 | Глава на Аполон со лавров венец, налево; околу бордура од точки // X – A – Λ / KIΔ / [E] / ΩN; лира; сето во вдлабнат квадрат. | НБРМ, 2003/2/13/6 | BMC Mac., 68, no. 15 (вар.). |
| **6.** | 2.12<br>13.4<br>5 | Исто; без бордура // X – A – Λ / KI[Δ] / [E]ΩN; лира. | НБРМ, 2003/2/13/5 | BMC Mac., 68, no. 20; SNG Milano, no. 560. |

## Акант

AR, *тетроболи*, 424-380 ? г. пр. Хр.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | 2.12<br>14.8<br>- | Преден дел од бик, налево, клекнат со едната нога, главата свртена назад; горе **A**; околу бордура од точки //<br>Плиток вдлабнат квадрат поделен 4 делови. | НБРМ, 2003/2/13/9 | SNG Cop., no. 16 |
| **8.** | 2.18<br>15.9<br>- | Исто //<br>Исто; квадратот е гранулиран. | НБРМ, 2003/2/13/11 | SNG Cop., no. 16 |
| **9.** | 2.09<br>16.0<br>- | Исто; горе **свастика** //<br>Исто. | НБРМ, 2003/2/13/7 | SNG Cop., no. 17 |
| **10.** | 2.20<br>17.0<br>- | Исто; горе **маслиново гранче** и **свастика** //<br>Исто. | НБРМ, 2003/2/13/10 | SNG Cop., no. 18 |
| **11.** | 2.43<br>17.0<br>- | Исто; **горе A и сватика** // Исто; без гранулирање. | НБРМ, 2003/2/13/8 | SNGCop., no. 19 |

# Период од 359 до 280 година пред Христа

## Остави со злато

### Остава од с. Нерези, Скопје

| Р. бр. | Т (г) Д(мм) О | Аверс // Реверс | Збирка | Референца (Лит.) | Публикуван |
|---|---|---|---|---|---|

**Филип II (359 - 336)**

AV, *статер*, Пела, ca. 323/322 - ca. 315 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | 8.56<br>19.0<br>3 | Глава на Аполон со лавров венец, надесно // [Φ]ΙΛΙΠΠΟΥ (во отсечокот); маж управува бига, надесно; **долу бојотски штит**; горе змија. | НБРМ, 2004/1/1/1 | Le Rider, Pl. 72, no. 600-602. | |

**Александар III (336 - 323)**

AV, *статери*

Абид (?) (Троада), 323 - 317 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | 8.56<br>19.0<br>3 | Глава на Атена со коринтски шлем украсен со змија; надесно // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Нике стои, налево; во д. рака држи венец; во полето **л. мон. МН** и **пентаграм**; **долу л**. под крилото **змија**. | НБРМ, 2004/1/2/1 | Price, 1523 | |

Сиде (?) (Памфилија), ca. 325 - ca. 320 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | 8.53<br>17.0<br>2 | Исто // ΒΑ-ΣΙΛΕΩΣ / ΑΛΕΞΑΝΔΡ[ΟΥ]; Исто; долу **л**. под крилото **ΦΙ, ΛΣ**. | НБРМ, 2004/1/4/1 | Price, 2959 | |

Сидон (Фојникија), 314/313 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | 8.61<br>17.5<br>11 | Исто; шлемот украсен со грифон (?) //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡ[ΟΥ];<br>Исто; во полето **л. Υ.** | НБРМ,<br>2004/1/3/1 | Price, 3507 | |

## **Филип III Аридај (323 - 317)**

AV, *статери*

Сарди, (Лидија), ca. 323 - ca. 319 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | 8.49<br>17.0<br>12 | Глава на Атена со коринтски шлем украсен со змија, надесно //<br>ΦΙΛΙΠΠΟ[Υ];<br>Нике оди, налево; во д. рака венец; во полето **л. ΤΙ**; **долу д**. под крилото, **ѕвезда**. | НБРМ,<br>2004/1/5/1 | Price, P85 | фролова |

Бабилон (Бабилонија), ca. 323 - ca. 317 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | 8.52<br>19.0<br>11 | Исто //<br>Β-ΑΣΙΛΕΩΣ /<br>[ΦΙ]ΛΙΠΠΟΥ;<br>Исто; **долу л**. под крилото, **ΛΥ**. | НБРМ,<br>2004/1/6/1 | Price, P178. | фролова |

**Остава од лок. Орманков гроб, с. Тремник, Неготино**

| Р. бр. | Т (г)<br>Д(мм)<br>О | Аверс // Реверс | Збирка | Референца (Лит.) | Публикуван |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Филип II (359-336)** | | | |
| | | AV, *статер*, Амфипол (Македонија), 323/322 - 315 г. пр. Хр. | | | |
| **1.** | 8,56<br>19,0<br>3 | Глава на Аполон со лавров венец, надесно // ΦΙΛΙΠΠ•Υ (во отсечокот); кочијаш управува бига, надесно; **долу кантарос**; горе змија. | МГК | Le Rider, Pl. 82, nos. 253-256. | Ангеловски 2009, стр. 213-220 |
| | | **Александар Велики (336-323)** | | | |
| | | AV, *статер*, Арад (Фојникија), ca. 328 - ca. 320 г. пр. Хр. | | | |
| **2.** | 8,60<br>18,0<br>- | Глава на Атена со коринтски шлем украсен со змија, надесно; во полето л. Σ // ΒΑ-ΣΙΛΕΩΣ / ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Нике стои, налево; во д. рака држи венец; долу **л**. под крилото **АР**. | МГК | Price, 3315. | Ангеловски 2009, стр. 213-220 |

## Остави со сребро

### 1. Остава од с. Прилепец, Прилеп (*IGCH* 448)

| Р. бр. | Т (г)<br>Д(мм)<br>О | Аверс // Реверс | Збирка | Референца (Лит.) | Публикуван |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Александар Велики (336 - 323)** | | | |
| | | AR, *тетрадрахми* | | | |
| | | Македонија (Амфипол ?), 336 - ca. 323 г. пр. Хр. | | | |
| **1.** | 17,00<br>--<br>2 | Глава на Херакле со лавовска кожа, надесно; околу бордура од точки // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Ѕевс седи на трон, налево; во д. рака држи орел, во л. скептар; во полето **л. грозд**; околу бордура од точки. | АММ, инв. 26 | Price, 29 | Vučković – Todorović 1958, бр. 1. |
| **2.** | 17,00<br>--<br>9 | Исто // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Исто; во полето **л. кантарос**. | АММ, | Price, 12 | Vučković – Todorović 1958, бр. 2. |
| **3.** | 16,9<br>--<br>4 | Исто // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Исто; во полето **л. букраниј**. | АММ, | Price, 93. | Vučković – Todorović 1958, бр. 3. |
| **4.** | 17,00<br>--<br>6 | Исто // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Исто; во полето **л. стерна**. | АММ, | Price, 5. | Vučković – Todorović 1958, бр. 90. |
| | | Македонија (Амфипол ?), ca. 323 – ca. 320 г. пр. Хр. | | | |
| **5.** | 16,7<br>--<br>5 | Исто // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Исто; во полето **л. Атена Промахос**. | АММ, | Price, 105 | Vučković – Todorović 1958, бр. 4. |
| **6.** | 16,82<br>26,44<br>12 | Исто // ΒΑΣΙ-ΛΕΩΣ ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Исто; во полето **л. рог на изобилието.** | АММ, инв. 30 | Price, 108a | Vučković – Todorović 1958, бр. 5. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7.** | 16,52<br>26,56<br>2 | Исто //<br>ΒΑΣΙΛΕΩΣ<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**фригиски шлем**. | АММ,<br>инв. 31 | Price, 112 | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 6. |
| **8.** | 16,77<br>27,12<br>9 | Исто //<br>ΒΑΣΙΛΕΩΣ<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>мон. **ПАо**. | АММ,<br>инв. 32 | Price, 121. | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 7. |
| **9.** | 17,00<br>--<br>1 | Исто //<br>ΒΑΣΙ-ΛΕΩΣ<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**лаврово гранче**. | АММ, | Price, 117. | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 94. |
| **10.** | 16,8<br>--<br>11 | Исто //<br>ΒΑΣΙ-ΛΕΩΣ<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**лилјан ?**. | АММ, | Price, 117<br>(вар.). | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 95. |

Македонија (Амфипол ?), са. 320 – са. 317 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **11.** | 17,00<br>--<br>8 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**венец**; под **тронот**<br>мон. ⊡. | АММ, | Price, 132. | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 92. |
| **12.** | 16,79<br>25,58<br>11 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**делфин**; под<br>**тронот** мон. ⊡. | АММ, инв.<br>33 | Price, 133. | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 8 |
| **13.** | 16,70<br>26,52<br>12 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**делфин**; под<br>**тронот** мон. ⊡. | АММ, инв.<br>34 | Price, 133. | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 9 |
| **14.** | 17,05<br>25,2<br>3 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**аплустер**; под<br>**тронот** мон. ⊡. | АММ, инв.<br>37 | Price, 129 | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 10 |
| **15.** | 16,71<br>25,4<br>11 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**аплустер**; под<br>**тронот** мон. ⊡. | АММ, инв.<br>36 | Price, 129 | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 11 |
| **16.** | 16,48 | Исто // | АММ, инв. | Price, 129 | Vučković – |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 24,82<br>5 | ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**аплустер**; под<br>**тронот** мон. ⊡. | 35 | | Todorović<br>1958, бр. 12 |

Амфипол (Македонија), ca. 320 – ca. 315 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **17.** | 17,3<br>--<br>1 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **букраниј**; под<br>**тронот**, **Ε**. | АММ, | Price, 432. | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 79. |
| **18.** | 16,9<br>--<br>9 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **букраниј**; под<br>**тронот**, **Ε**. | АММ, | Price, 432. | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 80. |
| **19.** | 16,9<br>--<br>11 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **букраниј**; под<br>**тронот**, **Ε**. | АММ, | Price, 432. | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 81. |
| **20.** | 16,9<br>--<br>1 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **букраниј**; под<br>**тронот**, ΗΓ. | АММ, | Price, 430. | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 82. |
| **21.** | 17,1<br>--<br>1 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ**, **Τ** и **букраниј**;<br>под **тронот**, ΗΓ. | АММ, | Price, 430<br>(вар.) | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 83. |

Амфипол (Македонија), ca. 315 – ca. 294 г. пр. Хр.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **22.** | 17,18<br>25,03<br>11 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **факел**; под<br>**тронот кантарос**. | АММ,<br>инв. 42 | Price, 468. | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 13 |
| **23.** | 17,11<br>26,30<br>2 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **факел**; под<br>**тронот кантарос**. | АММ,<br>инв. 43 | Price, 468. | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 14 |
| **24.** | 17,24<br>28,29<br>2 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **факел**; под | АММ,<br>инв. 38 | Price, 468. | Vučković –<br>Todorović<br>1958, бр. 15 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **тронот кантарос**. | | | |
| **25.** | 17,16<br>27,46<br>5 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **факел**; под<br>**тронот кантарос**. | АММ,<br>инв. 39 | Price, 468. | Vučković – Todorović 1958, бр. 16 |
| **26.** | 17,11<br>26,3<br>5 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **факел**; под<br>**тронот ѕвезда**. | АММ,<br>инв. 41 | Price, 474. | Vučković – Todorović 1958, бр. 17. |
| **27.** | 17,16<br>25,76<br>11 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **факел**; под<br>**тронот ѕвезда**. | АММ,<br>инв. 40 | Price, 474. | Vučković – Todorović 1958, бр. 18. |
| **28.** | 17,00<br>--<br>2 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **факел**. | АММ, | Price, 443 | Vučković – Todorović 1958, бр. 61. |
| **29.** | 17,1<br>--<br>2 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **факел**; под<br>тронот, мон. Ѐ. | АММ, | Price, 465 | Vučković – Todorović 1958, бр. 62. |
| **30.** | 17,00<br>--<br>4 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **факел**; под<br>тронот, мон. Ѐ. | АММ, | Price, 465 | Vučković – Todorović 1958, бр. 63. |
| **31.** | 17,3<br>--<br>3 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **факел**; под<br>тронот, мон. Ѐ. | АММ, | Price, 465 | Vučković – Todorović 1958, бр. 64. |
| **32.** | 17,2<br>--<br>10 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **факел**; под<br>тронот, мон. **МНГ**. | АММ, | Price, 447. | Vučković – Todorović 1958, бр. 65. |
| **33.** | 17,1<br>--<br>9 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л.**<br>**Λ** и **факел**; под<br>тронот, мон. **МНГ**. | АММ, | Price, 447. | Vučković – Todorović 1958, бр. 66. |
| **34.** | 17,6<br>-- | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; | АММ, | Price, 447. | Vučković – Todorović |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 9 | Исто; во полето **л. Λ** и **факел**; под тронот, мон. **МНГ.** | | | 1958, бр. 67. |
| **35.** | 16,5<br>--<br>1 | Исто // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Исто; во полето **л. Λ** и **факел**; под тронот, мон. **МНГ.** | AMM, | Price, 447. | Vučković – Todorović 1958, бр. 68. |
| **36.** | 17,1<br>--<br>6 | Исто // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Исто; во полето **л. Λ** и **факел**; под тронот, мон. **ΔI**. | AMM, | Price, 495 | Vučković – Todorović 1958, бр. 69. |
| **37.** | 17,1<br>--<br>3 | Исто // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Исто; во полето **л. Λ** и **факел**; под тронот, мон. **О•Е**; без бордура. | AMM, | Price, 463. | Vučković – Todorović 1958, бр. 70. |
| **38.** | 17,1<br>--<br>7 | Исто // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Исто; во полето **л. Λ** и **факел**; под тронот, мон. **О•Е.** | AMM, | Price, 463. | Vučković – Todorović 1958, бр. 71. |
| **39.** | 17,1<br>--<br>12 | Исто // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Исто; во полето **л. Λ** и **факел**; под тронот, мон. **О•Е.** | AMM, | Price, 463. | Vučković – Todorović 1958, бр. 72. |
| **40.** | 17,00<br>--<br>10 | Исто // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Исто; во полето **л. Λ** и **факел**; под **тронот**, мон. **IYI**; околу бордура од точки. | AMM, | Price, 455 (вар) | Vučković – Todorović 1958, бр. 73. |
| **41.** | 17,1<br>--<br>8 | Исто // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Исто; во полето **л. Λ** и **факел**; под **тронот**, **месечев срп** врз **ѕвезда.** | AMM, | Price, 478. | Vučković – Todorović 1958, бр. 74 |
| **42.** | 17,20<br>27,67<br>5 | Исто // ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ; Исто; во полето **л. Λ** и **факел**; под **тронот**, **ѕвезда** и I. | AMM, инв. 100 | Price, 479. | Vučković – Todorović 1958, бр. 75. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **43.** | 16,7<br>--<br>3 | Исто //<br>ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ;<br>Исто; во полето **л. Λ** и **факел**; под **тронот**, **ѕвезда** и **М.** | АММ, | Price, 480. | Vučković – Todorović 1958, бр. 76. |
